март 2024 година

# ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСКИОТ СЕКТОР

ажурирано издание

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

develoPPP
Where business meets development.

TIKVEŠ

Wines of MACEDONIA
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Издавач

Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

Регистрирани канцеларии

Бон и Ешборн, Сојузна Република Германија

developPP програма на Германската Развојна Соработка, спроведена од ГИЗ

Ул. Антоние Грубишиќ 5 1000 Скопје, Северна Македонија
Телефон +389 2 3103 588

www.giz.de

Уредник | Александра Мартиновска Стојческа

Автори | Драган Ѓошевски
Драги Димитриевски
Александра Мартиновска Стојческа
Ана Котевска

Дизајн | Кристина Јорданова

Печатење | Polyesterday

Фотографии | Винарија Тиквеш, Кавадарци,
Здружението „Вина од Македонија“

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот Воведување на географски индикации за вино во Република Северна Македонија, финансиран од Сојузното Министерство за економска соработка и развој на Германија (BMZ) во рамките на develoPPP програма на Германската Развојна Соработка, спроведена од ГИЗ, во соработка со АД Тиквеш и Вина на Македонија. Содржината на оваа книга го одразува личното мислење, искуство и гледишта на авторот и не ги одразува мислењата или политиките за уредување на Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH.

Сите права се задржани.

Ниту еден дел од оваа книга не смее да се репродуцира или да се пренесува во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучително и фотокопирање, снимање или со кој било систем за чување и пронаоѓање информации, без писмена дозвола од издавачот, освен за давање куси цитати во критички осврт.



# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД 8

Позадина и контекст 8

Цел на студијата 10

2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП И ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ 11

3. ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 12

3.1. Производство на грозје 12

3.2. Откуп на винско грозје и производство на вино 16

3.3. Финансиска анализа во лозарството и винарството 18

3.3.1. Лозарско производство 18

3.3.2. Производство на вино од грозје 19

3.3.3. Компаративна финансиска анализа на лозарството и винарството 21

4. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНСКИОТ СЕКТОР СО АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО 22

Национална Стратегија за развој на лозарството и винарството за периодот 2023-2033 година 24

4.1. Програма за финансиска поддршка на земјоделството 26

Новини во буџетските поддршки 26

4.1.1. Наменски мерки за лозарството и винарството 27

4.1.2. Вкупна директна поддршка на лозарството и винарството 30

4.1.3. Други мерки за поддршка според Програмата за финансиска поддршка на земјоделството 31

4.2. Програма за финансиска поддршка на руралниот развој 33

4.2.1. Зголемување на конкурентноста 33

4.2.2. Мерки за техничка поддршка 38

4.2.3 Останати мерки во програмата 40

4.3. Други програми за финансиска поддршка на земјоделството 43

4.3.1 Број на апликанти, пријавена површина и исплати на субвенциите 45

4.4. Контролни механизми при доделувањето на субвенции 52

4.4.1. Извршени контроли на самото место по поднесени барања од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството 53

**4.5. Инструмент за претпристапна помош за рурален развој - ИПАРД програма 59**

4.5.1. ИПАРД 2 (2014-2020) 59
4.5.2. ИПАРД 3 (2021-2027) 65

**4.6. Анализа на поддРшката во однос на структурните показатели 67**

**5. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНСКИОТ СЕКТОР ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ И ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА 70**

**5.1. Мерки за поддршка на лозарството и винарството во земјите од Западен Балкан 70**

5.1.1. Политики за поддршка на земјоделството и руралниот развој во земјите од Западен Балкан 70
5.1.2. Буџет и мерки за поддршка на лозарството и винарството во земјите од Западен Балкан 72

**5.2. Поддршка на лозарството и винарството во Европската Унија 75**

5.2.1. Лозарството и винарството во ЕУ 75
5.2.2. Политиките во лозарството и винарството во ЕУ државите 76
5.2.3. Мерки на поддршка на лозарството и винарството во Европската унија 77
5.2.4. Други мерки за поддршка на лозарството и винарството во Европската Унија 81
5.2.5. Лозарството и винарството во новата ЗЗП на ЕУ 81
Новини во лозаро-винарскиот сектор 83

**6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 85**

**7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 89**

**8. ПРИЛОЗИ 91**

ПРИЛОГ 1. Статистички податоци за лозарството и винарството 91
ПРИЛОГ 2. Класификација на дејности 93
ПРИЛОГ 3. Компаративна анализа на финансискиот резултат во лозарството и винарството 96
ПРИЛОГ 4. Планирани износи на поддршка, измени и дополнувања во Програмите за финансиска поддршка 98
ПРИЛОГ 5. Преглед на апликациите за директни плаќања 2016-2021 година 103
ПРИЛОГ 6. Идни насоки и интервенции во производството на винско грозје и вино 109

## ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ

Табела 1. Површини под лозје и производство на грозје во периодот 2016-2022 година ............................... 13
Табела 2. Број на земјоделски стопанства според категориите на користеното земјоделско земјиште и

според специјализацијата, по региони во 2016 година ........ 15
Табела 3. Вредност и количество на откупот на грозје, вино и други алкохолни пијалаци ........ 16
Табела 4. Број на субјекти за одгледување на грозје во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на крајот од годината ........ 18
Табела 5. Вкупни приходи, вкупни расходи и вкупен број на вработени во дејноста одгледување на грозје од регистерот на годишни сметки (во денари) ........ 19
Табела 6. Број на субјекти за производство на вино од грозје во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на крајот од годината ........ 20
Табела 7. Вкупни приходи, вкупни расходи и вкупен број на вработени во дејноста производство на вино од грозје од регистерот на годишни сметки (во денари) ........ 20
Табела 8: Индикативна финансика рамка за поддршка на земјоделството и руралниот развој за период 2023-2027 година ........ 23
Табела 9. Учество на буџетот за растително производство во вкупен буџет на програмата ........ 26
Табела 10. Директни плаќања (ДП) за лозарството и винарството ........ 28
Табела 11. Реализирани буџетски трансфери за лозарството (милиони денари) и учество во вкупната директна поддршка во земјоделството (%) ........ 31
Табела 12. Други мерки за поддршка според програмата за финансиска поддршка на земјоделството ........ 32
Табела 13. Знаење и вештини (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.) ........ 34
Табела 14. Поттикнување на земјоделска дејност (планиран буџет по години и исплатено до 2023 ........ 35
Табела 15. Модернизација (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.) ........ 36
Табела 16. Соработка (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.) ........ 38
Табела 17. Технички мерки за поддршка на развојот на земјоделството и руралниот развој (планиран буџет по години, милиони денари) ........ 39
Табела 18. Компензација (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил.ден.) ........ 40
Табела 19. Биодиверзитет (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.) ........ 41
Табела 20. Група мерки за подобрување на квалитетот на живот (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.) ........ 42
Табела 21. Група мерки за подобрување на квалитетот на живот (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден. ........ 42
Табела 22. Програми во МЗШВ за поддршка на земјоделскиот сектор (првичен износ, мил. ден.) ........ 44
Табела 23. Број на баратели и површини со лозов насад 2016-2022 (пријавени по мерката за одржување на површини со лозови насади) ........ 45
Табела 24. Број на апликанти, површина и исплати по територијални единици за 2016 година ........ 49
Табела 25. Број на апликанти, површина и исплати по територијални единици за 2021 година ........ 50
Табела 26. Број на апликанти, површина и исплати по територијални единици за 2022 година ........ 51
Табела 27. Број на апликанти и површини со лозов насад 2019-2022 (пријавени по мерката за мали земјоделски стопанства) ........ 52
Табела 28. Број и учество на барања според методот на екстракција и начинот на контрола во 2020 ........ 53
Табела 29. Број на контроли со далечински методи (сателитски снимки) во 2020 година ........ 54
Табела 30. Преглед на констатирани разлики во површина по ПФПЗ 2020 година (хектари) ........ 54
Табела 31. Број и учество на барања според методот на екстракција и начинот на контрола во 2021 ........ 55
Табела 32. Број на контроли со далечински методи (сателитски снимки) во 2021 година ........ 56
Табела 33. Преглед на констатирани разлики во површина по ПФПЗ 2021 година (хектари) ........ 56
Табела 34. Број и учество на барања според методот на екстракција и начинот на контрола во 2022 ........ 57
Табела 35. Број на контроли со далечински методи (сателитски снимки) во 2022 година ........ 57

Табела 36. Преглед на спроведувањето на ИПАРД по јавни повици до крај на 2021 година ........................ 60
Табела 37. Преглед на барања за Мерка 1 по приоритетен сектор ........................ 61
Табела 38. Преглед на барања за Мерка 3 по приоритетен сектор ........................ 62
Табела 39. Преглед на барања за Мерка 7 по приоритетен сектор ........................ 64
Табела 40. Преглед на поддршката во однос на одредени показатели ........................ 68
Табела 41. Вкупна буџетска поддршка на производителите на грозје (милиони евра) ........................ 72
Табела 42. Директни плаќања за лозарството и винарството и субвенции во земјите од Западен Балкан ........................ 73
Табела 43. Годишни буџетски ограничувања за националните програми за поддршка на секторот лозарство ........................ 80
Табела 44. Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по години ........................ 91
Табела 45. Површини под лозје и производство на грозје во 2022 година, по општини ........................ 91
Табела 46. Компаративна анализа на финансискиот резултат во лозарството и винарството ........................ 96
Табела 47. Планиран износ на поддршка и измени во Програмите за финансиска поддршка на земјоделството за 2017-2024 година, денари ........................ 98
Табела 48. Планиран износ на поддршка и измени во Програма за финансиска поддршка за рурален развој, 2017-2024 година, милиони денари ........................ 100
Табела 49. Број на апликанти и пријавена површина по територијални единици за 2016 година ........................ 103
Табела 50. Број на апликанти и пријавена површина по територијални единици за 2021 година ........................ 104
Табела 51. Број на апликанти и пријавена површина по територијални единици за 2022 година ........................ 105
Табела 52. Број на апликанти и исплати по територијални единици за 2016 година ........................ 106
Табела 53. Број на апликанти и пријавена површина по територијални единици за 2021 година ........................ 107
Табела 54. Број на апликанти и пријавена површина по територијални единици за 2022 година ........................ 108

## ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ

Слика 1. Учество на поедните потсектори во вредноста на растителното производство, во просек за периодот 2015-2020 и за 2021 година ........................ 12
Слика 2. Родна површина под лозови насади во хектари ........................ 13
Слика 3. Родна површина под лозови насади и производство на грозје по општини во 2022 година ........................ 14
Слика 4. Мапа на производството на грозје по општини во 2022 година ........................ 14
Слика 5. Извоз на грозје и вино, во вредност и обем ........................ 17
Слика 6. Вкупна буџетска поддршка на производителите на грозје (мил. ден., 2017-2022 год.) ........................ 31
Слика 7. Процент на исплатени субвенции според големина на површина ........................ 46
Слика 8. Концентрација на површината наспроти бројот на апликанти ........................ 47
Слика 9. Концентрација на исплатите наспроти бројот на апликанти ........................ 48
Слика 10. Спроведување на Мерка 1 со преглед на барања по тип на инвестиции ........................ 62
Слика 11. Спроведување на Мерка 3 со преглед на барања по тип на инвестиции ........................ 63
Слика 12. Спроведување на Мерка 7 со преглед на барања по тип на инвестиции ........................ 64
Слика 13. Вкупна буџетска поддршка на земоделството и руралниот развој во земјите на Западен Балкан (по столбови според АПМ, мил. евра, просек за 2017-18, 2019-20 и 2021-22 год.) ........................ 71
Слика 14. Вкупна буџетска поддршка на земјоделството и руралниот развој во земјите на Западен Балкан по хектар земјоделска површина за 2022 година (во евра) ........................ 71
Слика 15. Вкупна буџетска поддршка на земјоделството и руралниот развој во земјите на Западен Балкан по жител за 2022 година (во евра) ........................ 72



# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АФПЗРР** | Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ДП** | Директни плаќања |
| **ЗЗП** | Заедничка земјоделска политика (CAP – Common Agricultural Policy) |
| **ИПАРД** | Инструмент за претпристапна помош (ИПА) во делот на руралниот развој (IPARD – Instrument for Pre-Accession Assistance for Rural Development) |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **НПАРД** | Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој |
| **НСЗРР** | Национална стратегија за земјоделство и рурален развој |
| **ПФПЗ** | Програма за финансиска поддршка на земјоделството |
| **ПФПРР** | Програма за финансиска поддршка на руралниот развој |
| **ФАДН** | Сметководствена мрежа на податоци од земјоделските стопанства (FADN – Farm Accountancy Data Network) |
| **ЦРРСМ** | Централен регистер на Република Северна Македонија |
| **GI** | Geographical indication (spirit drinks) - Географска ознака (жестоки пијалаци) |
| **OIV** | International Organisation of Vine and Wine - Меѓународна организација за грозје и вино |
| **PDO** | Protected designation of origin (food and wine) - Заштитена ознака на потекло (храна и вино) |
| **PGI** | Protected geographical indication (food and wine) - Заштитена географска ознака (храна и вино) |



# 1. ВОВЕД

## ПОЗАДИНА И КОНТЕКСТ



Деловните субјекти и развојните организации имаат заеднички интерес во обликувањето на политичките, правните, социјалните, еколошките и економските услови кои го промовираат развојот во земјите во развој и економиите во развој. Имајќи го ова предвид, германското сојузно Министерство за економска соработка и развој (BMZ) ја формираше програмата develoPPP.de, која ја поддржува соработката помеѓу приватниот сектор и развојните организации за нивна заедничка корист.

Програмата е насочена кон компаниите кои инвестираат во земјите и економиите во развој преку развојни партнерства и кои сакаат да ја направат одржлива својата корпоративна посветеност. Со комбинирање на иновативниот капацитет и капитал на приватниот сектор, знаењето и искуството од развојната соработка, се создаваат нови можности за генерирање позитивен поттик за развој во земјите-партнери.

Во таа насока, винарската визба Тиквеш АД Кавадарци и Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) со заеднички сили го спроведуваат проектот: „Географска ознака за производство на вино во Република Северна Македонија" со цел зајакнување на техничкиот и организациски капацитет на винскиот сектор за воспоставување на функционален систем за географска индикација во Република Северна Македонија.

Генерално, проектот треба да овозможи одржлива винска индустрија и севкупен развој на лозарството и винарството, опфаќајќи ги следните специфични цели:

- Развој и имплементација на стандарди за лозарството и винарството
- Подобрување на меѓуинституционалната соработка
- Усогласување на законската рамка и стратешкиот пристап за производство на грозје и вино

Проектот работи на развој на мрежи и партнерства помеѓу лозарите и производителите на вино, како и јавните институции и иницира соработка за отворање нови можности за интегриран развој на пазарот, истражување, проширување и регулаторни активности преку развивање стандарди за производство на грозје и вино, како и спроведувањето на ознаката за потекло на виното. Се очекува проектот да обезбеди одржлив економски развој и развој на земјоделството со фокус на винската индустрија, како и да ги трасира патот кон развој на брендирани производи препознатливи на домашниот, регионалниот и меѓународниот пазар.





Еден од проблемите во лозарството и винарството потекнува од тоа што лозарите користат несовремени техники, со цел да постигнат максимален принос, но недостасува квалитет кој им е потребен на винариите. Следствено, винариите не се подготвени да платат висока цена за грозјето со послаб квалитет, што создава значително незадоволство кај двете страни.

Имајќи предвид дека стандардите за производство како и стандардите за квалитет на грозјето сѐ уште не се дефинирани, а недостигаат капацитети и знаења за користење на современи технологии и иновативни методи, неопходни за зголемување на ефикасноста во производството на квалитетно грозје како предуслов за производството на квалитетно вино како прв неопходен чекор во воспоставувањето на систем na географски ознаки, проектот предвидува развој на стандарди за управување со лозови насади, производство на вино и управување со отпад и вода.

Затоа, проектот треба да придонесе за надминување на еден од главните проблеми во винскиот сектор – стандардизиран и постојан квалитет на грозјето и виното – преку поставување правила, стандарди и контролни механизми во винската индустрија со цел да се произведе поквалитетно флаширано вино кое ќе бидат меѓународно признати.

Се очекува дека проектот ќе придонесе за решавање на постојаните проблеми и конфликти меѓу винариите и лозарите кои се присутни секоја година во периодот на берба на грозје. Долгорочно, овој проект ќе послужи за надминување на несразмерната понуда и побарувачка на грозје, елиминирање на незадоволството и воспоставување ефикасен систем за буџетска поддршка што ќе доведе до подобрување на конкурентноста на лозарството и винарството.

Проектот, исто така, ќе обезбеди поддршка за создавање рамка за развој на функционален систем на географски ознаки за вино целосно усогласен со Политиката за квалитет на ЕУ за вино, што ќе им овозможи на винските региони и на земјата да стекнат репутација на висококвалитетен производител на вино.



# ЦЕЛ НА СТУДИЈАТА

Целта на оваа студија е да се изврши анализа на поддршката и да се процени влијанието на субвенциите и другите буџетски трансфери во лозарството и винарството, со препораки за подобрен систем кој би обезбедил порамномерен пристап за поттикнување на производителите на грозје. Студијата се одвиваше во две фази – првата фаза се заокружи во текот на 2022 година, а втората фаза во 2024 година, со ажурирање на податоците и надополнување на новите аспекти на земјоделската политика актуелни од 2023 година, како на национално, така и на европско ниво.

Студијата опфаќа шест главни поглавја, со преглед на користената литература и дополнителни материјали во прилозите. По елаборацијата на медодолошкиот пристап и изворите на податоци, во поглавјето Лозарството и винарството во Северна Македонија дадени се накусо општите карактеристики на производството на грозје и вино (површини под лозови насади, производство на грозје, територијална дистрибуција на лозарско производство, број на земјоделски стопанства/стопански субјекти, број на винарии, трговски биланс на вино, извозни цени, со компаративна анализа на остварените финансиски резултати во лозарското и винското производство).

Поддршка на лозарството и винарството во Северна Македонија е претставена во следното поглавје, со детален приказ на Националната програма за финансиска поддршка на земјоделството за делот на лозарското производство, Програмата за рурален развој и ИПАРД програмата, преку мерките на поддршка, висината на поддршката, бројот на апликанти и збирна анализа на финансиската поддршка на лозарството и винарството низ призма на споредливи показатели. Механизмите за контрола на доделувањето на субвенциите се исто така обработени во ова поглавје.

Следното поглавје опфаќа преглед на поддршката на лозарството и винарството во земјите од Западен Балкан, преку компаративен преглед за регионот. Во ова поглавје даден е опис на лозарството и винарството и нивната поддршка во земјите членки на Европската Унија. Главните заклучоци и препораки се сумирани во одделно поглавје, со осврт на тековните практики и идните можности. Во прилог се прикажани одредени подетални податоци како дополнување на резултатите изложени во поглавјата.

# 2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП И ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

За да се исполни целта на задачата, студијата се заснова на истражување преку секундарни податоци од релевантни институции во земјата, главно собрани од: Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР); Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ); Државниот завод за статистика (ДЗС); Централниот Регистар и Централната управа за водење на матични книги. Поддршката на лозарството и винарството во земјите на ЕУ базира на правни документи на ЕУ, литературни податоци од студии, анализи и извештаи на Европската комисија, како и податоци од EUROSTAT и FADN.

Собраните податоци во однос на разните показатели, вклучувајќи ги и државните национални мерки за поддршка на лозарството и винарството се однесуваат на последните достапни последователни 5-7 години (временскиот опсег генерално го опфаќа периодот од 2016 до 2022 година, односно 2023 година онаму каде што има последно достапни податоци).

При обработката на податоците, користени се основните методи на анализа (споредба по предмет, време и простор) и стандардните методи на дескриптивната статистика (просечни вредности, интервал на варијација, стандардно отстапување), со соодветно табеларно и графичко претставување.

За подетално согледување на структурата и износите на буџетските трансфери, поддршката е прикажана и според Алатката за класификација на мерките на аграрната политика (Agricultural Policy Measures Classification – APMC tool)[1]. Алатката обезбедува хармонизирана и конзистентна база на податоци за поединечните инструменти на политиките во земјите во Западниот Балкан. Базата содржи податоци за реализираните буџетски трансфери во земјоделството, класифицирани според концептот на двата столба на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ и концептот на ОЕЦД за ПСЕ (процена на поддршката на производителите). Во рамки на оваа алатка, плаќањата во земјоделството се евидентираат според годината на исплата, независно по која програма (од која година) се реализираат. Овој пристап не го покажува степенот на искористеност на средствата планирани на годишно ниво, туку реалната сума на средства вложени во секторот секоја година. Алатката овозможува униформна класификација и компаративна анализа на политиките динамички, меѓу земјите и споредба со ЗЗП.

Во делот на анализа на поддршката во однос на површините за кои се исплатени субвенции и висината на исплатите наспроти бројот на апликанти, се користат мерките за концентрација т.н. Лоренцова крива и Gini коефициент. Лоренцовата крива е графички приказ на кумулативна дистрибутивна функција на емпириската распределба на веројатност. Информациите во Лоренцовата крива се сумираат со коефициентот Gini кој е дефиниран како област помеѓу правата на совршена еднаквост и набљудуваната Лоренцова крива. Коефициентот може да се движи од 0 до 1; нискиот коефициент означува поеднаква дистрибуција, при што 0 одговара на целосната еднаквост, додека повисоките коефициенти на Gini укажуваат на понееднаква дистрибуција, при што 1 одговара на целосната нееднаквост.

1 Rednak, M., Volk, T. and Erjavec, E. (2013), ‘A tool for uniform classification and analyses of budgetary support to agriculture for the EU accession countries’, Agricultural Economics Review, Vol 14, No 1, pp. 76–96.

# 3. ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Производството на грозје претставува традиционален и важен потсектор во македонското земјоделство. Заедно со виното, грозјето зафаќа околу 10 до 13 % од вредноста на растителното производство (Слика 1) или околу 7770 милиони денари во просек за периодот од 2015 до 2020 година, со варијација од 5184 милиони денари во 2017 година до 8502 милиони денари во 2018 година, односно остварени 8311 милиони денари во 2020 година. Во 2021 година, остварени се 6241 милиони денари вредност на производството на грозје и вино, со што се забележува стабилност во вредноста на грозјето, наспроти значителен пад во вредноста на виното (речиси преполовување на вредноста на 1953 милиони денари во 2021 година, во споредба со 3485 милиони денари во просек за периодот од 2015 до 2020 година, ДЗС-ЕСЗ, 2023).




*Слика 1. Учество на поедните потсектори во вредноста на растителното производство, во просек за периодот 2015-2020 и за 2021 година*
*Извор: ДЗС-ЕСЗ, 2024*

## 3.1. Производство на грозје

Лозовите насади опфаќаат околу 5 % од обработливото земјиште во Република Северна Македонија (Прилог 1). Површините под лозови насади во периодот 2016 до 2022 година (Табела 1) се релативно стабилни и се движат околу 23,5 илјади хектари родна површина. Производството на грозје во истиот период се движи околу 270 илјади тони на годишно ниво и варира зависно од годините (од 180 илјади тони во 2017 година до 318 илјади тони во 2020 година). Во 2022 година, добиени се 265,6 илјади тони грозје. Истата варијација се отсликува и во приносот, којшто генерално се движи околу 11,7 тони/ха. Просечниот принос е значително повисок на наводнуваните парцели. Во структурата на вкупното производство на грозје, винското грозје учествува со 84 %, додека 16 % отпаѓа на трпезното грозје.

Табела 1. Површини под лозје и производство на грозје во периодот 2016-2022 година

| | | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | Родна површина хектари | 23192 | 23398 | 23670 | 23996 | 23709 | 23384 | 23047 |
| | Вкупен број пенушки во илјади | 87668 | 87945 | 88356 | 88520 | 85597 | 89817 | 83709 |
| | Број на родни пенушки во илјади | 85950 | 86330 | 86591 | 86387 | 84280 | 87954 | 82062 |
| | Вкупно производство во тони | 333319 | 180349 | 294497 | 258960 | 317550 | 269131 | 265556 |
| | Кг по хектар | 14372 | 7708 | 12442 | 10792 | 13394 | 11509 | 11522 |
| ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ЗАДРУГИ | Родна површина хектари | 6226 | 6360 | 6560 | 6803 | 6519 | 6297 | |
| | Вкупен број пенушки во илјади | 19784 | 20714 | 20826 | 21331 | 19898 | 18291 | |
| | Број на родни пенушки во илјади | 19285 | 20024 | 20432 | 20567 | 19757 | 17829 | |
| | Вкупно производство во тони | 64222 | 34918 | 61314 | 51532 | 50630 | 44840 | |
| | Кг по хектар | 10315 | 5490 | 9347 | 7575 | 7767 | 7121 | |
| ИНДИВИДУАЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА | Родна површина хектари | 16966 | 17038 | 17110 | 17193 | 17190 | 17087 | |
| | Вкупен број пенушки во илјади | 67885 | 67231 | 67530 | 67189 | 65699 | 71526 | |
| | Број на родни пенушки во илјади | 66665 | 66306 | 66159 | 65820 | 64523 | 70125 | |
| | Вкупно производство во тони | 269096 | 145431 | 233183 | 207427 | 266920 | 224291 | |
| | Кг по хектар | 15861 | 8536 | 13628 | 12065 | 15528 | 13126 | |

*Извор: ДЗС, 2024*

Околу 73 % од површините под лозје се обработуваат од страна на индивидуални земјоделски производители, односно остатокот од 27 % е во рамки на земјоделските претпријатија и задруги (Слика 2). Соодносот меѓу индивидуалниот и деловниот сектор е стабилен низ годините.




*Слика 2. Родна површина под лозови насади во хектари*
*Извор: ДЗС, 2022*

Лозарското производство се одвива во 65 општини во земјата, во сите региони со исклучок на Полошкиот регион (Прилог 1). Најзначајно, околу една петтина на површините под лозје и една четвртина на произведено грозје се во општина Кавадарци. Неготино е втората по значење општина (зафаќа 12 % од површините под лозје и 7 % од производството на грозје), додека во Гевгелија на само 4 % од површините се произведува 12 % од грозјето – во голема мера трпезно грозје (Слика 3).




*Слика 3. Родна површина под лозови насади и производство на грозје по општини во 2022 г.*
*Извор: ДЗС, 2024*

Производството на грозје достигнува 58 илјади тони во општина Кавадарци во 2022 год., а потоа следат општините Гевгелија со 29,5 илјади тони и Неготино со 28,3 илјади тони (Слика 4).

Приносот се движи од 11-12,5 тони/ха во Кавадарци и Неготино, додека во Гевгелија и Богданци е значително повисок (24,7 односно 37,7 тони/ха) поради застапеноста на трпезно грозје.




*Слика 4. Мапа на производството на грозје по општини во 2022 г.*
*Извор: ДЗС, 2024 (сопствена обработка, АМС)*

Структурата на лозовите насади е неповолна со повеќе од 60 % насади постари од 15 години, голем број на парцели помали од 1 хектар и генерално примена на механизација само за основните операции (главно поврзани со обработка на почвата и примена на заштита на насадите), односно недостаток на механизираност на ампелотехничките мерки, особено кај индивидуалните земјоделски производители. Исто така, има потреба од прилагодување на сортната структура кон потребите на винската индустрија за производство на висококвалитетно вино.

Според податоците од последното истражување на Структурата и типологијата на фармите за 2016 година, во земјата има 40689 земјоделски стопанства со лозови насади, од кои 30% се наоѓаат во Вардарскиот регион, 23 % во Југоисточниот регион и 14 % во Источниот регион (Табела 2). Според специјализацијата (најмалку 2/3 од приходот на стопанството доаѓаат од одредено производство), во земјата се регистрирани 13656 стопанства, но тука веќе се забележува поголема концентрација во Вардарскиот регион, каде што се наоѓаат 47 % од специјализираните лозарски стопанства.

Табела 2. Број на земјоделски стопанства според категориите на користеното земјоделско земјиште и според специјализацијата, по региони во 2016 година

| | **БРОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА СО ЛОЗОВИ НАСАДИ** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Вкуптно** | **Индивидуален сектор** | **Деловни субјекти** | **Број специјализирани лозарски стопанства** |
| Република Северна Македонија | 40689 | 40637 | 52 | 13 956 |
| Вардарски регион | 12119 | 12097 | 22 | 6 600 |
| Источен регион | 5848 | 5836 | 12 | 1 555 |
| Југозападен регион | 2663 | 2663 | - | 770 |
| Југоисточен регион | 9480 | 9474 | 6 | 2 904 |
| Пелагониски регион | 2580 | 2578 | 2 | 612 |
| Полошки регион | 144 | 144 | - | - |
| Североисточен регион | 3873 | 3868 | 5 | 528 |
| Скопски регион | 3982 | 3977 | 5 | 988 |

*Извор: ДЗС-Структура и типологија на земјоделските стопанства, 2017*

Околу 85 % од специјализираните лозарски стопанства спаѓаат во економската категорија на многу мали стопанства т.е. остваруваат вкупна стандардна вредност на производството пониска од 1999 евра на годишно ниво. Близу до 10 % спаѓаат во категоријата на мали фарми со вкупна стандардна вредност на производството пониска од 2000 до 3999 евра на годишно ниво, а останатите 5 % се поголми стопанства според економската големина.

## 3.2 ОТКУП НА ВИНСКО ГРОЗЈЕ И ПРОИЗВОДСТВО НА ВИНО

Според податоците од Државниот завод за статистика, количеството на вкупниот откуп на грозје за преработка во голема мера варира од година во година, со забележително нагорен тренд (Табела 3). Имено, забележан е откуп на 47 илјади тони во 2017 година наспроти четирикратно повисок откуп од околу 2 418 илјади тони во 2021 година. Вредноста на вкупниот откуп, а со тоа и висината на откупната цена, се движи од 11,67 денари/кг во 2020 година до 14,85 денари/кг во 2018 година. Околу 43 % од количеството на откуп доаѓа од индивидуалниот сектор (39 % во 2018 година до 48 % во 2020 година). Просечната откупна цена кај индивидуалните производители е најниска во последната достапна година со податоци (11,33 денари/кг во 2021 година), наспроти 14,63 денари/кг во 2018 година.

Табела 3. Вредност и количество на откупот на грозје, вино и други алкохолни пијалаци

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вредност на вкупниот откуп на земјоделски производи** | | | | | | |
| Грозје за преработка | 894 077 | 607 551 | 1 208 811 | 991 506 | 1 722 532 | 2 418 038 |
| Вино | 1 261 735 | 2 011 053 | 1 947 118 | 1 816 711 | 1 784 467 | 2 129 710 |
| Ракија, илјади литри | 6 260 | 11 267 | 145 794 | 265 817 | 249 966 | 188 192 |
| Други алкохолни пијалаци | 170 866 | 212 641 | 144 970 | 110 | 4 | 759 |
| **Количество на вкупниот откуп на земјоделски производи** | | | | | | |
| Грозје за преработка, тони | 71 041 | 47 241 | 81 418 | 75 975 | 147 617 | 205 221 |
| Вино, илјади литри | 15 237 | 29 001 | 25 366 | 17 614 | 19 286 | 24 558 |
| Ракија, илјади литри | 20 | 38 | 559 | 1 023 | 937 | 684 |
| Други алкохолни пијалаци | 688 | 885 | 572 | 0 | 0 | 2 |
| Откупна цена вкупно денари/кг | | | | | | |
| Грозје за преработка | 12,59 | 12,86 | 14,85 | 13,05 | 11,67 | 11,78 |
| Вино | 82,81 | 69,35 | 76,76 | 103,14 | 92,53 | 86,72 |
| Ракија, илјади литри | 305,57 | 298,13 | 260,88 | 259,81 | 266,76 | 275,31 |
| Други алкохолни пијалаци | 248,37 | 240,2 | 253,53 | 254,74 | | 311,25 |
| **Вредност на откупените земјоделски производи од индивидуалните производители** | | | | | | |
| Грозје за преработка | 629 492 | 433 801 | 757 558 | 748 943 | 1 722 532 | 1 988 674 |
| Вино | - | - | 116 736 | - | 62 424 | 3 676 |
| **Количество на откупени земјоделски производи од индивидуалните производители** | | | | | | |
| Грозје за преработка, тони | 51 249 | 34 222 | 51 763 | 59 519 | 136 185 | 175 451 |
| Вино, илјади литри | - | - | 1 572 | - | 625 | 108 |
| **Откупна цена индивидуални производители денари/кг** | | | | | | |
| Грозје за преработка | 12,28 | 12,68 | 14,63 | 12,58 | 12,65 | 11,33 |
| Вино | - | - | 74 | - | 100 | 34,06 |

*Извор: ДЗС, 2023*

Според податоците од МЗШВ, регистирирани се околу 80 активни откупувачи на винско грозје во земјата. Во однос на Регистарот на винарски визби во Република Северна Македонија, според податоците за состојбата до 15.04.2022 година добиени од МЗШВ, запишани се 131 производители на вино. Со најновите податоци добиени за состобата до 13.04.2023 година во земјата се регистрирани 243 производители на вино. Ова огромно зголемување на бројот на производители во однос на состојбата во претходниот период главно се должи на олеснувањата направени во регистрирањето на „малите семејни“ винарии. Најголем дел од винариите се лоцирани во општина Кавадарци (93 производители на вино) и во општина Неготино (41 производител на вино). Околу 40 % од производителите на вино известиле во Регистарот дека имаат сопствени површини лозје, а 19 % користат површини под лозови насади од коопераnти.

Виното е на првото место во извозот на пијалоци, и е вториот најважен производ после тутунот во однос на извозната вредност на земјоделските производи. Извоз на вино зазема околу 8 % од вредноста на извозот на земјоделско-прехранбени производи, со прилив од околу 50 милиона евра. Сепак, иако вредноста на извезеното вино главно бележи пораст, забележителен е пад и на извезеното вино и свежо грозје во последните години (Слика 5).




*Слика 5. Извоз на грозје и вино, во вредност и обем*

*Извор: ДЗС, 2024*

Просечната извозна цена на флашираните вина (пакување до 2 л) во 2021 година била 1,26 евра/кг, со значителен пораст во 2022 и 2023 година на 1,71, односно 2,05 евра/кг. додина Извозната цена на наливно вино се движи околу 0,70-0,80 евра/кг во пакувања меѓу 2 и 10 литри и 0,45 евра/кг за наливно вино. Низ годините, полека се зголемува количината и вредноста на флаширано вино наспроти извозот на наливно вино со пониска цена, ограничен квалитет и слаба препознатливост. Најзначаен пазар за македонското вино се земјите на Европската Унија и земјите членки на ЦЕФТА (каде што српскиот пазар има највисок удел).

## 3.3. ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА ВО ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО

### 3.3.1 Лозарско производство

Централниот регистер на Република Северна Македонија (ЦРРСМ) претставува институција којашто ги прибира годишните завршни сметки на трговските друштва и на други правни лица. Од статистичкиот билтен што го изработува и објавува на својата веб страна, преземени се сумарни макроекономски податоците за лозарство и винарство за последните 6 години[2]. Методологијата за распределба на сите сектори дадена е во Прилог 2. Лозарството, односно производство на грозје во рамките на вкупно стопанство е со следнава распределба:

| | |
|---|---|
| Сектор | А. ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО |
| Оддел: | 01. Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив |
| Групи: | 01.2. Одгледување на повеќегодишни насади и посеви |
| Класи и поткласи: | 01.21. Одгледување на грозје |

Бројот на субјекти (трговски друштва, задруги и самостојни извршители) кои се занимаваат со производство на грозје и кои изготвуваат годишни завршни сметки, има тренд на опаѓање. Од вкупно 174 производители на грозје во 2016 година тој број се намалува на 146 во 2022 година.

Табела 4. Број на субјекти за одгледување на грозје во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на крајот од годината

| | ГОДИНИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОКАЗАТЕЛ | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
| Трговски друштва: | 130 | 114 | 110 | 103 | 108 | 106 | 109 |
| Задруги: | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| Самостојни извршители на дејност: | 37 | 33 | 31 | 32 | 31 | 30 | 30 |
| Вкупно | 174 | 154 | 148 | 142 | 146 | 143 | 146 |

*Извор: Статистички билтен на ЦРРСМ*

Вкупните приходи на производителите на грозје кои изработуваат годишна завршна сметка за период 2017-2022 година се движи од 1.270 милиони денари до 1.564 милиони денари, а во просек изнесесува 1.433.789.983 денари (Табела 5). Вкупните расходи се движат во интервал од 1.300.652.437 денари во 2017 година до 1.518.791.966 денари во 2019 година, а во просек за испитуваниот период изнесуваат 1.452.201.900 денари.

Бруто добивката (вкупни приходи минус вкупни расходи), во четири години е негативна, а во две години е позитивна. Во просек за сите производители на грозје за период 2017-2022 година е негативна и изнесува -18.412.917 денари. Забележителен е силниот опаѓачки тренд во 2022 година (-178 милиони денари).

Вкупниот број на вработени во производство на грозје има тренд на опаѓање и од 1.257 вработени во 2017 година се намалува на 805 вработени во 2022 година. Вкупниот приход

2 https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatoci/statisticki-bilten

по вработен се движи во интервал од 1.010.347 денари до 1.655.065 денари. Во просек тој изнесува 1.360.861 денари. Бруто добивка по вработен е во интервал од -49.357 денари во 2020 година до 54.343 денари во 2018 година.

Табела 5. Вкупни приходи, вкупни расходи и вкупен број на вработени во дејноста одгледување на грозје од регистерот на годишни сметки (во денари)

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 1,270,006,223 | 1,564,671,595 | 1,546,809,002 | 1,441,278,809 | 1,447,640,887 | 1,332,327,379 |
| Вкупни расходи | 1,300,652,437 | 1,500,492,189 | 1,518,791,966 | 1,493,695,481 | 1,449,262,659 | 1,450,316,668 |
| Вкупен број вработени | 1,257 | 1,181 | 1,115 | 1,062 | 1,012 | 805 |
| Бруто добивка | -30,646,214 | 64,179,406 | 28,017,036 | -52,416,672 | -1,621,772 | -117,989,289 |
| Вкупен приход по вработен | 1,010,347 | 1,324,870 | 1,387,273 | 1,357,136 | 1,430,475 | 1,650,065 |
| Бруто добивка по вработен | -24,380 | 54,343 | 25,127 | -49,357 | -1,603 | -146,571 |

*Извор: Статистички билтен на ЦРРСМ*

### 3.3.2. Производство на вино од грозје

Винарството, односно производство на вино од грозје во рамките на вкупно стопанство е со следнава распределба:

| | |
|---|---|
| **СЕКТОР** | В. ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА |
| **ОДДЕЛ:** | 11. Производство на пијалаци |
| **ГРУПИ:** | 11.0. Производство на пијалаци |
| **КЛАСИ И ПОТКЛАСИ:** | 11.02. Производство на вино од грозје |

Бројот на субјекти (трговски друштва, задруги и самостојни извршители) кои се занимаваат со производство на вино од грозје и кои изготвуваат годишни завршни сметки е релативно константен и се движи околу 80-90.

Табела 6. Број на субјекти за производство на вино од грозје во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на крајот од годината

| | ГОДИНИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Показател | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
| Трговски друштва: | 94 | 85 | 80 | 82 | 82 | 90 | 85 |
| Задруги: | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Самостојни извршители на дејност: | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | 94 | 85 | 80 | 82 | 83 | 91 | 86 |

*Извор: Статистички билтен на ЦРРСМ*

Вкупните приходи на производители на грозје кои изработуваат годишна завршна сметка за период 2017-2022 година се движи од 5.833 милиони денари до 4.700 милиони денари, а во просек изнесесува 5.178.157.755 денари (Табела 7). Вкупните расходи се во интервал од 4.601.317.019 денари во 2020 година до 5.564.828.397 денари во 2022 година, а во просек за испитуваниот период изнесуваат 5.178.157.755 денари.

Бруто добивка (вкупни приходи минус вкупни расходи), во три години е негативна, и во 3 години е позитивна. Во просек за сите производители на вино за период 2017-2022 година е позитивна и изнесува 28.942.096 денари.

Табела 7. Вкупни приходи, вкупни расходи и вкупен број на вработени во дејноста производство на вино од грозје од регистерот на годишни сметки (во денари)

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 5,212,299,090 | 5,073,462,559 | 5,089,821,597 | 4,700,109,157 | 5,159,343,290 | 5,833,910,838 |
| Вкупни расходи | 5,191,715,504 | 5,132,791,875 | 5,102,670,530 | 4,601,317,019 | 5,301,970,632 | 5,564,828,397 |
| Вкупен број вработени | 1,277 | 1,199 | 1,169 | 1,079 | 1,003 | 895 |
| Бруто добивка | 20,583,586 | -59,329,316 | -12,848,933 | 98,792,138 | -142,627,342 | 269,082,441 |
| Вкупен приход по вработен | 4,081,675 | 4,231,412 | 4,353,996 | 4,355,986 | 5,143,912 | 6,518,336 |
| Бруто добивка по вработен | 16,119 | -49,482 | -10,991 | 91,559 | -142,201 | 300,651 |

*Извор: Статистички билтен на ЦРРСМ*

Вкупниот број на вработени во производство на грозје има тренд на опаѓање и од 1.277 вработени во 2017 година се намалува на 895 вработени во 2022 година. Вкупниот приход по вработен се движи во интервал од 4.081.675 денари до 6.518.336 денари. Во просек тој изнесува 4.780.886 денари. Бруто добивка по вработен е со голема варијација и се движи во интервал од -142.201 денари во 2021 година до 300.651 денари во 2022 година.

### 3.3.3. Компаративна финансиска анализа на лозарството и винарството

Од податоците од ЦРРСМ направена е компаративна анлиза за период од 2017-2022 година. Во анализата се вклучени податоците за секторите земјоделство, шумарство и рибарство (Одгледување на грозје) и преработувачката индустрија (Производство на вино од грозје), со пресметка на показателите на вкупни приходи, вкупни расходи, бруто добивка, вкупен број вработени, вкупен приход по вработен и бруто добивка по вработен. Резултатите од компаративната анализа се прикажани во Прилог 3, при што може да се констатираат следниве заклучоци:

· Вкупниот приход по вработен е највисок кај производителите на вино (винарии) и тој во 2022 година изнесува 6.518.336 денари, а кај производителите на грозје изнесува 1.655.065 денари (3,9 пати помал од винариите).

· Ако вкупниот приход по вработен за сите Сектори во РСМ се земе како паритетна вредност од 100 %, тогаш секторот Земјоделство, шумарство и рибарство во тој сооднос зазема 45,17 %, секторот Преработувачка индустрија 97,28 %, класата одгледување на грозје 35,06 %, а класата производство на вино од грозје 126,09 %.

· На индиректен начин може да се констатира дека производителите на вино имаат највисока капитална опременост која е поголема и од сите сектори во РСМ и од секторот преработувачка индустрија.

· Во години кога производителите на вино остваруваат позитивни финансиски резултати, производители на грозје имаат негативни финансиски резултати и обратно. Исклучок од ваквата состојба е 2021 година кога и производителите на вино и производителите на грозје имаат негативни финансиски резултати. Во 2022 година се јавува голема загуба кај производителите на грозје, додека винската индустрија бележи позитивни финансиски резултати.

# 4. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНСКИОТ СЕКТОР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО

Земјоделството во Република Северна Македонија, а со тоа и лозарството и винарството како значајни земјоделски гранки, се поддржуваат преку воспоставената законска, стратегиска и програмска рамка. Системската правна основа која го регулира планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите на земјоделската политика, планирањето, следењето и евалуацијата на националната земјоделска политика е **Законот за земјоделство и рурален развој** (Службен В. на Р.М. бр. 49/2010)[3]. Законот ги содржи одредбите за утврдување и спроведување на националните земјоделски политики во државата, пред сè директната поддршка на земјоделството и руралниот развој, организацијата на пазарите со земјоделски производи и државната помош во земјоделството. Освен овој закон, секторот се регулира и со низа други закони и подзаконски акти, меѓу кои закон за семенски и заден материјал, за органско производство, за квалитет на земјоделските производи, за вино итн. Во процедура на усвојување е нов закон за вино, кој ќе го замени претходниот закон за вино (Сл. Весник 50/2010 и неговите измени, заклучно со Сл. Весник 235/2019).

Стратешките цели за развој на секторот се дефинирани во **Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година** (НСЗРР 2021-2027)[4], усвоена во јануари 2021 година. Тоа е трета стратегија од овој тип, со систематски преглед на политиките што треба да се спроведуваат во следните седум години. Стратегијата го одразува континуитетот на приоритетите на земјата за развој на земјоделството и руралните области, обезбедувајќи поддршка за секторот да постигне доволно ниво на конкурентност за да се справи со предизвиците што произлегуваат од непредвидливите пазарни промени и да го поттикне развојот на руралните области.

НСЗРР дефинира три севкупни стратешки цели за периодот 2021-2027 година: (1) подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор, економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства; (2) примена на еколошки практики во производството што би довело до ублажување и прилагодување кон климатските промени; и (3) обезбедување на одржлив развој на руралните области. Овие цели се надополнети со четвртата хоризонтална цел за модернизација на секторот преку унапредување и споделување на знаење, иновации и дигитализација во земјоделството и руралните области и преку охрабрување на нивното прифаќање од страна на земјоделците и другите засегнати страни во секторот. Стратегиската рамка ги следи и се усогласува со приоритетите на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП, Common Agricultural Policy – CAP) на Европската Унија.

Владата усвојува **Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој** (НПАРД)[5], за период до пет години, а последната важи за периодот 2023-2027 година. Националната програма содржи инструменти и мерки за остварување на стратешките цели, и активности за спроведување на мерките, со временски распоред и индикативна финансиска рамка за нивно спроведување (Табела 8).

3 https://dejure.mk/zakon/zakon-za-zemjodelstvo-i-ruralen-razvoj
4 https://dejure.mk/zakon/nacionalna-strategija-za-zemjodelstvoto-i-ruralniot-razvoj-za-period-2021-2027-godina
5 https://dejure.mk/zakon/nacionalna-programa-za-razvoj-na-zemjodelstvoto-i-ruralen-razvoj-za-period-od-2018-2022-godina



Табела 8. Индикативна финансика рамка за поддршка на земјоделството и руралниот развој за период 2023-2027 година

| | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|---|
| Директни плаќања | 6.437.634.000 | 6.497.450.000 | 6.724.422.500 | 6.943.743.625 | 7.356.280.806 |
| -Растително производство | 2.000.000.000 | 3.150.000.000 | 3.307.500.000 | 3.472.875.000 | 3.646.518.750 |
| -Сточарско производство | 1.000.000.000 | 2.708.000.000 | 2.745.500.000 | 2.765.875.000 | 2.969.518.750 |
| -Варијабилни инпути | 3.333.634.000 | 525.000.000 | 551.250.000 | 578.812.500 | 607.753.125 |
| -Останати плаќања | 104.000.000 | 114.450.000 | 120.172.500 | 126.181.125 | 132.490.181 |
| Интервенции | 396.000.000 | 420.000.000 | 441.000.000 | 463.050.000 | 486.202.500 |
| Останати програми | 159.000.000 | 159.000.000 | 159.000.000 | 159.000.000 | 159.000.000 |
| Рурален развој | 1.346.366.000 | 1.628.000.000 | 1.818.000.000 | 2.028.000.000 | 2.073.000.000 |
| ВКУПНО | 8.339.000.000 | 8.704.450.000 | 9.142.422.500 | 9.593.793.625 | 10.074.483.306 |

*Извор: Програма за изменување и дополнување на Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2023-2027 година (Сл. Весник, 62/2023)*

За операционализирање на мерките за поддршка на секторот, вклучувајќи ги и лозарството и винарството, Владата секоја година донесува две главни програми: (1) Програма за финансиска поддршка на земјоделството (ПФПЗ, чиишто мерки имаат карактер на поддршка на приходот на производителите) и (2) Програма за финансиска поддршка на руралниот развој (ПФПРР, чиишто мерки имаат развојна компонента, вклучително и развој и унапредување на квалитетот на живот во руралните средини и заштита на животната средина). Почнувајќи од 2022 година, Владата донесува и спроведува и дополнителни програми, меѓу кои Програма за спроведување на интервентен фонд во земјоделството, Програма за финансирање на микро производители на вино, Програма за капитални субвенции, Програма за фитосанитарна политика, како и Програма за ѓубрива, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, од 2023 година серијата на дополнителни програми се надополнува со Програма за семе и саден материјал, и многу други, а во 2024, меѓу другите програми, се воведува посебна Програма за финансиска поддршка на органското производство (www.mzsv.gov.mk).

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2033 ГОДИНА

Главната **визија** на Стратегијата е извозна ориентираност со градење на препознатливост на меѓународните пазари и развој на рурален и вински туризам што ќе пласира производ со поголема додадена вредност преку градење на вински брендови. Главната визија на Стратегијата е извозна ориентираност со градење на препознатливост на меѓународните пазари и развој на рурален и вински туризам што ќе пласира производ со поголема додадена вредност преку градење на вински брендови.

Главна **стратешка цел** на оваа десетгодишна стартегија е зајакнување на конкуретноста на македонската винска индустрија во делот на лозарството и винарството со цел искористување на целосниот потенцијал на индустријата да стане препознатлив вински бренд на регионалните и интернационалните пазари, преку фокусирање на локални сорти и на поднебјата за истакнување на нивните најдобри карактеристики.

Целта е зајакната присутност на меѓународниот пазар. Во таа насока е потребно еднакво зајакнување како на малите лозари во насока на производство на квалитетно грозје и унапредување на нивните вештини кон квалитетно производство на грозје и нивно економско јакнење преку воспоставување на вистински партнерски односи помеѓу лозарите и винариите, така и зајакнување на позициите на винариите извозници на македонските вина во сегментот флаширано вино, преку што ќе се обезбеди повисока продажна цена на виното, што ќе придонесе кон повисока откупна цена на грозјето.

Визијата за развој е јасно отсликана со подготовката на новиот Закон за вино во кој најголемите измени се однесуваат во делот на Географските ознаки и нивна заштита кои целосно се усогласени со Регулативата број 1308/2013 од 17 декември 2013 година за основање на заедничка организација на пазарите на земјоделски производи и за укинување на Регулативите (ЕЕЗ) бр. 922/72, (ЕЕЗ) бр. 234/79, (ЕЗ) бр. 1037/2001 и (ЕЗ) бр. 1234/2007од Европска Унија. Со овие измени во новиот закон ќе се овозможи на група производители на вино и грозје во одреден вински регион да започнат со креирање и имплементација на систем за Географски ознаки кој треба да се базира на споделување на заеднички пристап и заеднички правила. Градењето на Географски ознаки за вино подразбира дека производителите се способни да развијат производи поврзани со потеклото кои имаат специфични квалитативни својства; кои се со постојан квалитет; неодвоиво се поврзани со местото каде се произведуваат; и кои можат да изградат добра репутација со текот на времето и преставуваат алатка за градење на препознатливоста на македонското вино на странските пазари.

**Системот на Географски ознаки**, нивно креирање и имплементација како главна цел на оваа стратегија значи повеќекратна корист за секторот во насока на остварување на визијата:

- Менување на пристапот на производство на грозје и вино во насока на подобрување на квалитетот, зголемување на контролата и градење на ознаки преку кои ќе се гради препознатливност на финалинот прозивод – виното;

- Креирање на еден вид на колективен бренд кој е потребно постојано да се негува со цел градење на успешна приказна;

- Саморегулирање на односите на производителите на грозје и вино и нивна интеграција во систем на географски ознаки;

- Поставување на сет на правила за производство на грозје и вино кои се поставени од страна на главните чинители во секторот, а прифатени, почитувани и поддржани од страна на надлежните државни институции;

- Зголемување на вредноста на финалниот производ – виното, што последователно значи зголемување на вредноста на суровината – винско грозје.

**Главните предизвици** вклучуваат отсуство на одржлива соработка меѓу главните играчи во македонската винска индустрија особено недостаток на меѓусебна интеграција; недостаток на применлива развојна стратегија за индустријата со цел декларирање на земјата како винска земја, а не како земја понудувач на суровина; ограничена достапност на средства за поддршка на финален брендиран прозвод со цел задржување на постојните пазари и влез и освојување на нови пазари; споро прилагување кон нови техники и технлогии на одгледување на лозовите насади и спора модернизација и обновување на лозовите насади; слаба свесност на индустријата за борба со климатските промени и воведување на техники за оджливост и зачувување на биодиверзитетот на лозовите насади.

**Главни можности** се состојат во донесување на новиот Закон за вино и подзаконските акти со кој ќе се овозможи реконструкција на постојните виногорја и вински региони и ќе се започне со процесот на градење на географски ознаки за вино по примерот на винските региони во ЕУ и светот, со вклучување на сите засегнати страни во делот на лозарството и винарството и науката; постоење на финансиски фондови за модернизација на лозарството и винарството преку ИПАРД фондовите, промените во системот на субвенционирање, поддршката обезбедена од МЗШВ преку други програми за поддршка на секторот лозарство и винарство како и дополнителните можности за поддршка кои ќе произлезат од оваа стратегија; користење на разни донаторски фондови за развој како и имплеметација на развојни проекти преку апликација на ЕУ фондови.

**Главните стратешки** цели на стратегија се однесуваат на: интеграција на чинителите во секторот; реконструриање и модернизација; зголемување на препознатливоста на македонското вино на надворешните пазари и зголемување на извозот на различен опсег на пазари; развој на винскиот туризам; заштита од климатски промени и обезбедување одржливост и зачувување на биодиверзититетот во лозовите насади.

## 4.1. ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Поддршката на доходот на земјоделските стопанства, односно директните плаќања во растителното производство се основна мерка со којашто директно се поддржува лозарството и винарството (Мерка 1). За оваа мерка, во чии рамки се нудат десетици подмерки насочени кон различни подсектори или производи годишно, се програмираат од 1 до 2 милијарди денари годишно. Со намалување на вкупниот буџет во последните две години, во 2021 година учеството на оваа мерка достигнува половина од буџетот за оваа програма, иако значајно учество од една третина од буџетот зазема и во останатиот период.

Програмите, во смисла на буџетот, мерките и условите за нивна примена се подложни на чести промени. Разликата помеѓу првично планираниот вкупен буџет за Мерка 1 – директни плаќања во растителното производство и износот по последните измени се презентирани во Табела 9. Ако се разгледуваат мерките кои се достапни и кои се од интерес на лозаропроизводителите, како и вкупниот буџет, се забележуваат од 4 до 6 измени и дополнувања по програма во текот на нејзиното имплементирање (детален список на овие измени во буџет по мерки се презентирани во Прилог 4).

Табела 9. Учество на буџетот за растително производство во вкупен буџет на програмата, милиони денари

| | Програма за финансиска поддршка на земјоделството | | Директни плаќања за растително производство | | Учество | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | првичен износ | последен износ | првичен износ | последен износ | првичен износ | последен износ |
| **2017** | 6117,9 | 6394,0 | 2000,0 | 1713,4 | 33% | 27% |
| **2018** | 6210,5 | 6772,5 | 1500,0 | 1695,0 | 24% | 25% |
| **2019** | 6263,8 | 7138,8 | 2000,0 | 1940,0 | 32% | 27% |
| **2020** | 4200,0 | 4911,7 | 1000,0 | 0,0 | 24% | 0% |
| **2021** | 3723,1 | 7532,4 | 2000,0 | 1717,0 | 54% | 23% |
| **2022** | 3586,3 | 6650,3 | 2000,0 | 1435,0 | 56% | 22% |
| **2023** | 6437,6 | 8072,6 | 2000,0 | 2408,9 | 31% | 30% |
| **2024** | 5907,6 | н.д. | 2000,0 | н.д. | 34% | - |

*Извор: Извадоци од Годишните програми за финансиска поддршка на земјоделството (www.ipardpa.gov.mk)*

### Новини во буџетските поддршки

Во текот на 2022 година МЗШВ најави т.н. „нов модел“ за субвенционирање во земјоделството. Министерството утврдило одредени слабости во тековниот модел на буџетските поддршки за земјоделството, а пред сè во делот на недоволните развојни резултати, како и нерегуларности и злоупотреби во искористување на финансиската поддршка. Постои и перцепција меѓу земјоделците, стручната и пошироката јавност за потреба од промена во системот на субвенционирање.

Доколку се направи компаративна анализа на повеќегодишните Национални програми за развој на земјоделството и руралниот развој (за 2018-2022 година и 2023-2027 година) ќе се утврди дека се работи за техничка прераспределба на износот на средствата од мерките

за дирекни плаќања. Во суштина со новините мерките остануваат исти и тие се утврдуваат по единица капацитет и по остварено производство и остануваат производно врзани, што е една од забелешките во извештаите на Европската комисија за напредокот на државата кон ЕУ. Тоа што е новина е дека дел од средствата се прераспределени во повеќе програми за поддршка, каде што приоритет е даден на т.н. „стратешки култури“, а во вкупен износ средствата не се намалуваат, дури ни по поедини мерки.

За да се забрза трансферот на средства кон земјоделците се предвидува авансна исплата од 30 % од средствата по мерка. Тоа значи дека секој апликант ќе добие основна субвенција (30 %) и дополнителна субвенција за одредени земјоделски култури за секој кој произвел и го продал своето земјоделско производство на регистриран откупувач, преработувач, трговец или откупувачот има регистрирано фарма. Дополнителна субвенција ќе се добие и доколку производството е наменето за сопствени потреби за преработка, чување, складирање или исхрана на добиток кој го одгледува апликантот.

Иако во Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој нема поголеми промени во структурата на „двата столба“, она што се сака да се постигне со новините е средствата од директните плаќања да бидат префрлени во програма за рурален развој, што треба да води кон инвестиции.

Како новина од 2022 година е т.н. Интервентна програма, која се предвидува да се прошири со плаќањата по произведен и продаден производ (млеко, грозје, овошје, зеленчук, заклани животни), односно да се префрлат во оваа програма. Целта е на овој начин полесно да се крираат нови дополнителни мерки за поддршка на земјоделците, посебно во услови на криза, и да се овозможи побрза исплата.

### 4.1.1. Наменски мерки за лозарството и винарството

За лозарството и винарството се нудат неколку подмерки во рамките на Мерка 1 (Табела 10). **Основна мерка** за поддршка на лозарството и винарството се **директните плаќања за одржување на постоечки лозови насади**, која се програмира секоја година во периодот 2017-2022 година. Оваа мерка се исплаќа по 40,000 ден./хектар за пријавени лозови насади. Како услов за добивање на оваа мерка се бара земјоделското стопанство да е регистрирано во единствениот регистар на земјоделски стопанства во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водопстопанство (МЗШВ), да има минимално површина од 0,2 ха и бројот на садници на хектар површина да изнесува минимум 1389. За стопанства со површина од 1 до 10 ха се предвидуваат 20 % повисоки плаќања, односно 48.000 ден./ха. Во програмата за 2023 година висината на директните плаќања се намалува на 12.000 ден./ха, како дел од т.н. „нов модел“ за субвенционирање во земјоделството кој беше најавен во 2022 година. Разликата до 40.000 ден./ха се исплаќа преку дополнителна мерка за остварено производство на грозје (Табела 10).

**Дополнителната мерка за поддршка за остварено производство на грозје** се предвидува во 2023 и 2024 година, било да е предадено на регистриран откупувач или да е искористено за потребите на сопствените потреби, и се исплаќа по хектар користена земјоделска површина. Висината на плаќањата првично се предвидува да е 28,000 денари (со што се добива износот од 40,000 ден. како кај основната мерка до 2021 година), за подоцна со измена на крајот на годината (Сл.весник 276/22.12.2023) година овој износ се зголемува на 40.000 денари, и со тоа значително се зголемува поддршката за лозаропроизводителите, но се условува предавање на грозјето за понатамошна преработка.

Големината на стопанствата е критериум според кој се прилагодува висината на плаќања според систем на модулација (збирно за сите сорти) кој со измената од 2020 година е во три групи (Табела 10):

- 100 % се исплаќаат на земјоделските стопанства со големина од 0,2 до 10 ха,
- 60 % се исплаќаат на стопанствата со големина од 10 до 30 ха,
- 30 % се исплаќаат за стопанствата над 30 ха.

Со оваа измена се зголемуваат плаќањата по хектар на стопанствата со големина од 5 до 10 ха (претходно е предвидена 60 % исплата, а после 2020 година таа изнесува 100 %) и на стопанствата со големина над 50 ха (претходно 10-20 % исплата, а после 2020 година изнесува 30 %).

Табела 10. Директни плаќања (ДП) за лозарството и винарството

<table>
<tr><th>Основна мерка (ден/ха)</th><th>2017</th><th>2018</th><th>2019</th><th>2020</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th></tr>
<tr><td rowspan="2">ДП по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади<br><br>*Модулација (збирно за сите сорти)</td><td colspan="6">40,000 ден/ха</td><td colspan="2">12,000 ден/ха</td></tr>
<tr><td colspan="4">100%: 0.2-5 ха<br>60%: 5-30 ха<br>30%: 30-50 ха<br>10%: 50 ха+ (2017-2018)<br>20%: 50 ха+ (2019)</td><td colspan="2">100%: 0.2-10 ха<br>(+ 20% 1-10 ха)<br>60%: 10-30 ха<br>30%: над 30 ха</td><td colspan="2">100%: 0.2-10 ха<br>60%: 10-30 ха<br>30%: над 30 ха</td></tr>
<tr><td>Дополнителни плаќања (ден/ха)</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>- за остварено производство на грозје</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td colspan="2">28,000 ден/ха<br>48,000 ден/ха</td></tr>
<tr><td>- за реконструирање лозови насади заради промена на сортна структура</td><td></td><td colspan="3">12,000 ден./ха</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>- за конверзија од производство на житни култури во градинарски, овошни и лозови насади</td><td colspan="4">30%</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Плаќања по количина (кг, садник)</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>ДП за произведено и продадено винско грозје во регистрирани преработувачки капацитети за вино</td><td></td><td>1 ден/кг</td><td>1 ден/ кг</td><td>9-20* ден/кг</td><td></td><td></td><td>2 ден/кг</td><td></td></tr>
<tr><td>ДП за производство на домашен лозов калем (садник)</td><td>25 ден.</td><td colspan="7">30 ден/садник (САС категорија) и<br>35 ден/садник (повисока категорија)</td></tr>
</table>

*за предадено а неплатено винско грозје во перидоот 15.8.2014-15.11.2016;
*Извор: Извадоци од Годишните програми за финансиска поддршка на земјоделството (www.ipardpa.gov.mk)*

**Дополнителни плаќања** (12,000 ден/ха) на основната мерка по површина во годините 2018-2020 се проектирани за реконструирање на лозови насади заради промена на сортната структура. Подобни за користење на оваа мерка се земјоделски стопанства кои се корисници на основната мерка по површина и направиле промена на сортната структура со пресадување во периодот од 2016 до 2018 година. Оваа подмерка е програмирана само во програмите за финансиска поддршка на земјоделството во 2018, 2019 и 2020 година, и е изоставена во годишните програми потоа.

**Директни плаќања по количина** (ден./кг) за произведено и предадено винско грозје се дополнително програмирани со измена и дополнување на првичната годишна програма во

2018 година (Сл.В. 160/2018 ) и 2019 година (Сл.В. 237/2019). Овие плаќања се наменети за одредени сорти грозје кои се предадени во регистрирани преработувачки капацитети за производство на вино или се искористени за потребите на сопствениот преработувачки капацитет. Во 2018 година, со плаќање од 1 ден./кг грозје, со оваа мерка се опфатени само сортите смедеревка и вранец од реколтата 2017 година, а во 2019 година, со плаќање од 1 ден./кг грозје, се опфатени сортите смедеревка, вранец, кратошија, станушина, бургундец црн, жилавка и кадарка од реколтата 2019 година.

Со измена и дополна на програмата од 2019 година се предвидени 120 милиони денари (подоцна со измена на програмата овој износ е намален на 92 милиони денари), како дополнителна помош за предадено а неплатено винско грозје во периодот од 15.8.2014 година до 15.11.2016 година.. Висината на помошта, која се исплаќа по килограм предадено грозје, се движи од 9 до 20 денари по килограм зависно од сортата на винско грозје.

Со измена и дополна на програмата од 2023 година, на крајот на годината (Сл. Весник 276/2023 од 22.12.2023 година) се предвидува дополнителна мерка, дополнителни директни плаќања за произведено и предадено винско грозје од реколта 2023 година во регистрирани капацитети за производство на вино, со висина на плаќањата од 2 ден./кг.

Производителите на лозов калем се поддржани со директни плаќања за **производство на домашен лозов и овошен материјал**, кои треба да се произведени и продадени, или употребени за сопствени потреби заклучно до 30 април наредната година. Овие производители  треба да се запишани во Регистарот на снабдувачи со саден материјал и да поседуваат сертификат за сертифициран саден материјал според Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија. Во 2017 година овие плаќања изнесувале 25 ден/садник, додека од 2018 се разликуваат две категории со различни плаќања за нив:  30 ден/садник од стандардна категорија и 35 ден/садник од повисока категорија. Ако насадот е за органско производство на грозје, плаќањата се зголемуваат за дополнителни 30 %.

Доколку производството на грозје е **сертифицирано органско или е во преод**, директните плаќања предвидени според основната мерка за одржување и мерката за реконструирање на лозови насади се зголемуваат за 70 %, но и овие плаќања во лозарското производство се подложни на модулација, односно скалесто исплаќање според големината на пријавена површина (100 % за површина од 0,1 до 10 ха; 60 % за површина од 10,1 до 40 ха; 30 % за површина од 40,1 до 60 ха; и 10 % за површина поголема од 60 ха).

Органското производство, од 2023 година е уредено и со посебна програма, која што е врзана со Програмата за финансиска поддршка на земјоделството. Со оваа програма поддршката се дефинира како фиксен износ на дополнителни плаќања, односно дополнителни 8,400 ден./ха  за основната мерка и дополнителни 19.600 ден/ха за дополнителната мерка за остварено производство на органско грозје, како и дополнителни плаќања за производство на домашен органски лозов насад, со дополнителни 9 ден. и 10,5 ден. за стандардна и повисока категорија.

Исто така, се предвидуваат директни плаќања во износ од 2 % за трговија со органски производи и 5 % преработка со органски производи (до 2018 година), односно 5 % и 10 % (соодветно) од вредноста на произведени и продадени производи, со максимален износ од 150.000 денари по оператор. Во 2023 година се воведува ограничување на поддршката, до пет сертифицирани органски производи и 30,000 ден. по производ. Органските производители се поддржани и со покривање на 70 % (до 2022 година), односно 80% (во 2023 година) од трошоците за анализа на почва (максумум 9.000 денари, односно 12,000 ден по стопанство, соодветно) и 50 % од трошоците за стручна контрола и сертификација.

Од 2023 година, поддршката на органското производство се поддржува со посебна годишна програма, но мерките и висината на поддршката остануваат исти.

Во **подрајчата со ограничени можности** (ПОМ, над 700 метри надморска височина) се исплаќаат дополнителни 15 % од основната мерка и е преполовена минималната потребна површина за производство (од 0,2 ха на 0,1 ха). Овие дополнителни плаќања се врзани со

плаќањата според двете мерки за поддршка по површина: основната мерка за одржување на постоечките лозови насади и дополнителната мерка за промена на сортната структура, (во годините кога таа се користи).

До 2020 година, како дополнителни плаќања на основната мерка по површина за производство на зеленчук, овошни и лозови насади се програмираат дополнителни 30 % на основната мерка по површина **за конверзија од производство на житни култури** во производство на градински, овошни и лозови насади, со што се поттикнува влезот на нови производители на грозје во секторот. Од 2018 година, оваа мерка се дава само за земјоделски стопанства со површина помала од 5 хектари.

Во мерката за директни плаќања за растителното производство се предвидени и подмерки за поддршка на мали земјоделски стопанства. Овие мерки се наменети за производители на сите растителни производства, вклучувајќи го и лозарството. Од 2019 година се воведуваат директни плаќања **за мали земјоделски стопанства со обработлива површина до 1 хектар**. Стопанствата со големина од 0,2 до 5 ха добиваат поддршка од 6.000 ден./стопанство, додека тие со големина од 5 до 10 ха добиваат 12.000 ден./стопанство. Во 2020 година оваа мерка се трансформира како **директни плаќања за мали земјоделски стопанства дефинирани според историски плаќања за претходните три години** и се применува во годините потоа. Висината на плаќањата се утврдува според просекот на плаќањата од претходните години распределени во четири категории од 10.000 до 40.000 ден./стопанство, при што плаќањата се според горната граница на секоја категорија.

### 4.1.2. Вкупна директна поддршка на лозарството и винарството

Со цел подетално согледување на структурата и износите на буџетските трансфери, а согласно со принципите на ЗЗП на ЕУ, директната поддршка е прикажана и според Алатката (образецот) за класификација на мерките на аграрната политика (Agricultural Policy Measures Classification – APMC tool)[6]. Во рамки на оваа алатка, плаќањата во земјоделството се евидентираат според годината на исплата, независно по која програма (односно од која година) се реализираат. Овој пристап не го покажува степенот на искористенот на средствата планирани на годишно ниво, туку реалната сума на средства инјектирани во секторот секоја година. Табела 11 ги прикажува буџетските трансфери исплатени по мерките наменети исклучиво за лозарството и винарството согласно Програмата за финансиска поддршка на земјоделството, и учеството на овие плаќања во вкупната директна поддршка во земјоделството.

Од табелата се гледа дека буџетот за директни плаќања во лозарството континуирано се зголемува (од 467 милиони денари во 2017 година до 766 милиони денари во 2021 година), а се зголемува и учеството на овој буџет во вкупниот буџет за директна поддршка на земјодеството (од 7,5 % во 2017 година до 10,1 % во 2021 година). Овој раст малку се интензивира во 2019 и 2020 година, кога се исплатени директни плаќања по предадено грозје во преработувачките капацитети за производство на вино. Доминантноста на мерките за плаќања по површина земјоделско земјиште под лозови насади се гледа и визуелно на Слика 6, каде што за мерката по количество грозје се издвојува само околу 10% и 20 % во 2019 и 2020 година, додека во 2021 година овој износ е незначителен (и се однесува на заостанати исплати).

6 Martinovska Stojcheska, A., Kotevska, A., Ciaian, P., Ilic, B., Pavloska-Gjorgjieska, D., Salputra, G. (Eds.) (2021). Recent agricultural policy developments in the context of the EU approximation process in the pre-accession countries (No. JRC124502). Joint Research Centre (Seville site).

Табела 11. Реализирани буџетски трансфери за лозарството (милиони денари) и учество во вкупната директна поддршка во земјоделството (%)

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Вкупно | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Директни плаќања за лозарството | 466,8 | 588,7 | 804,7 | 793,1 | 766,6 | 644.9 | 4065 | 677 |
| - според аутпут | - | - | 90,7 | 161,3 | 764,3 | 1,7 | 1018 | |
| - според површина | 466,8 | 588,7 | 714.0 | 631,8 | 2,4* | 643.1 | 3047 | |
| Учество во вкупната директна поддршка | 7,2% | 8,2% | 10,5% | 11,3% | 9,3% | 8,2% | 9,1% | 9,1% |

*Извор: АРМС, 2023[7]; Забелешка: нема исплата за програмата од 2020 година*




Слика 6. Вкупна буџетска поддршка на производителите на грозје (мил. ден., 2017-2022 год.)

*Извор: АРМС, 2023*

### 4.1.3. Други мерки за поддршка според Програмата за финансиска поддршка на земјоделството

Програмата за финансиска поддршка на земјоделството предвидува и други мерки со кои се поддржуваат земјоделските стопанства, независно дали произведуваат грозје или имаат друго растително или сточарско производство. Некои од овие мерки се во форма на субвенции со кои се покриваат дел од трошоците за осигурување, анализа на почвата или набавка на гориво за механизацијата, или како дополнителна помош за одредени категории носители на земјоделското стопанство (Табела 12).

Субвенциите за кофинансирање на премии за осигурување покриваат максимален износ од 60 % од трошоците, којшто е ограничен на максимум 150.000 денари по стопанство. Кофинансирањето е ограничено и врз основа на големината на опфатената површина, што во однос на лозјата изнесува максимум 5 хектари. За оваа мерка годишно се предвидуваат

7 Базата на податоци АРМС е подготвена во рамките на серија проекти финансирани од SWG RRD; податоците од датабазата се јано достапни на: http://app.seerural.org/agricultural-statistics/. Податоците обработени во оваа студија се добиени од АФПЗРР до 01.02.2023 година.

70 милиони денари, но практиката укажува на промени на буџетот во текот на годината, зависно од потребите; на пример, овој износ значајно се намалува (до 600,000 денари) во 2018 година, односно со измена на крајот на годината двојно се зголемува во 2021 (145,100,000 ден.) и 2023 година (137,500,000 ден) (Прилог 4).

Со мерката помош за заштита на земјоделско земјиште се поддржуваат земјоделските производители со покривање на 70 % од трошоците за анализа на земјоделското земјиште, или максимум 9.000 денари по стопанство. За оваа мерка годишно се превидува еден милион денари годишно (Табела 12), иако често овој износ со измени и дополнувања се намалува на симболичен износ од 1.000 денари (Прилог 4), што укажува на слабо користење на оваа мерка во пракса.

**Табела 12. Други мерки за поддршка според програмата за финансиска поддршка на земјоделството**

| | МЕРКА | ПРОГРАМИРАН ИЗНОС | УСЛОВИ |
|---|---|---|---|
| 3 | Помош во премии и осигурување | 70 милиони ден. (20172022)<br>10 мил. ден. (2023)<br>100,000 ден. (2024) | Максимум 60 % (чл. 98, ЗЗРР, Сл.В.)<br>Максимум 5 ха за лозја<br>Максимум 150.000 ден./стопанство |
| 4 | Помош за заштита на земјоделско земјиште | 2 милиони ден. (2017)<br>1 милион ден.<br>(2018-2023)<br>1.000 ден. (2024) | 70 % од трошоци за анализа<br>Максимум 9000 ден./стопанство |
| 5 | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 10 милиони ден. (20172023)<br>1.000 ден. (2024) | + 5 % на правни лица основани од носител на стопанството<br>+ 10 % на млад земјоделец носител на стопанството<br>+ 20 % на стопанство регистрирано согласно ЗВЗД или ЗПИО |
| 8 | Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земј. механизација | 200 мил. ден. (2019, 21, 22)<br>250 мил. ден. (2020)<br>360 мил. ден (2023)<br>522 мил. ден (2024) | 50 % од трошоците<br>макс 100.000 ден./стопанство |

*Извор: Извадоци од Годишните програми за финансиска поддршка на земјоделството (www.ipardpa.gov.mk)*

Како дополнителна помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство се предвидуваат 10 милиони денари годишно, при тоа, дополнителни 5 % се доделуваат на правни лица основани од носителот на стопанството кои се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, 10 % на млади земјоделци (до возраст од 40 години), кои се носители на стопанството, дополнителни 20 % на семејно земјоделски стопанства регистрирани согласно Законот за вршење на земјоделска дејност или Законот за пензиско и инвалидство осигурување, и од 2021 година се воведуваат дополнителни 10 % за земјоделски задруги за остварено и продадено производство преку задругата (Табела 12). За оваа мерка годишно се предвидуваат по 10,000,000 ден., и како и со претходната мерка, буџетот за оваа мерка често се намалува на 1.000 денари (Прилог 4).

Мерката за субвенционирање на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација започнува да се применува од 2019 година и предвидува покривање 50 % од трошоците за набавка на гориво, но не повеќе од 100.000 денари по земјоделско стопанство.

За оваа мерка годишно се предвидуваат од 200 до 360 милиони денари (2023 година) и максимум 520 милиони денари (2024 година). И оваа мерка е подоложна на чести промени во предвидениот буџет, со по неколку зголемување и намалувања на буџетот во текот на една година (Прилог 4).

## 4.2. ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој ја сочинуваат низа од мерки предвидени во периодот од 2017 до 2024 година, за коишто речиси секоја година се предвидуваат финансиски средства и којашто редовно подлежи на измени и дополнувања. Во описот на програмата се земени предвид првично-планираните износи според годишните програми, додека исплатите од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој се претставени според АПМ алатката за класификација на мерките на аграрната политика (Agricultural Policy Measures Classification Tool– APMC tool). Измените и дополнувањата се презентирани во прилог 4.

Овие мерки, според својата цел се групираат во неколку групи: (1) мерки за зголемување на конкурентноста на земјоделското производство; (2) мерки за унапредување на животната средина и руралните средини; (3) мерки за подобрување на квалитетот на животот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економските активности, и (4) технички мерки за поддршка на развојот на земјоделството и руралниот развој.

Првата и четвртата група мерки се особено значајни, затоа што имаат директно влијание на подобрување на условите за развој на лозарството и винарството и затоа се одделно претставени.

Останатите мерки во програмата имаат индиректно влијание, така што можат да бидат искористени како дополнителни можности од страна на производителите (на пример развојот на руралниот и винскиот туризам, како диверзифицирана економска активност, и потенцијал за пласман и промоција на вината со географско потекло.

### 4.2.1. Зголемување на конкурентноста

Зголемувањето на конкурентноста на земјоделското производство се предвидува да се постигне преку унапредување на знаењето и вештините на земјоделските производители, поттикнување на земјоделска дејност вклучително кај младите (до 40 годишна возраст) и жените како ранливи категории, модернизација на производството, и поттикнување на соработка за подобрување на ефикасноста и квалитетот на производите.

#### а) Знаење и вештини

Подобрувањето на нивото на знаење и вештини кај земјоделските производители е клучно за унапредување на секторот. Само информиран и образуван производител може да обезбеди профитабилно и одржливо земјоделско стопанство, со квалитет што се бара на пазарите. За обезбедување на оваа цел до 2019 година се предвидени мерки за обука и информирање на земјоделските производители (мерка 111) и за советодавни услуги во земјдоелството (мерка 114).

Мерката 111 е наменета за организирање и обука на курсеви (со времетраење од 40 до 200 училишни часови) и информативни сесии (со времетраење од 6 до 18 часа) за усовршување и оспособување на земјоделскте производители за водење на земјоделското стопанство, трансфер на знаења, користење на информатичка технологија, примена на стандарди, итн. Поддршката изнесува во вредност од 100 % од прифатливите и направени трошоци за организирање на овие курсеви и сесии, вклучително и подготовка и печатење на пропратни

материјали. После пауза од четири години, оваа мерка е повторно предвидена во програмата за 2023 година, со значителен буџет за оваа мерка од 20 милиони денари (споредено со износот од 100.000 ден. во 2018 година).

Корисници на мерката 114 се организациите кои нудат советодавни услуги (образовни, научно-истражувачки, советодавни организации и национални здруженија на производители, но не и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството), како и корисниците на овие услуги (земјоделските производители). Поддршката на советодавните организации се исплаќа согласно деловен план одобрен од министерството, и тоа 80 % од прифатливите трошоци и се намалува за 5 % во наредните пет години. Поддршката на земјоделските корисници изнесува 80 % од прифатливите и направени трошоци и не надминува 70.000 денари по корисник годишно. Буџетот за овие мерки е доста мал, од 0.1 до 10 милиони денари годишно, со низок степен на реализација, што не е доволно да се покријат големиот број на земјоделски производители во земјата на коишто им е потребна советодавна услуга, како и различните потреби и теми на секоја земјоделска гранка.

Сепак, за овие две мерки, во периодот после 2017 не се исплатени финансиски средства.

Табела 13. Знаење и вештини (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.)

| | Мерка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Исплатено* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 111 | Обука и формирање на замјоделските производители | 1,00 | 0,01 | - | - | - | - | 20,0 | 20,0 | - |
| 114 | Советодавни услуги во земјоделството | 0,50 | 0,01 | 1,00 | - | - | - | - | - | - |

*Извор: Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој 2017-2024; *исплатено во периодот 2017-2023, според годината на исплата, независно по која програма и за која земјоделска гранка, извор: АРМС 2023)*

## б) Поттикнување на земјоделска дејност

За поттикнување на земјоделска дејност се предвидени неколку мерки (мерките 112 и 113) коишто ги опфаќаат и младите земјоделци до 40 години возраст, како и жените (со мерката 115). Овие три мерки се однесуваат за сите земјоделски производители, не само за производство на грозје и вино (не се достапни детални податоци колку од лозаропроизводителите се корисници на овие мерки).

Мерката 112 се однесува на млад земјоделец кој за првпат започнува со земјоделско производство или го презема постоечкото земјоделско стопанство. Освен што треба да е носител на земјоделското стопанство, тој треба да има минимум средно земјоделско образование или соодветна обука и да спроведува добри практики. Поддршката се исплаќа согласно одобрен деловен план во времетраење од три години, на годишно ниво во најмногу три рати согласно фазите на реализација на инвестицијата, во вкупна вредност до 1,2 милиони денари. Според уредбата за Програмата од 2022 година, може да се додели авансна исплата до 40 % од вредноста. Корисници на оваа мерка се семејни земјоделски стопанства коишто претходно не користеле ваква поддршка. Значењето на оваа мерка во однос на лозарството и винарството е олеснување на влезот на нови, иако мали по обем, учесници во пазарот, и зголемување на понудата, добавувачите и конкурентите. Годишниот предвиден износ за оваа мерка се намалува од преку 220 мил. ден. во 2018 до 20 мил. ден. во 2023 година (Прилог 4), што укажува на непрепознавање на потребата од ваква мерка на терен. За оваа мерка е исплатена финансиска поддршка во износ од 227,8 милиони денари.

Мерка 113 претставува неповратна финансиска помош за инвестиции наменети за модернизирање на земјоделското стопанство во износ до 1,2 милиони денари коишто се исплаќаат во три годишни рати согласно одобрен деловен план.  Оваа мерка е воведена во

2019 година со износ од само 0,5 мил. ден., за потоа постепено овој износ да се зголемува до 150 мил. ден. во 2022 година, и повторно значајно да се намали во 2023 год., со износ од само 5,5 мил. ден. Според податоците во АРМС образецот, до 2023 година се исплатени 116,73 по однос на оваа мерка.

Мерка 115 претставува неповратна финансиска помош за мали инвестиции во износ до 36.000, односно 180.000 денари по стопанство (на пример, за производство на маџун или други преработки), наменети за активност спроведувана од женски член на стопанството. И оваа мерка е воведена во 2019 година со првичен буџет од 1 мил. ден., за потоа овој износ да се зголеми до 20 мил. ден. во 2020 год. и 40 мил. ден. во 2021 год., но со измени и дополнувања на програмите повторно да се намали на износ до 1 мил. ден. Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој во 2023 година предвидува 22 мил. ден., а во 2022 и 2023 година за оваа мерка вкупно се исплатени 26 мил. ден.

**Табела 14. Поттикнување на земјоделска дејност (планиран буџет по години и исплатено до 2023, мил. ден.)**

| | Мерка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Исплатено* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 112 | Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност | 10,0 | 25,0 | 20,0 | 3,0 | 3,0 | 6,0 | 19,5 | 14,2 | 227,8 |
| 113 | Поддршка за поттикнување на земјоделско производство | - | - | 0,0 | 1,0 | 3,5 | 15,0 | 5,5 | 4,1 | 116,7 |
| 115 | Поддршка за активен женски член во земјоделско домаќинство | - | - | 0,1 | 2,0 | 1,8 | 4,0 | 22,0 | 6,0 | 26,2 |

*Извор: Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој 2017-2024; *исплатено во периодот 2017-2023, според годината на исплата, независно по која програма и за која земјоделска гранка, извор: АРМС 2023)*

## в) Модернизација

Особено значајни, со директно влијание на секторот, вклучително и лозарството и винарството, се мерките за подобрување на конкурентноста. Тука пред сè спаѓа мерката 121 со којашто се поддржуваат инвестиции за модернизација на земјоделските стопанства, како што се подигнување на нови насади, набавка на трактори, набавка на систем за наводнување капка по капка или други зафати на површинска вода, како и набавка на матични растенија од категорија основен саден материјал во овоштарството и лозарството. Буџетот за оваа мерка многу варира од година во година, како во однос на првично предвидениот износ, така и во однос на крајниот износ кој понекогаш изнесува половина или дури десетина од првичниот износ. Од голем дел од буџетот за 2022, 2023 и 2024 година (Табела 15), односно 445, 591 и 699 мил. ден. соодветно, се наменети за заостанати обврски од претходните години). Во периодот од 2017 до 2023 година е исплатена финансиска поддршка во износ од 837,06 милиони денари.

За подигнување на нови овоштарници и лозја годишниот буџет се движи од 12 мил. ден во 2021 и 14 мил. ден. во 2017 до 39 мил. ден. во 2019 година.

Мерката 123 за инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи е наменета за преработувачки капацитети, за развој на нови производи и дизајн, нови производни процеси и технологии за преработка, за развој на пазарна инфраструктура за постбербени

активости, или за собирање и чување на примарни земјоделски производи, како и за постигнување на повисоки стандарди од минималните утврдени со закон. Корисници на овие мерки се трговски друштва и задруги, а поддршката изнесува до 50 % од прифатливите и направени трошоци (освен за големи претпријатија, кога поддршката изнесува до 25 %). Оваа мерка може да се користи и од микро, мали и средни претпријатија, како и земјоделски задруги, коишто потпишале договор за користење на средства од ИПАРД фондот. Буџетот наменет за оваа мерка значајно варира низ годините и се движи од 3 мил. ден. во 2023 до 230 мил. ден. во 2019 година (но исплата имало само во 2015 година по програмата од 2013 година).

Табела 15. Модернизација (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.)

| | Мерка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Исплатено* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 121 | Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства | 425 | 101 | 225 | 159 | 67 | 480 | 680 | 699 | 837 |
| | -подигнување на нови овошни и лозови насади | 14 | 30 | 39 | 22 | 12 | 15 | | | |
| | -набавка на трактори (во 2017: само за житни и индустриски култури) | 50 | 20 | 60 | 10 | 05 | 21 | | | |
| | -набавка на систем за наводнување капка по капка, конструкција на бунари[1)] | 18,6 | 2,0 | 3,0 | 0,7 | 1,0 | 12,0 | | | |
| | -набавка на матични растенија од категорија основен саден материјал во овоштарство и лозарство | 0,2 | 0,1 | 1,9 | - | 0,8 | - | | | |
| 123 | Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи | 1,8 | 1,2 | 23,0 | 1,1 | 0,6 | 1,3 | 3,0 | | - |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 124 | Инвестиции во инфраструктура за развој на ЗШВ[2)] и заштита од природни непогоди | 70,6 | 68,7 | 80,6 | 73,4 | 11,4 | 14,3 | 106,0 | 81,5 | 235,8 |
| | - капитални инвестиции во водостопанската инфраструктура | 40,5 | 55,0 | 70,7 | 36,0 | 2,4 | 6,0 | | | |
| | -останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура | 18,0 | 11,7 | 3,0 | 0,0 | 4,0 | 3,9 | | | |
| | -пристап до земјоделско земјиште | 3,0 | 1,0 | 3,0 | 1,0 | 0,5 | 1,4 | | | |
| | -консолидација на земј. земјиште | 0,4 | 1,0 | 1,5 | 0,4 | 1,5 | 3,0 | | | |

*Извор: Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој 2017-2024; *исплатено во периодот 2017-2023, според годината на исплата, независно по која програма и за која земјоделска гранка, извор: АРМС 2023); Забелешка: 1) од 2018: и други зафати на површинска вода; 2)земјоделството, шумарството и водостопанството*

Со мерка 124 се поддржуваат капитални инвестиции во водостопанската инфраструктура, пристап до земјоделско земјиште, консолидација на земјоделско земјиште, како и унапредување на пасиштата. Корисници на оваа мерка се МЗШВ, единиците на локалната самоуправа, водостопанските претпријатија и водните заедници, и јавното претпријатие за стопанисување со пасиштата. Поддршката, според оваа мерка, изнесува 100 % од прифатливите трошоци. За овие инвестиции се предвидувале околу 70 мил. ден. годишно, но од 2021 година годишниот буџет за оваа мерка е значајно намален на 11,4 мил.ден. во 2021, 11,4 мил. ден. во 2022. Во 2023 и 2024 година голем дел од буџетот (60 мил. ден. во 2023 и 15 мил. ден. во 2024) е наменет за неподмирени плаќања од претходните години. Вкупно, за периодот од 2017 до 2023, за оваа мерка е исплатена финансиска поддршка во износ од 235,82 милиони денари.

## г) Соработка

Соработка меѓу различните чинители во секторот е клучна за развој на земјоделско- прехранбениот сектор. Во неколку наврати, односно во 2018-2019 година, и потоа во 2021-2023 година се програмира мерка за поттикнување на соработка за развој на нови производи, процеси и технологии во земјоделскиот и прехранбениот сектор како интегрирани проекти (мерка 125) со незначителен буџет од 100.000 денари годишно (во 2018 година буџетот е 3,5 милиони денари). Сепак, за оваа мерка не е забележана исплата на финансиска помош, бидејќи сеуште е во процес на докомплементирање на легислативната рамка за нејзина реализација.

Табела 16. Соработка (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.)

| | Мерка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Исплатено* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 125 | Соработка за развој на нови производи, процеси и технологии во земј. и прехранб. сектор (интегрирани проекти) | - | 3,50 | 0,10 | - | 0,10 | 0,10 | 0,1 | 0,1 | - |
| 131 | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност | 6,00 | 8,03 | 3,00 | 0,30 | 0,85 | 1,00 | 8,4 | 3,0 | 12,5 |

*Извор: Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој 2017-2024; *исплатено во периодот 2017-2023, според годината на исплата, независно по која програма и за која земјоделска гранка, извор: АРМС 20*23.

Поддршката за основање и оддржување на функционирањето на земјоделските задруги се врши со мерката 131. Бидејќи оваа мерка е за заедничко вршење на земјоделска дејност, таа вклучува и инвестиции за заеднички производни практики заради зголемување на ефикасноста, усогласување на стандардите и обезбедување на производи со повисок квалитет (органски производи, производи со гарантирана традиционална посебност, заштитен географски назив и ознака на потекло и вино со географско потекло). Со оваа мерка исто така се покриваат и трошоци за манифестации, саеми и промотивни кампањи. Корисници се земјоделските задруги, а поддршката изнесува 100 % од прифатливите трошоци според одобрен деловен план за период од пет години. Оваа мерка е присутна во програмата сите години, но има опаѓачки тренд на буџетот до 2022 год., и е забележано значително зголемување, во споредба со претходните години, до 8,4 мил. ден. во 2023 год. За оваа мерка се исплатени 12,50 милиони денари.

### 4.2.2. Мерки за техничка поддршка

Во мерките за техничка поддршка, особено неколку се значајни или имаат голем потенцијал за искористување од учесниците во лозарството и винарството (Табела 17). Пред сè, тука спаѓа поддршката за учество на саемски манифестации за промоција на земјоделски производи и преработки во и вон државата (мерки 1.1 и 1.2). При тоа, листата на манифестации вон државата е прилично сеопфатна и во 2022 година брои десетина настани низ светот, односно во: САД (Fancy Food), Велика Британија (Food & Drink Expo), Русија (Prodexpo), Германија (Green week, Fruitlogistica, ProWein), Полска (WorldFood Poland), Италија (Vinitaly), Кина (ProWein Schnagai, Interwine Guangyhou), Холандија (World Bank Wine Exhibition). За овие две мерки се предвидувале од 30 до 60 милиони денари годишно, но периодот 2017-2023 година за нив вкупно се издвоени средства во вредност од 133,72 милиони денари.

Освен оваа мерка, во 2018 година е предвидена и посебна мерка за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино (мерка 1.9), за кои биле предвидени 4 милиони денари, а потрошен е помалку од 1 милион денари. Другите години учеството на меѓународни и регионални натпревари за вино се покрива преку мерката за помош за маркетинг на земјоделски производи.

Со мерката за помош за маркетинг на земјоделски производи и преработки (мерка 1.3) се предвидува покривање на трошоци за амбалажа на преработени земјоделски производи (вклучително и за вино), за воведување на ознаки за квалитет на земјоделски и преработени производи, за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена награда, за организирање на трговски, студиски, медиумски посети за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи, како и за закуп на медиумски простор за објава на статии за македонски производи во странски специјализирани списанија за храна и вино. За оваа мерка годишно се предвидувале од 5 до 23 милиони денари (со тенденција на намалување до 2022 година), и повторно зголемување во 2023 година (36 мил. ден.). Вкупно во периодот од 2017 до 2023 за оваа мерка се издвоени 12,45 милиони денари.

Табела 17. Технички мерки за поддршка на развојот на земјоделството и руралниот развој (планиран буџет по години, милиони денари)

| | | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој (вкупно) | 169,0 | 94,5 | 152,9 | 191,4 | 173,0 | 181,5 | 230,2 | 258,9 |
| 1.1 и 1.2 | Организирање и спроведување и учество на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи и преработувачи во и вон Р.С. Македонија | 30,0 | 30,0 | 60,0 | 59,9 | 40,0 | 51,8 | 50,0 | 75,0 |
| 1.3 | Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 23,0 | 5,0 | 18,2 | 10,1 | 11,0 | 6,2 | 35,9 | 16,5 |
| 1.4 | Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали и публикации | 0,5 | 0,5 | 8,2 | 0,5 | 2,0 | 0,0 | 0,5 | 0,5 |
| 1.5 | Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој | 3,0 | 2,0 | 9,7 | 1,4 | 3,0 | 9,0 | 7,5 | 0,5 |
| 1.6 | Инвестициони вложувања за поставување на научно-демонстративни примери | 6,0 | 6,0 | 28,8 | 3,0 | 37,0 | 3,0 | 1,0 | 35,6 |
| 1.7 | Воспоставување и спроведување на иновативни практики | 10,0 | 6,0 | 28,0 | 2,0 | 0,1 | 10,01 | 0,01 | 0,0 |
| 1.8 | Други трошоци и инвестициски вложувања за воспоставување и спроведување на мерките | 96,5 | 41,0 | - | 114,5 | 80,5 | 101,5 | 135,3 | 130,8 |
| 1.9 | Учество на меѓународни и регионални натпревари за вино | - | 4,0 | - | - | - | | | |
| 2 | Субвенционирање на каматна стапка | 1,0 | 30,0 | 30,0 | 15,0 | 14,0 | 5,0 | 8,0 | 26,7 |
| 3 | Активности на Национална рурална мрежа | | | | | | | 10,0 | 10,2 |

*Извор: Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој 2017-2024; *исплатено во периодот 2017-2023, според годината на исплата, независно по која програма и за која земјоделска гранка, извор: АРМС 2023.*

Мерката техничка подршка на земјоделството и руралниот развој вклучува уште неколку подмерки со кои се поддржува изработката и печатењето на публикации, стратешки документи, спроведување на истражувања и анализи, како и инвестициски вложувања за поставување на научно демонстративни примери или спроведување на иновативни практики и сл.

Значаен удел од средствата потрошени за мерките за техничка поддршка (околу 60 % или вкупно 205,15 мил. ден. за периодот 2017-2023 година) се наменети за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (мерка 1.8).

Освен овие технички мерки за поддршка на развојот на земјоделството и руралниот развој, секоја година се планираат од 1 до 30 милиони денари годишно за субвенционирање на каматна стапка (мерка 2), но исплатени се само 0,87 милиони денари во 2021 година, по програмата од 2019 година. Во програмата за 2023 година е издвоен буџет од 8 мил. ден. Исто така, во програмата за 2023 година, за првпат е предвиден буџет за покривање на трошоците на Националната рурална мрежа (мерка 3), во износ од 10 мил. ден.

### 4.2.3 Останати мерки во програмата

**Унапредувањето на животната средина** во руралните средини се поттикнува преку група мерки за одржливо користење на ресурсите, пред сè земјоделското земјиште, заштита на биодиверзитетот, но и се компензира пониското приход кој произлегува од вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности или од органското производство.

**Компензација.** Бидејќи органското производство и земјоделската дејност во подрачја со ограничени можности (над 700 метри надморска височина) е предизвик за производителите, при што се јавуваат повисоки трошоци и/или понизок принос, програмата за рурален развој предвидува мерки за помош на овие активности (мерките 211 и 215).

За помош за вршење земјоделската дејност во подрачја со ограничени можности (мерка 211) се доделуваат од 3 до 9 милиони денари годишно, како дополнителна помош на директните плаќања, која се исплаќа како 15 % процентуално зголемување на директните плаќања, или најмногу 30.000 денари по хектар. Во програмата за 2023 година за оваа мерка се предвидени 98 мил. ден. кои во целост се наменети за неподмирени исплати од претходните години, и во периодот 2017-2023 година вкупно е исплатена финансиска поддршка во износ од 288,83 милиони денари.

За органско производство (мерка 215) се доделуваат од 6 до 10 милиони денари годишно, како дополнителна помош на директните плаќања, којашто се исплаќа како процентуално зголемување на директните плаќања. Во лозарството и винарството, дополнителната помош за органско производство изнесува 70 %. За оваа мерка вкупната финансиска поддршка во периодот 2017 - 2023 година иснесува 510,72 милиони денари.

Табела 18. Компензација (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил.ден.)

| | Мерка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Исплатено* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 211 | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ) | 3,0 | 6,1 | 9,0 | 4,5 | 9,0 | - | 98,0 | 288,8 |
| 215 | Органско производство | 6,1 | 8,1 | 8,9 | 6,0 | 10,4 | - | - | 510,7 |

*Извор: Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој 2017-2022, *АРМС 2023 според годината на исплата, независно по која програма и за која земјоделска гранка)*

**Биодиверзитет.** Мерката 214 е неповратна финансиска помош за заштита и унапредување на животната средина преку активности за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и добиток, обезбедување на задолжителни генетски резерви (214.1) и зачувување на генетската разноводност на автохтоните сорти и раси. Корисници на оваа мерка се субјекти на кои им е доделено овластување согласно прописите за семе, саден материјал, здравје и заштита на растенијата и во сточарството, како и земјоделски стопанства (во вид на директни плаќања) на кои се одгледуваат овие автохтони сорти и раси.

Табела 19. Биодиверзитет (планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.)

| | Мерка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Исплатено* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 214 | Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина | 1,3 | 1,4 | 1,3 | 1,5 | 1,3 | 2,7 | 28,0 | 28,0 | |
| | - активности за воспо-ставување, следење и анализирање на со-стојбите со автохтоните земјоделски растенија и добиток, и обезбедување на задолжителни генетски резерви (214.1) | 0,1 | 0,6 | 0,4 | 0,3 | 0,1 | - | | | |

*Извор: Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој 2017-2024; *исплатено во периодот 2017-2023, според годината на исплата, независно по која програма и за која земјоделска гранка, извор: АРМС 2023).*

Буџетот за оваа мерка во периодот од 2017 до 2021 година се движи од 1,3 до 1,5 милиони денари до 2021 година, и 2.7 мил. ден. во 2022 година. Во 2023 година буџетот за оваа мерка многукратно се зголемува (28 мил. ден.), но значаен дел од нив, односно 21 мил. ден. во 2023 и 15 мил. ден. во 2024, се наменети за неподмирени трошоци од претходните години. За оваа мерка, во периодот 2017 -2023, вкупно се исплатени 58,81 милиони денари.

**Подобрувањето на квалитетот на живот во руралните средини** се врши преку низа на мерки кои се насочени кон подобрување на руралната инфраструктура, поттикнување на локален развој и диверзификација на економските активности.

**Рурална инфраструктура.** Мерката 321 за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини вклучува изградба на локална патна инфраструктура, канализациони и водоснабдителни системи, изградба или модернизација на објекти за млади или стари лица, итн. Изработката на урбанистички планови, изградба и реконструкција на улици, плоштади, шеталишта и сл. се дел од мерката 322 за обнова и развој на селата. Мерката 323 за зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја вклучува означување и уредување на културни и природни знаменитости, уредување на излетнички места, озеленување на површини околу езера и магистрални патишта во рурални средини. Висината на оваа поддршка изнесува 100 % од прифатливите и направени трошоци, а како корисник се јавува пред сѐ локалната самоуправа, но и други релевантни владини институции. Планираниот буџет за овие три мерки значачно се разликува од година во година (Табела 20), а се забележува и тенденција на негово намалување до 2022 година, и повторно значително зголемување во програмата за 2023 година. Во периодот од 2017 за овие мерки е исплатена финансиска поддршка во износ од 122,7 милиони денари.

Табела 20. Група мерки за подобрување на квалитетот на живот
(планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.)

| | Мерка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Исплатено* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 321 | Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини | 13,0 | 27,5 | 5,0 | 4,6 | 25,0 | 13,0 | 26,0 | 7,5 | **61,2** |
| 322 | Обнова и развој на селата | 20,0 | 22,5 | 13,0 | 2,5 | 9,0 | 2,0 | 10,0 | 12,5 | **30,2** |
| 323 | Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја | 5,1 | 13,0 | 2,0 | 4,5 | 14,0 | 2,0 | 24,0 | 10,0 | **31,3** |

*Извор: Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој 2017-2024; *исплатено во периодот 2017-2023, според годината на исплата, независно по која програма и за која земјоделска гранка, извор: АРМС 2023.*

**Локалниот развој** се поттикнува да произлезе од локални иницијативи, па затоа се предвидени сет на мерки за неповратна финансиска помош. До 2018 година била предвидена поддршка на работата на локалните акциски групи т.н. ЛАГ-ови (мерка 431 за потикнување на локален развој на рурални средини), која подоцна не се програмира, туку се програмира мерка за воспоставување на ЛАГ-ови (мерка 412). Буџетот за овие две мерки се движи од 100.000 до 300.000 денари (освен во 2022 година кога значајно се зголемува до 700.000 денари). Влијанието на ЛАГ-овите се одвива преку развој и реализација на стратегии за локален развој на рурални средини, за што редовно се програмира мерката 413 со буџет од 500.000 денари во 2020 и 2022 до 1,3 милиони денари во 2019 година. За мерките 412 и 413 е исплатена финансиска поддршка во 2020 и 2021 година (по програмите од 2019 до 2020), во износ од 6,4 милиони денари.

Табела 21. Група мерки за подобрување на квалитетот на живот
(планиран буџет по години и исплатено 2017-2023, мил. ден.

| | Мерка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Исплатено* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 412 | Воспоставување на локални акциски групи | - | - | 0,1 | 0,3 | 0,3 | 0,7 | 2,0 | 1,7 | 0,6 |
| 413 | Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини | 1,0 | 1,0 | 1,3 | 0,5 | 0,7 | 0,5 | 2,0 | 0,6 | 3,6 |
| 431 | Потикнување на локален развој на рурални средини | 0,2 | 0,1 | - | - | - | - | - | - | - |

*Извор: Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој 2017-2024; *исплатено во периодот 2017-2023, според годината на исплата, независно по која програма и за која земјоделска гранка, извор: АРМС 2023.*

## 4.3. ДРУГИ ПРОГРАМИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Почнувајќи од 2022 година, Владата донесува и спроведува и дполнителни програми, меѓу кои Програма за спроведување на интервентен фонд во земјоделството, Програма за финансирање на микро производители на вино, Програма за капитални субвенции, Програма за фитосанитарна политика, Програма за ѓубрива, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, а од 2023 година серијата на дополнителни програми се надополнува со Програма за семе и саден материјал, Програма за финансиска поддршка на органското производство и многу други (Табела 22, достапни на www.mzsv.gov.mk).

**Програмата за спроведување на интервентен фонд во земјоделството** е донесена после првичните настани со руско-украинската криза во почетокот на 2022 година, со цел да се ублажат последиците од зголемувањето на производните трошоци. Оваа програма првично е насочена кон финансиска поддршка за набавени ѓубрива од страна на производителите на пченица, јачмен, пченка и сончоглед, за предадени јагниња и гоеници во регистрирани кланични капацитети, како и за кокошки несилки во производство на конзумни јајца. Подоцна со низа на измени и дополнувања, оваа програма вклучува и други производи, како што се: зелка, слива, кравјо, овчо и козјо млеко и вино.

Со измената на програмата (Сл. Весник 166 од 31.8.2022) се поддржуваат производителите на вино кои што извезле вино во последните 12 месеци, односно ретроградно од 1.9.2021 до 1.9.2022. На крајот на тековната година, оваа програма повторно претрпува измена (Сл. Весник 266 од 9.12.2022) со која што дополнително се уредува делот кои се погодни корисници на оваа мерка. Висината на поддршката изнесува 2 ден. по литар наливно вино, 3 ден. за стаклена амбалажа до 0,75 л и за bag-in-box и ПЕТ амбалажа од 2 до 10 л, и 4 ден. за стаклена и ПЕТ амбалажа со тежина од 0,75 до 2 литри. Програмата за спроведување на интервентен фонд во 2023 година се однесува само за расадена површина со зимска зелка и за заостанати обврски од програмата за претходната 2022 година, вклучително и за мерката за производителите и извезувачи на вино.

**Програма за финансирање на микро производители на вино** е наменета за финансиска поддршка за инвестиции во основни средства и опрема на производители на вино со максимален капацитет на производство до 50.000 литри годишно и коишто се впишани во Регистарот на производители на вино од 1.1.2020 година. Годишниот буџет на оваа програма за 2022 година првично изнесува 5 мил. ден. (Сл. Весник 30/2022), што подоцна со измена и дополна е повеќекратно зголемен, до 30 мил. ден. (Сл. Весник 97 од 19.4.2022) Висината на поддршката изнесува до 600.000 ден. од кои до 90 % може да се искористат за опрема, а до 10 % за ангажирање на енолог. Целта на оваа програма е развој на нови семејни винарии и зголемување на конкурентноста.

**Програма за капитални субвенции** за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој е донесена за 2022 и 2023 година. Оваа програма има за цел да се подобри пристапот до обработливи површини во подрачјата со интензивна земјоделска дејност, со финансиска поддршка за изведба и надзор на проекти за подобрување на патната инфраструктура. За оваа програма се предвидени буџети од 24 мил. ден. во 2022 и 13 мил. ден. во 2023 година, од коишто повеќе од 60 % се наменети за заостанати обврски од претходните години.

**Програма за фитосанитарна политика** е донесена за 2022 и 2023 година со вкупен буџет од 19.7 мил. ден (2022) и 21,8 мил. ден. (2023). Оваа програма е наменета за финасирање на фитосанитарен мониторинг на земјоделски култури, вклучително и за овошни видови и винова лоза (со буџет од 0,72 мил. ден. во 2022 и 0,39 мил. ден. во 2023 година), мониторинг на фитосанитарите производи, нивното производство, преработка, складирање, дистрибуција и употреба, проширување и одржување на фитосанитарниот информациски систем (со буџет од 2.6 мил. ден во 2022 год), и низа на активности кои произлегуваат од законската регулатива за оваа област.

**Програма за ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата** е донесена за 2022 и 2023 година со вкупен буџет од 0,4 мил. ден годишно. Оваа програма е наменета за финансиска поддршка за монторинг на производството и внатрешниот промет на ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, вклучително и органските ѓубрива.

Во 2023 година, Владата донесува посебна П**рограма за финансиска поддршка на органското производство**, којашто по содржина соодветствува со мерките за поддршка на органското производство коишто досега беа дефинирани како дополнителни директни плаќања во програмите за финансиска поддршка на земјоделството, а спроведени преку мерка 215 од програмите за рурален развој. Овие мерки се веќе обработени во описот на овие две програми (поглавје 4.1 и 4.2). Вкупниот буџет за оваа програма, во 2023 изнесува 104 мил. ден. и е значително повисок од буџетот за мерка 215 (на пример, 10.4 мил. ден. во 2020 година).

Табела 22. Програми во МЗШВ за поддршка на земјоделскиот сектор (првичен износ, мил. ден.)

| Програма за... | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|
| - финансиска поддршка на земјоделството | 3586,3 | 6437,6 | 5907,6 |
| - финансиска поддршка на руралниот развој | 1339,2 | 1346,4 | 1348,8 |
| - финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата | 90 | 90 | 90 |
| - спроведување на интервентен фонд во земјоделството | 400 | 317 | * |
| - финансиска поддршка на органското производство | - | 104 | 104 |
| - финансирање на микро производители на вино | 5 | 15 | * |
| - финансирање на земјоделски производители на храна | - | 35 | * |
| - капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој | 24 | 13 | 32 |
| - семе и саден материјал | - | 1,5 | 1,5 |
| - спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, трговија и употреба на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата | 0,4 | 0,4 | 0,4 |
| - фитосанитарна политика | 19,7 | 21,8 | 25,4 |
| - водостопанство | - | 582,5 | 423,3 |
| - работи од област на хидрометеролошка дејност | - | 103,9 | 108,3 |
| - поттикнување на потрошувачка на свежо овошје | 20 | 40 | * |
| - проширена репродукција на шумите | - | 20 | 24,4 |
| - развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите | - | 5 | * |
| - поддршка на социјална сигурностна жените кои вршат земјоделска дејност | - | 4 | 6 |
| - поддршка на развојот на земјоделските задруги | - | 20 | * |

*Извор: www.mzsv.gov.mk, www.ipardpa.gpv.mk, *сеуште необјавена (пристапено на 14.2.2024)*

### 4.3.1 БРОЈ НА АПЛИКАНТИ, ПРИЈАВЕНА ПОВРШИНА И ИСПЛАТИ НА СУБВЕНЦИИТЕ

Бројот на апликанти пријавени по мерката за одржување на површини со лозови насади во просек за периодот 2016-2022 година изнесува 15.815 и има тренд на намалување од 16.961 апликанти во 2016 година на 15.321 апликанти во 2022 година (Табела 23). Вкупната пријавена површина за одржување на лозови насади за испитуваниот период се движи од 19-20.000 ха. Вкупно на годишно ниво за одржување на површина под лозови насади се исплаќаат по 624.669.887 денари односно 10.157.234 €, во просек за периодот 2016-2022 година. Просечната површина по апликант изнесува 1,21 хектари, односно со мала варијација се движи од 1,16 до 1,22 хектари по апликант во периодот 2016-2022 година. Исплатата по апликант во просек се движи околу 40 илјади денари, со значително зголемување во 2020 година и висина од 41.911 денари во 2022 година.

**Табела 23. Број на баратели и површини со лозов насад 2016-2022 (пријавени по мерката за одржување на површини со лозови насади)**

| Година | Број на апликанти | Пријавена површина со лозов насад (ха) | Исплатен износ (денари) | Просечна површина (ха) по апликант | Просечна исплата по апликант (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 16 961 | 19 797 | 576 086 778 | 1,17 | 33 965 |
| 2017 | 16 779 | 19 968 | 640 086 936 | 1,19 | 38 148 |
| 2018 | 16 700 | 19 691 | 626 613 481 | 1,18 | 37 522 |
| 2019 | 16 366 | 19 044 | 635 411 029 | 1,16 | 38 825 |
| 2020 | 12 857 | 17 549 | 603 463 922 | 1,36 | 46 937 |
| 2021 | 15 718 | 19 108 | 648 912 686 | 1,22 | 41 285 |
| 2022 | 15 321 | 18 166 | 642 114 375 | 1,19 | 41 911 |
| Просек | 15 815 | 19 046 | 624 669 887 | 1,21 | 39 799 |

*Извор: Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој*

Од вкупниот број на апликанти во текот на периодот 2016 до 2022 година, всушност се опфатени 22221 различни апликанти, од кои некои аплицирале само еднаш, а некои повеќе или во континутите сите години.

Соодносот на сума денари исплатена на 10 % најголеми земјоделски стопанства и 90 % останати е во корист на покрупните стопанства, а по години е прикажана во Слика 7.




| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10% најголеми | 40.81 | 41.44 | 42.44 | 44.00 | 45.40 | 46.58 |
| 90% останати | 59.19 | 58.56 | 57.56 | 56.00 | 54.60 | 53.42 |

*Слика 7. Процент на исплатени субвенции според големина на површина*
*Извор: Сопствени пресметки според податоците од АФПЗРР*

Со цел да се добие подетално сознание за соодносот на исплатените субвенции во однос на корисниците, прикажани се површините за кои се исплатени субвенции и висината на исплатите наспроти бројот на апликанти, врз основа на деталните податоци од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. За таа намена се користат мерките за концентрација – Лоренцовата крива и Gini коефициентот. Статистичката дистрибуција на променливата, во овој случај пријавените површини и исплатите во однос на бројот на апликанти, се илустрирани со Лоренцовата крива. Лоренцовата крива во услови на совршена еднаквост (на пример сосема еднаква исплата кај сите апликанти) се поклопува со линијата на еднаквост. Што пооддалечена Лоренцова крива упатува на поголема нееднаквост. Gini коефициентот ја дава големината на областа помеѓу правата на совршена еднаквост и набљудуваната Лоренцова крива. Коефициентот може да се движи во вредност од 0 до 1. Нискиот коефициент означува поеднаква дистрибуција, при што 0 одговара на целосната еднаквост, додека повисоките коефициенти укажуваат на понееднаква дистрибуција, при што 1 одговара на целосната нееднаквост.

Во Сликата 9, прикажани се наодите за три години: 2016, 2021 и 2022 година. Во однос на пријавените површини за директни плаќања, се забележува висока нееднаквост која е речиси непроменета во периодот од 2016 до 2021 година, со минимално подобрување во 2022 година. Имено, околу 60 % од апликантите обработуваат само 20 % од пријавените површини; односно околу 90 % од апликантите обработуваат 40 % од пријавените површини, т.е. само 1-2 % од апликантите од обработуваат 40 % од пријавените површини. Тука значајно е да се спомене дека медијаната – големината на стопанството во средина на целата низа на стопанства кои добиле поддршка е околу 0,5 ха, што исто така потврдува дека повеќе од половина од стопанствата се помала површина од половина хектар.




*Слика 8. Концентрација на површината наспроти бројот на апликанти*
*Извор: Сопствени пресметки врз основа на податоците од АФПЗРР*

Кај висината на исплатите (Слика 9), постои за одреден степен поеднаква распределба меѓу апликантите во однос на критериумот на пријавените површини, што главно се должи на системот на модулации во исплатата на директните плаќања. Сепак, се забележува промена во текот на набљудуваните години, односно нееднаквоста во исплатите се зголемува од 2016 година до 2021 и 2022 година за 6 до 7 %. Тоа значи дека поголема сума на исплати се концентрираат кај сè помал број на апликанти. Имено, во 2016 година, 50 % од апликантите добиле 18 % од вкупната сума на исплати; околу 90 % од апликантите добиле 60 % од вкупната сума на исплати, а само околу 2 % од апликантите добиле 20 % од исплатите.

Во 2021 и 2022 година, 50 % од апликантите добиле 15 % од вкупната сума на исплати; околу 90 % од апликантите добиле 55 % од вкупната сума на исплати, а само околу 2 % од апликантите добиле 26 % од исплатите.




*Слика 9. Концентрација на исплатите наспроти бројот на апликанти*
*Извор: Сопствени пресметки врз основа на податоците од АФПЗРР*

Во однос на локацијата на корисниците на директните плаќања по територијални единици, во Табела 24 даден е сумиран приказ на бројот на апликанти, пријавена површина и исплати за првите десет единици рангирани според вкупната пријавена површина и исплата во 2016 година (детален приказ е даден во Прилог 6). Околу 53 % од апликантите се наоѓаат во Кавадарци и Неготино, односно 52 % од пријавените површини и 62 % од исплатените субвенции. Иако просечната големина на површините по апликант е мала, постои голем интервал на варијација во рамки на самите општини, но и меѓу општините. Така, на пример, во Кавадарци површините се движат од минималните 0,2 хектари до 774 хектари по апликант, при просечна вредност за 5753-те апликанти од 1,1 ха и медијана од 0,7 ха. Просечната пријавена површина меѓу десетте општини варира помеѓу 0,69 хектари во Свети Николе, до 12,7 хектари по апликант во Гази Баба. Ова укажува на изразената дуална структура на производителите на грозје, со огромен број на мали производители, од една страна, и мал број на крупни производители, на другата страна.

Табела 24. Број на апликанти, површина и исплати по територијални единици за 2016 година

| Општина | Апликанти | | Пријавена површина (хектари) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Вкупно | % | Просек | Мед. | Мин. | Макс. | Ст.**дев.** |
| **КАВАДАРЦИ** | 5753 | 33,92% | 6308,03 | 31,86% | 1,10 | 0,68 | 0,20 | 773,87 | 10,31 |
| **НЕГОТИНО** | 3274 | 19,30% | 4036,49 | 20,39% | 1,23 | 0,70 | 0,20 | 322,30 | 7,94 |
| **СТРУМИЦА** | 571 | 3,37% | 1365,80 | 6,90% | 2,39 | 0,35 | 0,20 | 583,83 | 29,55 |
| **ВАЛАНДОВО** | 844 | 4,98% | 1323,26 | 6,68% | 1,57 | 0,49 | 0,20 | 790,95 | 27,21 |
| **ГАЗИ БАБА** | 103 | 0,61% | 1307,88 | 6,61% | 12,70 | 0,31 | 0,20 | 514,82 | 65,75 |
| **ВЕЛЕС** | 992 | 5,85% | 1222,98 | 6,18% | 1,23 | 0,40 | 0,20 | 299,50 | 10,77 |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 1199 | 7,07% | 938,76 | 4,74% | 0,78 | 0,43 | 0,20 | 73,70 | 2,82 |
| **ШТИП** | 443 | 2,61% | 637,41 | 3,22% | 1,44 | 0,35 | 0,20 | 167,31 | 10,15 |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 921 | 5,43% | 632,34 | 3,19% | 0,69 | 0,36 | 0,20 | 67,28 | 2,45 |
| **КИСЕЛА ВОДА** | 298 | 1,76% | 559,61 | 2,83% | 1,88 | 0,39 | 0,10 | 339,24 | 19,88 |
| **Општина** | Апликанти | | Исплата (денари) | | | | | | |
| | Број | % | Вкупно | % | Просек | Мед. | Мин. | Макс. | Ст.**дев.** |
| **КАВАДАРЦИ** | 5753 | 33,92% | 219542215 | 38,11% | 38161 | 27240 | 8000 | 3933890 | 65180 |
| **НЕГОТИНО** | 3274 | 19,30% | 137291301 | 23,83% | 41934 | 27896 | 2628 | 2127557 | 67692 |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 1199 | 7,07% | 33815628 | 5,87% | 28203 | 17284 | 8000 | 1134793 | 56342 |
| **ВЕЛЕС** | 992 | 5,85% | 30937788 | 5,37% | 31187 | 16000 | 8000 | 2038005 | 99765 |
| **ВАЛАНДОВО** | 844 | 4,98% | 25224175 | 4,38% | 29886 | 19324 | 8000 | 4003811 | 138117 |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 921 | 5,43% | 22998767 | 3,99% | 24972 | 14340 | 8000 | 1109114 | 50567 |
| **СТРУМИЦА** | 571 | 3,37% | 19142235 | 3,32% | 33524 | 13752 | 8000 | 3175268 | 175615 |
| **ШТИП** | 443 | 2,61% | 14995745 | 2,60% | 33850 | 14000 | 8000 | 1509258 | 117280 |
| **ГАЗИ БАБА** | 103 | 0,61% | 12578550 | 2,18% | 122122 | 12352 | 8000 | 2899280 | 425283 |
| **КИСЕЛА ВОДА** | 298 | 1,76% | 9714889 | 1,69% | 32600 | 15682 | 4120 | 2196951 | 141511 |

*Извор: Сопствени пресметки врз основа на податоците од АФПЗРР*

Приказот на бројот на апликанти, пријавена површина и исплати за првите десет тероторијални единици рангирани според вкупната пријавена површина и исплата во 2021 година е даден во Табела 25 (детален приказ е даден во Прилог 6). И во 2021 година се околу 52 % од апликантите се наоѓаат во Кавадарци и Неготино, односно 53 % од пријавените површини и 60 % од исплатените субвенции. Во однос на пријавените површини за субвенции, останува истата состојба на висока варијација меѓу апликантите и изразена дуална структура, и медијаната која укажува дека половина од стопанствата се помали од 0,33 односно 0,76 ха, зависно од општината. Ваквата состојба е особено очигледна при споредба на општината Гази Баба, каде што се јавува највисока просечна пријавена површина по апликант, што повлекува и највисока просечна вредност на исплатите од 204.259 денари,

наспроти просекот во другите општини којшто се движи од 31.227 денари во Гевгелија до 53.575 денари по апликант во Неготино. Максималната добиена исплата по апликант во 2021 година е во општина Кавадарци во висина од 9.708.747 денари или 157.866 илјади евра.

Табела 25. Број на апликанти, површина и исплати по територијални единици за 2021 година

| Општина | Апликанти | | Пријавена површина (хектари) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Вкупно | % | Просек | Мед. | Мин. | Макс. | Ст.дев. |
| **КАВАДАРЦИ** | 5284 | 33,62% | 6099,50 | 31,92% | 1,15 | 0,72 | 0,20 | 765,73 | 10,61 |
| **НЕГОТИНО** | 2931 | 18,65% | 3947,55 | 20,66% | 1,35 | 0,76 | 0,15 | 343,68 | 8,62 |
| **СТРУМИЦА** | 621 | 3,95% | 1766,44 | 9,24% | 2,84 | 0,33 | 0,20 | 650,21 | 33,53 |
| **ВАЛАНДОВО** | 100 | 0,64% | 1225,07 | 6,41% | 12,25 | 0,34 | 0,20 | 516,43 | 65,03 |
| **ГАЗИ БАБА** | 857 | 5,45% | 1164,48 | 6,09% | 1,36 | 0,42 | 0,20 | 256,92 | 10,37 |
| **ВЕЛЕС** | 818 | 5,20% | 1126,58 | 5,90% | 1,38 | 0,52 | 0,20 | 549,49 | 19,22 |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 1138 | 7,24% | 894,40 | 4,68% | 0,79 | 0,44 | 0,06 | 56,50 | 2,43 |
| **ШТИП** | 887 | 5,64% | 696,10 | 3,64% | 0,78 | 0,39 | 0,20 | 68,22 | 2,51 |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 433 | 2,75% | 553,86 | 2,90% | 1,28 | 0,36 | 0,20 | 168,87 | 8,93 |
| **КИСЕЛА ВОДА** | 295 | 1,88% | 362,24 | 1,90% | 1,23 | 0,42 | 0,20 | 111,38 | 7,50 |
| **Општина** | Апликанти | | Исплата (денари) | | | | | | |
| | Број | % | Вкупно | % | Просек | Мед. | Мин. | Макс. | Ст.дев. |
| **КАВАДАРЦИ** | 5284 | 33,62% | 236282627 | 36,41% | 46403 | 28504 | 1356 | 9708747 | 144401 |
| **НЕГОТИНО** | 2931 | 18,65% | 156223832 | 24,07% | 53575 | 30394 | 8000 | 4644112 | 127591 |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 857 | 5,45% | 34861156 | 5,37% | 41061 | 16708 | 8000 | 3603050 | 164026 |
| **ВЕЛЕС** | 1138 | 7,24% | 34381011 | 5,30% | 31227 | 17568 | 2084 | 1198012 | 66538 |
| **ВАЛАНДОВО** | 621 | 3,95% | 32760191 | 5,05% | 53269 | 13260 | 8000 | 8322476 | 441711 |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 818 | 5,20% | 31527364 | 4,86% | 38542 | 20860 | 8000 | 7113881 | 250850 |
| **СТРУМИЦА** | 887 | 5,64% | 28891571 | 4,45% | 32757 | 15618 | 8000 | 1338654 | 67197 |
| **ШТИП** | 100 | 0,64% | 20017423 | 3,08% | 204259 | 13188 | 8000 | 6717125 | 879001 |
| **ГАЗИ БАБА** | 433 | 2,75% | 16382421 | 2,52% | 38099 | 14446 | 8000 | 2546420 | 154265 |
| **КИСЕЛА ВОДА** | 295 | 1,88% | 11110174 | 1,71% | 38179 | 16648 | 8000 | 1856555 | 136785 |

*Извор: Сопствени пресметки врз основа на податоците од АФПЗРР*

Во 2022 година останува речиси ист сооднос на бројот на апликанти, површини и исплати како во претходните години (52 % од апликантите се наоѓаат во Кавадарци и Неготино, односно 54 % од пријавените површини и 60 % од исплатените субвенции). Највисока просечна пријавена површина по апликант повторно се јавува во општина Гази Баба, поради тоа што само кај двајца од апликантите, поддршка е дадена на површина од вкупно 900 хектари. Максималната добиена исплата по апликант во 2022 година е во општина Кавадарци во висина од 9.553.571 денари за површина од 753 хектари.

Табела 26. Број на апликанти, површина и исплати по територијални единици за 2022 година

| Општина | Апликанти | | Пријавена површина (хектари) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Вкупно | % | Просек | Мед. | Мин. | Макс. | Ст.**дев.** |
| **КАВАДАРЦИ** | 5124 | 33,39% | 6052,77 | 33,29% | 1,18 | 0,72 | 0,20 | 752,80 | 10,65 |
| **НЕГОТИНО** | 2835 | 18,48% | 3899,93 | 21,45% | 1,38 | 0,78 | 0,20 | 344,00 | 8,67 |
| **СТРУМИЦА** | 604 | 3,94% | 1765,59 | 9,71% | 2,92 | 0,33 | 0,20 | 650,21 | 33,88 |
| **ВАЛАНДОВО** | 95 | 0,62% | 1183,55 | 6,51% | 12,46 | 0,32 | 0,20 | 528,72 | 66,45 |
| **ГАЗИ БАБА** | 868 | 5,66% | 1063,30 | 5,85% | 1,23 | 0,42 | 0,20 | 159,17 | 7,72 |
| **ВЕЛЕС** | 829 | 5,40% | 565,85 | 3,11% | 0,68 | 0,51 | 0,20 | 23,23 | 0,96 |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 1072 | 6,99% | 841,74 | 4,63% | 0,79 | 0,44 | 0,20 | 48,72 | 2,35 |
| **ШТИП** | 883 | 5,75% | 700,24 | 3,85% | 0,79 | 0,38 | 0,20 | 68,22 | 2,53 |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 408 | 2,66% | 557,00 | 3,06% | 1,37 | 0,36 | 0,20 | 168,87 | 9,21 |
| **КИСЕЛА ВОДА** | 307 | 2,00% | 428,42 | 2,36% | 1,40 | 0,42 | 0,20 | 174,76 | 10,62 |
| **Општина** | Апликанти | | Исплата (денари) | | | | | | |
| | Број | % | Вкупно | % | Просек | Мед. | Мин. | Макс. | Ст.**дев.** |
| **КАВАДАРЦИ** | 5124 | 33,39% | 242509156 | 36,41% | 47328 | 28824 | 8000 | 9553571 | 143824 |
| **НЕГОТИНО** | 2835 | 18,48% | 154702813 | 24,07% | 54569 | 31036 | 8000 | 4648040 | 128616 |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 604 | 3,94% | 32987872 | 5,37% | 54616 | 13228 | 8000 | 8322483 | 444558 |
| **ВЕЛЕС** | 95 | 0,62% | 18920197 | 5,30% | 205654 | 12744 | 8000 | 6864593 | 893345 |
| **ВАЛАНДОВО** | 868 | 5,66% | 33670937 | 5,05% | 38836 | 16600 | 8000 | 2430064 | 134967 |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 829 | 5,40% | 23933318 | 4,86% | 29116 | 20398 | 8028 | 717470 | 36490 |
| **СТРУМИЦА** | 1072 | 6,99% | 33612007 | 4,45% | 31413 | 15618 | 8000 | 1104656 | 65462 |
| **ШТИП** | 883 | 5,75% | 28963518 | 3,08% | 32801 | 15344 | 8000 | 1338654 | 67340 |
| **ГАЗИ БАБА** | 408 | 2,66% | 16706357 | 2,52% | 41048 | 14296 | 8000 | 2546421 | 160466 |
| **КИСЕЛА ВОДА** | 307 | 2,00% | 12035838 | 1,71% | 39205 | 16380 | 8000 | 2617088 | 169273 |

*Извор: Сопствени пресметки врз основа на податоците од АФПЗРР*

Почнувајќи од 2019 година е воведена нова мерка за мали земјоделски стопанства (Табела 27). Оваа мерка е предвидена за мали стопанства, така што просечната површина по апликант се движи од 0,24 ха во 2019 година до 0,39 ха во 2020 година. Најмногу апликанти се пријавени во 2020 година (3416 баратели). Но, во 2021 и 2021 година, бројот на апликанти кои се пријавени за мерката значително опаѓа, на 565 апликанти во 2022 година, за вкупна површина од 196 хектари. Површините под лозов насад на малите стопанства кои аплицирале се движат од 0,03 ха до 0,88 ха, односно во просек изнесувале 0,35 ха.

Табела 27. Број на апликанти и површини со лозов насад 2019-2022 (пријавени по мерката за мали земјоделски стопанства)

| Година | Број на апликанти | Пријавена површина со лозов насад (ха) | Просечна површина (ха) по апликант |
|---|---|---|---|
| 2019 | 25 | 6 | 0,24 |
| 2020 | 3.416 | 1.352 | 0,39 |
| 2021 | 590 | 213 | 0,36 |
| 2022 | 565 | 196 | 0,35 |

*Извор: МЗШВ, АФПЗРР*

## 4.4. КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ПРИ ДОДЕЛУВАЊЕТО НА СУБВЕНЦИИ

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, барањето за директни плаќања по површина земјоделско земјиште се поднесува секоја година од страна на носителот на земјоделското стопанство и ги содржи следниве групи на податоци потребни за процена на прифатливоста на барањето од аспект на исполнување на пропишаните услови: општи податоци за носителот на земјоделското стопанство, видот на мерките на директни плаќања, идентификација за сите земјишни парцели и број на повеќегодишни насади со нивно просторно лоцирање на графички материјал и користење на земјоделското земјиште и други податоци кои се бараат по мерките на директни плаќања.

Административна контрола и контрола на самото место се извршува заради утврдување на усогласеност на податоците од барањето за директни плаќања со пропишаните услови за доделување на директните плаќања.

Административната контрола се изведува со употреба на бази на податоци, регистри и системи на ИСАК (интегриран систем за администрација и контрола) заради утврдување на прифатливоста на барањето и откривањето на нерегуларностите со споредбена проверка на декларираните податоци и тоа за земјишните парцели со референтните парцели од Системот за идентификација на земјишни парцели заради утврдување на прифатливоста за директни плаќања за тие површини. Со административната контрола се опфатени сите поднесени барања.

Со контролата на самото место во текот на годината треба да бидат опфатени најмалку 5 % од земјоделските стопанства кои поднеле барања. Контролата на самото место на директните плаќања по површина се врши со класични методи (преку посета на самото место) и со употреба на далечински методи на контрола преку фотоинтерпретација на сателитски или авионски фотографии на сите земјишни парцели од барањето за директни плаќања кое е предмет на контрола со цел препознавање на употребата на земјиштето и мерење на површината.

Примерокот на земјоделски стопанства кои се предмет на контрола на самото место се избира врз основа на анализа на ризик и репрезентативност на поднесените барања за директни плаќања. Со цел обезбедување на репрезентативност, 20 % до 25 % од земјоделските стопанства кои се предмет на контрола на самото место се бираат врз основа на случаен избор. При анализата на ризик особено се земаат предвид следниве фактори: висината на бараната поддршка, бројот на катастарски парцели и површина за кое е поднесено барањето за директните плаќања, промените во однос на претходната година, резултатите на утврдена контрола извршена во претходните години.

Согласно Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и Уредбите за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директни плаќања, корисници на подмерката „Директни плаќања по обработлива

земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади“ се земјоделски стопанства кои имаат евидентиран лозов насад најмалку 0,2 хектари во Единствениот регистар на земјоделски стопанства со најмалку 1.389 садници по хектар.

### 4.4.1. Извршени контроли на самото место по поднесени барања од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството

Според добиените податоци од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, во 2020 година екстракцијата на примерокот на контрола на терен за програмата за директни плаќања во земјоделството е извршена на ниво на целата територија на Република Северна Македонија и после екстракцијата е направена анализа на добиените барања во насока на проверка на исполнувањето на критериумите според ЗЗРР и утврдената методологија согласно законот. Во следната табела може да се видат бројот и процентот на екстрактирани барањата според методот на екстракција и начинот на контрола.

Табела 28. Број и учество на барања според методот на екстракција и начинот на контрола во 2020 година

| | **поднесени барања по мерки и вкупно поднесени барања** | | МЕРКА 1 - Растително производство | | | МЕРКА 2 - Животинско производство | Вкупно по Мерка 1 и Мерка 2* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | CwRS - контроли | Класични контроли | Вкупно раст. | | |
| | | | / | / | 51492 | 21149 | 66322 |
| ВИД НА ИЗБОР НА ПРИМЕРОК ЗА КОНТРОЛА | **Случаен избор** | бр. | 660 | 0 | 660 | 137 | 797 |
| | | % | 22% | / | 22% | 21.54% | 21.91% |
| | **Анализа на ризик** | бр. | 2341 | 0 | 2341 | 499 | 2840 |
| | | % | 78.0% | / | 78.0% | 78.46% | 78.09% |
| | **Вкупно SW** | бр. | 3001 | 0 | 3001 | 636 | 3637 |
| | | % | 100% | / | 94.43% | 95.63% | 94.64% |
| | **ad hoc** | бр. | 0 | 177 | 177 | 29 | 206 |
| | | % | / | 100% | 5.57% | 4.36% | 5.36% |
| | **Вкупно** | бр. | 3001 | 177 | 3178 | 665 | 3843 |
| | | % | 94.43% | 5.57% | 6.17% | 3.14% | 5.79% |

* Во овој дел се сумирани барателите кои се исконтролирани по мерка 1 и мерка 2 и има баратели кои се исконтролирани и по двете мерки како и баратели кои имаат поднесени барање и за двете мерки. Извор: АФПЗРР

За имплементација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година дел од контролите се извршени со далечинско истражување т.е. со сателитски снимки (CwRS) за следните зони: Струмица, Свети Николе, Штип, Неготино и Кривогаштани.

**Табела 29. Број на контроли со далечински методи (сателитски снимки) во 2020 година**

| ЗОНИ СО САТЕЛИТСКИ СНИМКИ ПФПЗ 2020 | Број на барања во примерок за контрола | Број на СИЗП парцели предмет на контрола | RFV - брзи теренски посети (број на СИЗП) |
|---|---|---|---|
| Струмица | 756 | 5227 | 450 |
| Св.Николе/Штип | 496 | 2235 | 122 |
| Кривогаштани | 410 | 3559 | 161 |
| Неготино | 1339 | 3535 | 84 |
| **Вкупно** | **3001** | **14556** | **817** |

*Извор: АФПЗРР*

Класични контроли на самото место се извршени вкупно 842 за мерките за растително и сточарско производство.

Во табела 30 даден е приказ на констатирани разлики во површина по Програмата за финансиска поддршка на земјоделството за 2020 година, врз основа на контрола на одреден примерок.

Табела 30. Преглед на констатирани разлики во површина по ПФПЗ 2020 година (хектари)

| ПЕ | мерка 1.1-поледелски култури | | | мерка 1.4-градинарски култури | | | мерка 1.7-овошни насади | | | мерка 1.10-лозови насади | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно исконтролирани површини | површини кои не се констатирани | % | вкупно исконтролирани површини | површини кои не се констатирани | % | вкупно исконтролирани површини | површини кои не се констатирани | % | вкупно исконтролирани површини | површини кои не се констатирани | % |
| БЕРОВО | 4.60 | 0.32 | 6.96 | 41.44 | 22.36 | 53.96 | 0.15 | 0.15 | 100.00 | / | / | / |
| БИТОЛА | 189.70 | 11.31 | 5.96 | 45.41 | 7.05 | 15.53 | 22.84 | 0.00 | 0.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 |
| БОГОВИЊЕ | 2.38 | 0.50 | 21.20 | 3.51 | 0.00 | 0.00 | / | / | / | / | / | / |
| ВАЛАНДОВО | / | / | / | 13.54 | 0.00 | 0.00 | / | / | / | / | / | / |
| ВЕЛЕС | 1594.65 | 9.98 | 0.63 | 110.11 | 29.99 | 27.24 | 102.77 | 0.00 | 0.00 | 333.22 | 29.35 | 8.81 |
| ГАЗИ БАБА | 44.26 | 3.67 | 8.29 | 37.18 | 19.88 | 53.47 | / | / | / | 1.43 | 0.17 | 11.89 |
| ГЕВГЕЛИЛА | 0.51 | 0.25 | 49.02 | 15.94 | 0.73 | 4.58 | / | / | / | 2.05 | 0.00 | 0.00 |
| ДЕЛЧЕВО | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 0.28 | 0.00 | 0.00 |
| ДЕМИР КИСАР | 1.40 | 0.00 | 0.00 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| КАВАДАРЦИ | 181.74 | 10.85 | 5.97 | 12.04 | 1.55 | 12.87 | 119.39 | 0.00 | 0.00 | 81.66 | 1.95 | 2.39 |
| КАРПОШ | 5.00 | 1.05 | 21.00 | 3.34 | 0.00 | 0.00 | 0.72 | 0.17 | 23.61 | 4.00 | 0.28 | 7.00 |
| КИСЕЛА ВОДА | 46.32 | 3.68 | 7.94 | 50.32 | 7.41 | 14.73 | 33.65 | 0.00 | 0.00 | 4.92 | 0.00 | 0.00 |
| КИЧЕВО | 61.39 | 3.23 | 5.26 | 11.35 | 4.31 | 37.97 | / | / | / | / | / | / |
| КОЧАНИ | 26.99 | 9.53 | 35.31 | 8.10 | 8.09 | 99.88 | / | / | / | 1.25 | 0.00 | 0.00 |
| КРАТОВО | 2.43 | 0.26 | 10.70 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| КРИВА ПАЛАНКА | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 0.35 | 0.00 | 0.00 |
| КРИВОГАШТАНИ | 361.66 | 23.03 | 6.37 | 135.71 | 10.81 | 7.97 | 0.53 | 0.00 | 0.00 | / | / | / |
| КРУШЕВО | 61.79 | 6.85 | 11.09 | 15.62 | 7.21 | 46.16 | 0.25 | 0.00 | 0.00 | / | / | / |
| КУМАНОВО | 898.55 | 0.00 | 0.00 | 25.78 | 2.34 | 9.08 | 0.72 | 0.34 | 47.22 | 39.20 | 0.16 | 0.41 |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 1.63 | 0.00 | 0.00 | 0.23 | 0.00 | 0.00 | / | / | / | / | / | / |
| НЕГОТИНО | 43.75 | 0.67 | 1.53 | 41.00 | 10.64 | 25.95 | 51.60 | 2.01 | 3.90 | 1128.38 | 11.54 | 1.02 |
| ОХРИД | 1.22 | 0.00 | 0.00 | 8.57 | 0.00 | 0.00 | / | / | / | / | / | / |
| ПЕХЧЕВО | / | / | / | 5.75 | 5.75 | 100.00 | / | / | / | / | / | / |
| ПРИЛЕП | 239.74 | 20.12 | 8.39 | 43.52 | 5.46 | 12.55 | / | / | / | / | / | / |
| ПРОБИШТИП | 169.74 | 1.01 | 0.60 | 37.67 | 7.67 | 20.36 | 4.88 | 0.00 | 0.00 | 2.10 | 0.00 | 0.00 |
| РАДОВИШ | 29.93 | 0.00 | 0.00 | 49.07 | 24.92 | 50.78 | 8.40 | 0.22 | 2.62 | 0.95 | 0.19 | 20.00 |
| РЕСЕН | / | / | / | 0.60 | 0.16 | 26.67 | / | / | / | / | / | / |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 1158.75 | 81.95 | 7.07 | 183.24 | 24.74 | 13.50 | 26.22 | 3.39 | 12.93 | 24.81 | 1.96 | 7.90 |
| СТРУМИЦА | 214.76 | 43.42 | 20.22 | 597.12 | 166.09 | 27.82 | 21.17 | 1.13 | 5.34 | 49.14 | 4.28 | 8.71 |
| ТЕГОВО | 5.77 | 0.14 | 2.43 | 12.86 | 1.06 | 8.24 | / | / | / | / | / | / |
| ЧАИР | 12.03 | 5.43 | 45.14 | 84.12 | 76.12 | 90.49 | 0.65 | 0.65 | 100.00 | 0.53 | 0.53 | 100.00 |
| ШТИП | 762.78 | 54.55 | 7.15 | 65.64 | 9.46 | 14.41 | 53.20 | 1.21 | 2.27 | 45.46 | 0.95 | 2.09 |
| **ВКУПНО:** | **6123.47** | **291.80** | **4.77** | **1658.78** | **453.80** | **27.36** | **447.14** | **9.27** | **2.07** | **1721.73** | **51.36** | **2.98** |

*Извор: АФПЗРР*

Имено, во однос на површините под лозови насади, направена е контрола во 18 општини, на вкупно 1722 хектари, од кои кај 51,36 хектари или 2,98 % констатирана е разлика во однос на критериумите за исплата на директни плаќања. Највисока деликвентност е со 100% во општина Чаир на површина од 0,53 хектари, потоа со 20 % разлика е забележана во Радовиш, за површина од 0,19 во рамки на исконтролираните 0,95 хектари. Кај 7 од 18 општини - подрачни единици не е констатирана разлика.

Во однос на **2021 година**, екстракцијата на примерокот на контрола на терен за програмата за директни плаќања во земјоделството за 2021 година е извршена на ниво на целата територија на државата и после екстракцијата е направена анализа на добиените барања во насока на проверка на исполнувањето на критериумите според ЗЗРР и утврдената методологија согласно законот. Во следната табела може да се видат бројот и процентот на екстрактирани барањата според методот на екстракција и начинот на контрола.

Табела 31. Број и учество на барања според методот на екстракција и начинот на контрола во 2021 година

| **поднесени барања по мерки и вкупно поднесени барања** | | | МЕРКА 1 - Растително производство | | | МЕРКА 2 - Животинско производство | Вкупно по Мерка 1 и Мерка 2* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | CwRS - контроли | Класични контроли | Вкупно раст. | | |
| ВИД НА ИЗБОР НА ПРИМЕРОК ЗА КОНТРОЛА | | | / | / | 51492 | 20512 | 66379 |
| | **Случаен избор** | бр. | 637 | 0 | 637 | 153 | 790 |
| | | % | 20% | / | 20% | 25.0% | 20.3% |
| | **Анализа на ризик** | бр. | 2549 | 0 | 2549 | 460 | 3009 |
| | | % | 80% | / | 80% | 75.0% | 77.5% |
| | **Вкупно SW** | бр. | 3186 | 0 | 3186 | 613 | 3799 |
| | | % | 6% | / | 6% | 3% | 94.64% |
| | **ad hoc** | бр. | 0 | 16 | 16 | 69 | 85 |
| | | % | / | 100% | / | 0.3% | 2.2% |
| | **Вкупно** | бр. | 3186 | 16 | 3202 | 682 | 3884 |
| | | % | 9.5% | 0.5% | 6.1% | 3.3% | 5.9% |

* Во овој дел се сумирани барателите кои се исконтролирани по мерка 1 и мерка 2 и има баратели кои се исконтролирани и по двете мерки како и баратели кои имаат поднесени барање и за двете мерки. Извор: АФПЗРР

За имплементација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година дел од контролите се извршени со далечинско истражување т.е. со сателитски снимки (CwRS) за следните зони: Битола, Виница, Гевгелија, Кавадарци и Куманово. Класични контроли на самото место се извршени вкупно 694 за мерките за растително и сточарско производство.

*Табела 32. Број на контроли со далечински методи (сателитски снимки) во 2021 година*

| ЗОНИ СО САТЕЛИТСКИ СНИМКИ ПФПЗ 2021 | Број на барања во примерок за контрола | Број на СИЗП парцели предмет на контрола | RFV - брзи теренски посети (број на СИЗП) |
|---|---|---|---|
| Битола | 538 | 4127 | 62 |
| Виница | 401 | 3610 | 320 |
| Гевгелија | 490 | 2488 | 22 |
| Кавадарци | 1338 | 3489 | 67 |
| Куманово | 418 | 2367 | 58 |
| Вкупно | 3186 | 16081 | 529 |

*Извор: АФПЗРР*

Прегледот на констатирани разлики во површина по ПФПЗ за 2021 година е даден во Табела 33. Во однос на површините под лозови насади, направена е контрола во 5 зони (Битола, Гвегелија, Кавадарци, Куманово и Виница), на вкупно 1700,6 хектари, од кои кај 66,1 хектари или 3,89 % констатирана е разлика во однос на критериумите за исплата на директни плаќања. Највисока разлика се јавува во зоната на Куманово, со 6,2% на разлика односно површини кои не се констатирани. Кај останатите општини разликата се движи од 0,2 до 4,8 %. Во Кавадарци, како зона најзастапена со лозови насади при проверката, од 1309,6 хектари разлика се јавува кај 47,8 хектари или 3,6 % од декларираните површини.

Разликата меѓу декларираната површина и површините кои не се констатирани е пониска кај лозовите насади (3,89 %) е пониска отколку кај другите растителни производства (поледелски култури – 7,45 %, градинарски култури – 15,04 %, овошни насади - 6,56 %).

**Табела 33. Преглед наконстатирани разлики во површина по ПФПЗ 2021 година (хектари)**

| | **1.1 поледелски култури** | | | **1.4 градинарски култури** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зона | Вкупна декларирана површина | Површини кои не се констатирани | % на разлики | Вкупна декларирана површина | Површини кои не се констатирани | % на разлики |
| Битола | 2137,614 | 116,424 | 5,4 | 205,548 | 25,275 | 12,3 |
| Гевгелија | 154,774 | 46,035 | 29,7 | 171,485 | 30,621 | 17,9 |
| Кавадарци | 58,984 | 0,634 | 1,1 | 6,817 | 0,382 | 5,6 |
| Куманово | 695,211 | 71,768 | 10,3 | 21,644 | 4,602 | 21,3 |
| Виница | 542,129 | 32,610 | 6,0 | 39,261 | 6,016 | 15,3 |
| | **1.7 овошни насади** | | | **1.9 лозов насад** | | |
| Зона | Вкупна декларирана површина | Површини кои не се констатирани | % на разлики | Вкупна декларирана површина | Површини кои не се констатирани | % на разлики |
| Битола | 43,105 | 0,570 | 1,3 | 0,614 | 0,001 | 0,2 |
| Гевгелија | 90,225 | 4,181 | 4,6 | 297,777 | 14,279 | 4,8 |
| Кавадарци | 78,440 | 11,668 | 14,9 | 1309,563 | 47,779 | 3,6 |
| Куманово | 50,106 | 3,349 | 6,7 | 16,422 | 1,020 | 6,2 |
| Виница | 141,140 | 6,661 | 4,7 | 76,228 | 3,026 | 4,0 |

*Извор: АФПЗРР*

Во однос на извршените контроли во **2022 година** по Програмите за финансиска поддршка во земјоделството, екстракцијата на примерокот за контрола на терен за програмата за директни плаќања во земјоделството е извршен на ниво на целата територија на републиката. По екстракцијата е направена анализа на добиените барања во насока на проверка на исполнувањето на критериумите според ЗЗРР и утврдената методологија согласно законот. Во следните табели може да се видат бројот и процентот на екстрактирани барањата според методот на екстракција и начинот на контрола.

Табела 34. Број и учество на барања според методот на екстракција и начинот на контрола во 2022 година

| **поднесени барања по мерки и вкупно поднесени барања** | | **МЕРКА 1 - Растително производство** | | | **МЕРКА 2 - Животинско производство** | **Вкупно по Мерка 1 и Мерка 2*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | CwRS - контроли | Класични контроли | **Вкупно раст.** | | |
| | | / | / | **52291** | **17677** | **66140** |
| Случаен избор | бр. | 725 | 49 | 774 | 245 | 1019 |
| | % | 25% | 25% | 25% | 26% | 25% |
| Анализа на ризик | бр. | 2178 | 146 | **2324** | **687** | **3011** |
| | % | 75% | 75% | 75% | 74% | 75% |
| **Вкупно** | бр. | 2903 | 195 | **3098** | **932** | **4030** |
| | % | 94% | 6% | 5.9% | 5.3% | 6.1% |

*[1] во овој дел сумирани се барателите кои се исконтролирани по мерка 1 и мерка 2 и има баратели кои се исконтролирани и по двете мерки како и баратели кои имаат поднесено барање и за двете мерки.

*Извор: АФПЗРР*

За имплементација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година дел од контролите се извршени со далечинско истражување т.е. со сателитски снимки (CwRS), кои се набавени со сопствен буџет, за пет зони: Кичево, Гостивар, Струга, Скопје и Берово.

Контролите за сите зони се извршуваат од страна на Секторот за контрола на терен. За зона Кичево и Гостивар брзите теренски посети завршени се во текот на декември 2022 година.

Табела 35. Број на контроли со далечински методи (сателитски снимки) во 2022 година

| ЗОНИ СО САТЕЛИТСКИ СНИМКИ ПФПЗ 2021 | Број на барања во примерок за контрола | Број на СИЗП парцели предмет на контрола | RFV - брзи теренски посети (број на СИЗП) |
|---|---|---|---|
| Берово | 732 | 3690 | 82 |
| Гостивар | 801 | 4215 | 156 |
| Кичево | 36 | 182 | 13 |
| Скопје | 399 | 2095 | 41 |
| Струга | 936 | 6272 | 161 |
| **Вкупно** | **2904** | **16454** | **453** |

*Извор: АФПЗРР*

Во однос на класичните контроли на самото место, СКТ е одговорен за нивната организација, подготовка и извршување. Класичните контроли на самото место кај барателите од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и во 2022 година ги опфаќаат следниве активности, поврзани со раситителното производство во рамки на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година:

- 31 контрола на самото место во регистрирано откупно преработувачко претпријатие при што се исконтролирани вкупно 276 баратели, подмерка 1.2. Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1 за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 ха,

- 31 контрола на самото место во откупно - преработувачки капацитети (подмерки 1.6 и 1.8. Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4 и 1.7), при што се исконтролирани вкупно 1202 баратели.

Во однос на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година, се издвојуваат следните извшени активност на СКТ (поврзани со раситителното производство):

- 1 контрола за подмерка 1.15. Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во инвитро услови,

- 1010 класични контроли на самото место – мерка 1 и 2,

- 9 контроли на самото место во регистрирано откупно-преработувачко претпријатие при што се исконтролирани вкупно 1246 баратели, Директни плаќања за произведен и продаден суров тутун од реколта 2021 година,

- 4 контроли во откупувачки капацитети при што се исконтролирани вкупно 213 баратели – подмерка 1.18. Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за оризова арпа предадена во регистриран капацитет за откуп.

- Во 2022 година извршени се вкупно 1169 контроли (класични и контроли во откупно-пререботувачки претпријатија) на самото место при што се исконтролирани 6440 барања за финансиска поддршка во однос на Програмите за за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година и 2022 година.

- Извршени се 4073 контроли на самото место при што се исконтролирани 9 344 барања за финансиска поддршка за Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 и 2022 година.

- Вкупно извршени 4869 контроли на самото место по сите национални програми во 2022 година од СКТ, при што се исконтролирани 10 140 барања за финансиска поддршка.



## 4.5. ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ - ИПАРД ПРОГРАМА

Дополнително на националните програми за поддршка на секторот, во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во Република Северна Македонија се спроведува програмата во делот на руралниот развој (ИПАРД). Програмата има за цел поддршка во усвојувањето и спроведувањето на политичките, институционалните, правните, административните, социјалните и економските реформи со цел усогласување со вредностите на Европската Унија и усогласување со правилата, стандардите, политиките и практиките на Унијата.

ИПАРД програмата се спроведува во седумгодишни програмски циклуси. Првиот циклус т.н ИПАРД 1 се однесуваше на програмскиот период 2007-2013 година; скоро се затвори вториот циклус за програмскиот период 2014-2020 година (ИПАРД 2), а во 2021 година се усвои стратегискиот документ за програмскиот период 2021-2027 година[8], чија имплементација започна од 2023 година.

### 4.5.1. ИПАРД 2 (2014-2020)

Во областа на политиките за земјоделство и рурален развој придонесот на ИПАРД програмата 2014-2020 година се однесува за следните конкретни цели: (1) подобрување на одржливоста на земјоделските стопанства и конкурентноста на сите видови земјоделство и примарна преработка на храна, со постепено усогласување со стандардите на Унијата; (2) враќање, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството; (3) промовирање на рамномерен територијален развој во руралните области; (4) трансфер на знаење и зајакнување на капацитетите на јавната администрација во спроведувањето на програмите за рурален развој.

Спроведувањето на програмата ИПАРД за периодот 2014-2020 година[9] започна со објавувањето на првиот јавен повик во април 2017 година (кој ги вклучи сите три мерки). Од тогаш се објавени дополнителни 8 јавни повици, со последниот јавен повик за доставување на барања за користење на средствата во август 2023 година, со што се заокружи серијата на јавни повици во рамки на оваа програма.

За периодот 2014-2020 година, достапни се податоците за осумтте повици до крајот на 2022 година (Табела 36). Од 2017 година до крајот на 2022 година поднесени се 4.174 барања (ЕУ придонес 225,9 милиони евра) од кои 2.338 или 56 % се одобрени барања (62,5 милиони евра), а 48 % или 1.984 се исплатени барања (ЕУ придонес 34,7 милиони евра). Времето за обработка се намалува од првиот повик (15 месеци) и трае од 4 до 8 месеци (повторно се јавува пролонгирање со Ковид-19 кризата од 2020 година).

Просечната вредност на поднесените барања е 54.123 евра, на одобрените барања 26.716 евра, а на исплатените барања 17.475 евра. Просечната вредност на барањата се зголемува со текот на времето, што укажува на повисока вредност на новите проекти (и влијание на поголемите инвестиции од М2).

8 https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2022/03/DEC-C20221538-9.3.2022-Anx-IPARDIII.pdf
9 https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2021/07/IPARD-Programme-2014-2020_19.07.2021_Anx_EN.pdf

Табела 36. Преглед на спроведувањето на ИПАРД по јавни повици до крај на 2021 година

| ЈАВЕН ПОВИК | | Барања | | | | | | Потребно време за обработка | Одобрени-платени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Поднесени | | Одобрени | | Платени | | | | |
| | | Бр. | ЕУ придонес | Бр. | ЕУ придонес | Бр. | ЕУ придонес | | | |
| 1 | 01/2017 | 1.648 | 73.589.699 | 917 | 16.344.197 | 879 | 13.177.294 | 15 месеци | 38 | 3.055.830 |
| 2 | 01/2018 | 65 | 15.306.651 | 38 | 6.446.155 | 37 | 6.207.714 | 4 месеци | 1 | 233.440 |
| 3 | 02/2018 | 1.099 | 18.335.969 | 628 | 6.311.459 | 589 | 5.430.260 | 6 месеци | 39 | 1.112.000 |
| 4 | 01/2019 | 261 | 43.821.070 | 78 | 6.077.138 | 58 | 3.474.384 | 7 месеци | 19 | 2.552.654 |
| 5 | 02/2019 | 61 | 16.763.734 | 46 | 8.716.132 | 34 | 4.701.335 | 6 месеци | 12 | 4.056.197 |
| 6 | 01/2020 | 748 | 21.011.113 | 441 | 6.244.325 | 360 | 1.587.358 | 8 месеци | 79 | 3.934.196 |
| 7 | 01/2021 | 250 | 32.490.820 | 117 | 9.811.183 | 27 | 91.643 | 7 месеци | 87 | 9.717.534 |
| 8 | 01/2022 | 42 | 4.589.390 | 21 | 2.183.419 | / | / | 4 месеци | / | / |
| 9 | 01/2023 | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **4.174** | **225.908.446** | **2.338** | **62.461.445** | **1.984** | **34.669.988** | **/** | **302** | **27.791.457** |

*Извор: МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023 (последни податоци до крај на 2022 година)*

Во ИПАРД  Програмата 2014-2020 година се спроведуваат три мерки кои се поврзани со развојот на лозарството и винарството, и тоа: Мерка 1 (Инвестиции на земјоделските стопанства); Мерка 3 (Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи) и Мерка 7 (Диверзификација на фармите и развој на бизнисот).

**Мерка 1** дава можност за поддршка и инвестиции во примарното производство – лозарството. До крајот на 2022 година поднесени се 476 барања поврзани со лозови насади, од кои 64 % или 305 проект се одобрени во просечна вредност од 12.503 евра ЕУ дел (75 % од вредноста на грантот) по одобрено барање (Табела 37).

По типови на производство засегнати од инвестициите во мерка 1[10], споредено со другите примарни сектори, лозарството опфаќа 15 % од поднесените барања, односно 16 % од одобрените барања, или 17 % од вкупните одобрени средства за Мерка 1. Единствени два потсектори кои предничат пред лозарството во искористувањето на Мерка 1 се поледелството и овоштарството.

10 Податоците презентирани во табелата се со важност до јуни 2023 (МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023)

Табела 37. Преглед на барања за Мерка 1 по приоритетен сектор

| Тип на производство | Поднесени барања (А) | Одобрени барања (Б) | % (Б/А) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени барања(В) | % (В/А) | Исплатени барања (В) | Исплатен ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лозарство | 476 | 305 | 64 % | 3.813.485 | 284 | 60 % | 284 | 1.761.349 |
| Овоштарство | 1.009 | 626 | 62 % | 6.116.211 | 598 | 59 % | 598 | 5.492.579 |
| Градинарство вклучително стакленици | 214 | 114 | 53% | 965.911 | 107 | 50 % | 107 | 716.027 |
| Житарици | 1.403 | 854 | 61% | 6.689.549 | 768 | 55 % | 768 | 5.764.093 |
| Индустриски растенија | 52 | 22 | 42% | 187.455 | 22 | 42% | 22 | 139.846 |
| Производство на млеко | 43 | 8 | 19% | 266.920 | 5 | 12% | 5 | 196.535 |
| Производство на месо | 28 | 5 | 18% | 2.062.363 | 4 | 14% | 4 | 871.706 |
| Производство на јајца | 10 | 2 | 20% | 446.268 | 1 | 10% | 1 | 321.981 |
| Преработка на земјоделско стопанство | 11 | 4 | 36% | 72.333 | 1 | 9% | 1 | 12.786 |
| Производство на енергија од обновл. извори | 5 | 2 | 40% | 6.353 | 2 | 40% | 2 | 6.353 |
| Вкупно | 3.251 | 1.942 | 60% | 20.626.848 | 1792 | 55% | 1792 | 15.283.255 |

*Извор: МЗШВ ТУ, 2023*

Според типот на инвестиции реализирани во Мерка 1, најмногу се застапени набавките на опрема за послебербени активности на земјоделските стопанства, набавката на трактори и специјализирана опрема за производство (Слика 10). Општо земено, според анализата на Телото за управување (МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023), интересот и искористеноста на ИПАРД поддршката за видовите инвестициски активности во мерката 1 е првенствено за набавка на опрема и машини. Нема голем интерес за инвестициски активности за изградба или реконструкција на земјоделски објекти, развој на инфраструктура на фармите или објекти за активности по бербата и директен маркетинг на фармите. Причината за оваа состојба е неможноста на барателите да добијат дозволи за градба/реконструкција. Легализацијата на фармите, недостатокот на детални урбанистички планови во селата и слабите капацитети на руралните општини одговорни за ова прашање се дополнителни проблеми што го попречуваат процесот на добивање на одобрение за изградба или реконструкција. Исто така, интересот е слаб за инвестиции во системи за наводнување, комбајни, специјализирани приколки и возила за земјоделски транспорт и набавка на повеќегодишни насади.




**Слика 10. Спроведување на Мерка 1 со преглед на барања по тип на инвестиции**

*Извор: МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023*

Во делот на **Мерка 3** опфатена е можноста за поддршка на производителите на вино. Винарството е застапено со 28 поднесени проекти, од кои 63 % или 24 се одобрени, со просечна вредност на исплатените грантови од 170 илјади евра ЕУ дел (на којшто се додава уште 25 % национална контрибуција). Вкупните одобрени средства за проекти од винарството опфаќаат 16 % од вкупните средства одобрени за реализација на Мерка 3. Преработката и откупните центри за овошје и зеленчук заземаат најголем дел од оваа мерка.

**Табела 38. Преглед на барања за Мерка 3 по приоритетен сектор**

| | Поднесени (А) | Поднесени (Б) | **Одобрен ЕУ дел** | Платени проекти | Платен ЕУ дел | % на одобру-вање (Б/А) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Собирни центри за млеко | 11 | 7 | 972.966 | 5 | 296.171 | 64 % |
| Преработка на млеко | 13 | 8 | 685.873 | 6 | 471.128 | 62 % |
| Преработка на месо | 35 | 27 | 3.376.837 | 23 | 2.910.755 | 77 % |
| Собирни центри за О&З | 30 | 22 | 5.500.405 | 16 | 3.169.365 | 53 % |
| Преработка на О&З | 69 | 43 | 7.670.252 | 41 | 6.881.904 | 59 % |
| Мелничка индустрија | 25 | 13 | 663.429 | 7 | 240.874 | 52 % |
| Преработка на масти и масла | 4 | 2 | 24.616 | 1 | 9.620 | 50 % |
| Винарство | 38 | 24 | 3.667.882 | 14 | 2.375.622 | 63 % |
| Вкупно | 225 | 146 | 22562260 | 113 | 16355439 | 65% |

*Извор: АФПЗРР, 2022*

Слично на мерката 1, повеќето видови инвестиции во оваа мерка се однесуваат на набавка на машини и опрема за специјализирани производствени активности (МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023). Опремата за преработка зазема најзначаен дел според видот на инвестиции реализирани во Мерка 3, со одреден број на проекти кои се однесуваат и на градење или реконструкција (Слика 11).

Барателите не покажуваат интерес да инвестираат во подобрување на стандардите за благосостојба на животните, управување со отпад и отпадни води, подобрување на инфраструктурата на фармите и специјализирани транспортни приколки и возила. Сепак, дел од проектите вклучуваат инвестиции во изградба/реконструкција на оперативни објекти. Што е забележително е дека со оглед на значителното зголемување на цените во последните години, во 45 наврати, договорите биле откажани по барање на барателите (МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023).




**Слика 11. Спроведување на Мерка 3 со преглед на барања по тип на инвестиции**

*Извор: МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023*

Мерка 7 ги опфаќа проектите поврзани со диверзификација на активностите на земјоделските стопанства. Најголем удел заземаат барања кои се однесуваат на производство на непрехранбени производи и рурален туризам, што во одредена мера исто така може да е поврзано со развојот на лозарството и винарството (Табела 39).

И покрај зголемениот интерес за оваа мерка, мерката 7 останува со најнизок процент на одобрување. Сепак, сѐуште не се целосно обработени сите податоци, така што можно е крајните исходи да бидат со поголема искористеност на фондовите. Имајќи го предвид големиот интерес за инвестирање во производство и продажба на енергија од обновливи извори и фактот дека вредноста на овие инвестиции може да го надмине расположливиот буџет на мерката, ИПАРД Агенцијата го исклучи секторот од јавните повици 01/2019 и 01/2021 година.

*Табела 39. Преглед на барања за Мерка 7 по приоритетен сектор*

| | Поднесени (А) | Одобрени (Б) | Одобрен ЕУ дел | Платени | Платен ЕУ дел | % на одобрување (Б/А) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Алтернативно земјоделско п-во | 256 | 102 | 495.829 | 63 | 253.553 | 40 % |
| Производство на храна и пијалоци | 73 | 23 | 2.428.789 | 8 | 540.774 | 31 % |
| Производство на непрехранбени производи | 138 | 55 | 10.026.001 | 21 | 2.813.605 | 40 % |
| Развој на занаетчиство | 9 | 4 | 506.398 | 1 | 16.331 | 44 % |
| Услуги во земјоделството | 33 | 10 | 624259 | 4 | 33039 | 30 % |
| Услуги за руралната популација | 22 | 3 | 914070 | 2 | 14974 | 14 % |
| Промоција на рурален туризам | 121 | 21 | 4631023 | 7 | 1284677 | 17 % |
| Производство и продажба на енергија од обновливи извори | 46 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 % |
| Вкупно | 698 | 218 | 19.626.369 | 106 | 4.956.976 | 31 % |

*Извор: МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023; МЗШВ ГИС ИПАРД, 2023*

Во оваа мерка, преовладува интересот за инвестирање во изградба и реконструкција на оперативни објекти за соодветните економски активности, инвестиции за подобрување на инфраструктурата на барателите и инвестиции во специјализирана опрема за преработка (Слика 12).




**Слика 12. Спроведување на Мерка 7 со преглед на барања по тип на инвестиции**

*Извор: МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023*

Значајниот број на одбиени барања, според АФПЗРР, кај сите мерки најмногу се должи на некомплетноста на барањата. Големо доцнење во текот на обработка на предметите причинува бавниот одговор од страна на Бирото за судски вештачења во процесот на одредување на оправданост на трошоците. Исто така, одзивот на компаниите контактирани во постапката на истражување на пазарните цени бил слаб особено од почетокот на пандемијата предизвикана од Ковид-19, а дополнително дел од договорите биле откажани по барање на барателите поради зголемените цени. Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува едно од тесните грла во процесот на обработка на апликациите.

### 4.5.2. ИПАРД 3 (2021-2027)

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 (НСЗРР 2021-2027), донесена од Владата на Република Северна Македонија на 16 јануари 2021 година, го одразува континуитетот на приоритетите на земјата за развој на земјоделството и руралните средини и има за цел да обезбеди поддршка за постигнување задоволително ниво на конкурентност за справување со предизвиците на отворениот и променлив пазар, како и за зајакнување на развојот на руралните средини. ИПАРД Програмата 2021-2027 е суштински поврзана со стратешките цели предвидени со НСЗРР 2012-2027 година, односно мерките од ИПАРД Програмата 2021- 2027 се очекува директно да влијаат врз постигнувањето на седум од специфичните цели предвидени со НАРДС 2012-2027 година, а индиректно врз две од целите (ПЦ2 и ПЦ9).

Како главни цели на ИПАРД Програмата 2021- 2027 се предвидени следниве, со соодветни програмирани мерки за поддршка:

- → Цел 1. Унапредување, одржливост и конкурентност на земјоделските стопанства и сите видови на земјоделство и примарна преработка на храна, до постепено усогласување со стандардите на Европската Унија (Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства", Мерка 2 „Поддршка за формирање групи на производители", Мерка 3 „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи")
- → Цел 2. Враќање, зачувување и подобрување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството и ублажување и прилагодување на климатските промени (Мерка 4 „Агроекологија, клима и органско производство", Мерка 11 „Воспоставување и заштита на шумите")
- → Цел 3. Промовирање рамномерен територијален развој во руралните средини (Мерка 6 „Подобрување и развој на руралната инфраструктура", Мерка 7 „Диверзификација на фарми и развојна бизниси", Мерка 5 „Спроведување на стратегии за локален развој – пристап LEADER")
- → Цел 4. Трансфер на знаење и иновации во областа на земјоделството, шумарството и во руралните области и зајакнување на капацитетот на јавната администрација за спроведување на програмите за рурален развој (Мерка 8 „Подобрување на вештините и компетенциите", Мерка 10 „Советодавни услуги")

Програмата нуди можности за спроведување 11 мерки, иако спроведувањето на Програмата започна со повторно само со четири акредитирани мерки (мерките 1, 3 и 7 и 9 која се однесува на техничка помош). Овие мерки веќе се реализираа во текот на целокупниот програмски период 2014-2020 година, а во наредниот период покрај постоечките, се предвидува акредитирање на неколку нови мерки, како на пример рурална инфраструктура, агроеколошките мерки, органско производство и климатски акции; советодавни услуги; и локален развој преку пристапот на ЛИДЕР. Сите овие мерки директно или индиректно се поврзани со развојот на лозарството и винарството.

Првиот јавен повик од ИПАРД за програмскиот период 2021-2027 АФПЗРР го објави за мерките 1 и 7 на 01.09.2023 и беше отворен до 30.10.2023. Мерката 3 не беше вклучена во овој повик бидејќи Агенцијата објави повик за оваа мерка од ИПАРД 2 прогрмата на 30.09.2023. Вкупниот број на пристигнати апликации е 900 за Мерка 1 со вкупно побарана сума (ЕУ + национално кофинансирање) од 51 мил. евра, од кои за лозарство се  односно 256 апликации за Мерка 7 со вкупно побарана сума (ЕУ + национално кофинансирање) од 46 мил. евра. Вкупниот буџет од овој јавен повик за Мерката 1 изнесува 18.893.333,33 евра додека за Мерката 7 изнесува 11.400.000 евра. Заради големиот број на апликации и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од буџетот од јавниот повик, рангирање на апликациите ќе биде применето согласно критериумите за селекција од ИПАРД 3 програмата (МЗШВ ИПАРД-ТУ, 2023).

Во однос на критериумите за прифатливост на инвестиции во рамки на ИПАРД програмата, во Мерка 1 прифатливите проекти може да вклучуваат подигање на лозови насади, набавка на механизација и инсталација на машини и опрема, развој на инфраструктурата на стопанството, градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на згради и објекти. За да се добие поддршка во рамките на оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци што се предложени за инвестицискиот проект треба да изнесуваат 20.000 евра. Максималната финансиска поддршка што може да се додели на новоосновани правни лица (правно лице што не поднело годишна даночна пријава за последната фискална година што претходела на годината на јавниот повик) во рамките на оваа мерка е 100.000 евра. Максималната вкупна финансиска поддршка што може да се додели на поединечен проект во рамките на оваа мерка е 750.000 евра. Максималната вкупна финансиска поддршка што се доделува на корисник според оваа мерка изнесува 1.500.000 евра за целиот период на спроведување на Програмата.

За Мерка 3, меѓу приоритетните сектори е и секторот Шира, вино, други ферментирани пијалаци, жестоки алкохолни пијалаци и оцет; прифатливите проекти може да вклучуваат изградба или реконструкција на згради и друг недвижен имот што се користи за преработка и маркетинг на земјоделски производи, набавка и/или инсталирање нови машини и опрема/инструменти, набавка на специјализирани транспортни резервоари и приколки за транспорт на суровини и/или готови производи, инвестиции во постојани средства поврзани со заштита на животната средина, развој на инфраструктурата на претпријатието и сл. Со цел да се добие поддршка во рамките на оваа мерка, минималните вкупни прифатливи трошоци што се предложени за инвестицискиот проект треба да изнесуваат 50.000 евра. Максималната финансиска поддршка што може да се додели на новоосновани правни лица (правно лице што не поднело годишна даночна пријава за последната фискална година што претходела на годината на јавниот повик) во рамките на оваа мерка е 100.000 евра. Максималната вкупна финансиска поддршка што може да се додели на поединечен проект во рамките на оваа мерка е 1.500.000 евра. Максималната вкупна финансиска поддршка за поединечен корисник во рамките на оваа мерка не смее да надминува 3.000.000 евра за целиот период на спроведување на Програмата.

Вклучувањето на засегнатите страни, покрај промотивните активности, е обезбедено во работата на Комитетот за следење на ИПАРД програмата, кадешто покрај социјалните пратнери, претставници на академската заедница и претставници на здруженијата на земјоделски производители, како економски партнери се вклучени претставници на стопнаските комори и еден претставник на здружението на производители извозници на вино и други пијалоци од грозје „Вина од Македонија“.

## 4.6. АНАЛИЗА НА ПОДДРШКАТА ВО ОДНОС НА СТРУКТУРНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ

Државната поддршка на приходите на земјоделските стопанства варира и зависно од земјоделските потсектори;  за производителите на грозје според податоците од ФАДН поддршката зазема околу 26 % во вкупниот приход на производителите. За споредба, во другите потсектори тоа учество се движи од 42-70 % кај производителите на млеко, одгледувачи на овци и кози; кај граниворите и градинарските култури околу 5 %, и за повеќегодишните култури 14 % (НСЗРР-ФАДН, 2021). Според истражувањето на цената на чинење, се потврдува дека во просек приходот од субвенции (директни плаќања по хектар и по аутпут) се движи во просек околу 26% од вкупниот приход на индивидуалните лозаропроизводители[11].

Во Табела 40 е претставено вкрстувањето на поддршката на лозарството со структурните показатели, со цел анализа на влијанието. Како извори се користат веќе презентираните податоци за прегледот на поддршката наспроти површината под лозови насади (вкупна родна површина и пријавена површина за директни плаќања), бројот на земјоделски стопанства (вкупен број и број на пријавен апликанти за поддршка), како и административната и реализираната поддршка[12].

Анализата упатува дека 81% од родната површина под лозови насади се опфатени во шемата на директни плаќања во лозарството, со варијација од 74% до 85% во периодот 2016-2022 година (просечната пријавена површина изнесувала 19049 хектари наспроти 23485 ха вкупна родна површина под лозови насади во истиот период).

Ако се земе предвид вкупниот број на земјоделски стопанства кои имаат лозови насади (40689 стопанства, според Структурното истражување на ДЗС за 2016 година), во просек 39% од нив користат субвенции (15815 апликанти во просек за периодот 2016-2022 година). Тука всушност се отсликува силно изразената дуална структура во лозарството, со голем број многу мали стопанства со многу мали површини под лозови насади наспроти малиот број на крупни земјоделски стопанства т.е. 85 % од родната површина под лозови насади, пријавиле 40 % од вкупниот број на производители на грозје, корисници на поддршка.

При анализа на бројот на апликанти кои се водат како специјализирани лозарски стопанства (13956 стопанства, според Структурното истражување на ДЗС за 2016 година), може да се забележи дека бројот на апликанти го надминува опсегот на специјализираните лозарски стопанства (со 13-22%, зависно од годината), т.е. дел од корисниците покрај лозарското производство имаат и други значајни земјоделски активности на стопанството.

11 Martinovska Stojcheska, A., Dimitrov, L., Janeska Stamenkovska, I., Popovska Stojanov, D., Dimov, Z., Agic, R., Dimitrievski, D., Gjamovski, V., Nedelkovski, D. (2021) Calculation of cost of production for selected agricultural products in North Macedonia. Study within the project Strengthening of Agriculture and Rural Development Policy Analysis and Programming, Food and Agriculture Organization of the United Nations FAO.
12 Користени се пред сè податоците од табелите 1, 2, 10 и 18.

Табела 40. Преглед на поддршката во однос на одредени показатели

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учество на пријавената површина во вкупната родна површина | 85% | 85% | 83% | 79% | 74% | 82% | 79% | 81% |
| Учество на пријавените апликанти во вкупиот број земјоделски стопанства со лозов насад | 42% | 41% | 41% | 40% | 32% | 39% | 38% | 39% |
| Учество на пријавените апликанти во вкупниот број специјализирани лозарски стопанства | 122% | 120% | 120% | 117% | 92% | 113% | 110% | 113% |
| **Реализирани барања** | | | | | | | | |
| Директни плаќања за лозарството, сведени на хектар родна површина (денари/ха) | 18 901 | 19 952 | 24 870 | 33 535 | 33 452 | 32 784 | 27 981 | 27 354 |
| Директни плаќања за лозарството, сведени на хектар пријавена површина (денари/ха) | 22 142 | 23 379 | 29 895 | 42 255 | 45 194 | 40 120 | 35 500 | 34 069 |
| **Администрирани барања** | | | | | | | | |
| Директни плаќања за лозарството, сведени на хектар родна површина (денари/ха) | 24 840 | 27 356 | 26 473 | 26 480 | 25 453 | 27 750 | 27 861 | 26 602 |
| Директни плаќања за лозарството, сведени на хектар пријавена површина (денари/ха) | 29 100 | 32 056 | 31 822 | 33 365 | 34 387 | 33 960 | 35 347 | 32 862 |
| Директни плаќања за лозарството, сведени на земјоделско стопанство со лозов насад | 14 158 | 15 731 | 15 400 | 15 616 | 14 831 | 15 948 | 15 781 | 15 352 |
| Директни плаќања за лозарството, сведени на пријавен апликант за поддршка | 33 965 | 38 148 | 37 522 | 38 825 | 46 937 | 41 285 | 41 911 | 39 799 |

*Извор: Сопствена пресметка врз основа на податоците од ДЗС, АФПЗРР, МЗПВ, АРМС, 2023*



Во однос на самите директни плаќања, според применетиот методолошки пристап разликуваме исплати на реализирани барања, водејќи се по АРМС методологијата (евиденција на исплатите во годината во која биле de facto реализирани) и администрирани барања (одобрени барања за исплата, добиени од евиденцијата на АФПЗРР). Реализираните вкупни директни плаќања за лозарството, сведени на хектар родна површина изнесуваат во просек 27354 денари, со варијација во периодот од 18901 во 2016 година до 33452 во 2020 година. Истите разгледувани како реализирани исплати по единица пријавена површина во просек изнесуваат 34069 денари/ха.

Земајќи ги предвид процесираните односно административно одобрените барања, во просек за исплата се одобрени 26602 денари/ха родна површина, или 32862 денари/ха по пријавена површина за користење на поддршката.

Анализирајќи ги директните плаќања за лозарството по земјоделско стопанство, истите изнесуваат 15352 денари сведени на вкупниот број стопанства со лозов насад. Со оглед на тоа дека само 34 % од стопанствата со лозов насад се пријавиле за користење на субвенции, поддршката по пријавен апликант во просек изнесува 39799 денари, а се движи од 33965 во 2016 година до 46937 денари во 2020 година, кога е одобрена и највисока сума за исплата.



# 5. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНСКИОТ СЕКТОР ВО ЗЕМЈИТЕ ОД РЕГИОНОТ И ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## 5.1. МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

### 5.1.1. Политики за поддршка на земјоделството и руралниот развој во земјите од западен балкан

Земјоделството е важен стопански сектор во сите земји од Западниот Балкан, во смисла на учество во бруто домашниот производ (во повеќето земји се движи од 7 до 10 %, освен во Албанија каде што е сѐуште над 20 %). И покрај тоа што земјоделството е важен извор на приход за голем дел од населението, продуктивноста на земјоделскиот сектор заостанува зад другите сектори на економијата во земјите на Западниот Балкан. Со текот на времето се забележуваат одредени зголемувања на приносите на клучните земјоделски култури и приносите на добитокот, како и на продуктивноста на трудот, но тие остануваат во голема мера под просечното ниво на ЕУ. Сите земји, исто така, се соочуваат со значителни структурни проблеми во руралните области, особено поврзани со депопулацијата, стареење на руралното население, слабите пазари на труд, лошата рурална инфраструктура и недоволна присутност на социјални услуги. Дополнително, земјоделскиот сектор се соочува со голем број предизвици поврзани со одржливост на социјалната и животната средина, и влијанието на климатските промени.

Земјоделските политики имаат значајна улога во справувањето со некои од овие предизвици. При промовирањето на растот на земјоделскиот сектор и руралните средини, клучниот предизвик е да се најде рамнотежа помеѓу унапредување на земјоделската продуктивност и конкурентност и создавање услови за заштита на животната средина и социјална одржливост во руралните области. Една од главните политички цели на земјите е пристапување во Европската Унија. Од гледна точка на земјоделскиот сектор, ова имплицира дека Заедничката земјоделска политика на ЕУ претставува репер за поставување на земјоделските политики во земјите од Западниот Балкан.

Развојот на вкупната поддршка на земјоделството и руралниот развој во земјите на Западен Балкан, споредбено по земји, следејќи ги просеците за периодите 2017–2018, 2019-2020 и 2021-2022 година е прикажан на Слика 13. Поддршката со текот на времето покажува кај сите земји покажува тренд на зголемување. Во апсолутни вредности, според буџетот во 2022 година, најнизок буџет имаат Црна Гора (43,3 мил. евра) и Албанија (85,6 мил. евра). Според првите два периоди, на ова ниво е и Косово, но за оваа земја немаме достапни податоци за 2021 и 2022 година. Потоа следува Босна и Херцеговина (134,3 мил.и евра) и Северна Македонија (165,1 мил. евра), и најмногу Србија  (525,7 мил. евра).




**Слика 13. Вкупна буџетска поддршка на земоделството и руралниот развој во земјите на Западен Балкан (по столбови според АПМ, мил. евра, просек за 2017-18, 2019-20 и 2021-22 год.)**

*Извор: АРМС, 2023*

Поради големите разлики помеѓу земјите од Западен Балкан во однос на вкупната земјоделска површина и население, во продолжение ја прикажуваме вкупната поддршка поддршка во земјоделството по хектар земјоделско земјиште (Слика 14) и по жител (Слика 15) за 2022 година. Бидејќи за Косово ја немаме вкупната буџетска поддршка за 2022 година, таа е изоставена од овој приказ.

Разликите во поддршката по хектар меѓу земјите се значајни и се движат од 61 евра/ха во Босна и Херцеговина до околу 170,6 евра/ха во Црна Гора. Во Македонија поддршката изнесува 131,3 евра по хектар земјоделско земјиште.

Вкупната поддршка по хектар во ЕУ во просек изнесува околу 350 евра/ха (сепак, со голема варијација меѓу земјите со, на пример, 137 евра/ха во Латвија, 175 евра/ха во Литванија, 214 евра/ха во Бугарија и 218 евра/ха во Романија, Европска комисија, 2020).




**Слика 14. Вкупна буџетска поддршка на земјоделството и руралниот развој во земјите на Западен Балкан по хектар земјоделска површина за 2022 година (во евра)**

*Извор:Изведено од ЗБ АРМС 2023 и ЗБ СтатДатабази 2023*

Плаќањата по жител варираат од 30,6 евра во Албанија до 89,9 евра во Македонија. Поддршката по жител во земјите на Западниот Балкан е значително помала во споредба со ЕУ (околу 120 евра/жител, Европска комисија, 2020).




**Слика 15. Вкупна буџетска поддршка на земјоделството и руралниот развој во земјите на Западен Балкан по жител за 2022 година (во евра)**

*Извор:Изведено од ЗБ АРМС 2023 и ЗБ СтатДатабази 2023*

### 5.1.2. Буџет и мерки за поддршка на лозарството и винарството во земјите од Западен Балкан

Во другите земји од регионот се спроведуваат одредени мерки за директна поддршка на лозарството и винарството и/или субвенционирање на инпутите. Споредбата на овие мерки е според ажурираните бази на податоци за земјоделството и земјоделската политика во земјите на Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија)[13], заклучно со 2022 година.

Споредено со земјите од Западен Балкан, Северна Македонија издвојува најмногу средства директно наменети за производителите на грозје, како директни плаќања или развојни мерки. Македонија издвојува најмногу буџетска поддршка вкупно за производителите на грозје или по хектар лозје (Табела 41).

Додека во Северна Македонија поддршката се движи од 7 до 13 милиони евра годишно во периодот од 2017 до 2021 година, другите земји издвојуваат незначителни средства или во некои години воопшто не издвојуваат. Директната поддршка на производителите по хектар земјоделско земјиште под лојз во 2022 година изнесува 56 евра во Црна Гора, 432 евра во Србија и 447 евра во Македонија.

**Табела 41. Вкупна буџетска поддршка на производителите на грозје (милиони евра)**

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Евра по хектар лозја (2022) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Албанија | 0,08 | 0,08 | - | - | - | - | - |
| Босна и Херцеговина | - | - | - | - | 0,01 | - | - |
| Црна Гора | 0,17 | 0,14 | 0,16 | 0,09 | 0,11 | 0,16 | 55,94 |
| Србија | - | - | - | 4,24 | - | 8,65 | 432,43 |
| Македонија | 7,58 | 9,57 | 13,08 | 12,86 | 12,44 | 10,47 | 446,77 |

*Извор: Изведени податоци од АПМ датабазите и Статдатабазите за секоја земја (2023)*

**Основна мерка за подршка на лозарството**, којашто се применува во сите наведени земји, освен Албанија, **е плаќања по земјоделска површина под лозја**. Висината на оваа поддршка кај речиси сите земји бележи покачување, па се движи од 51 евро/ха (Србија) до 767 евра

13 http://app.seerural.org/agricultural-statistics/; податоци за 2020 и 2021 во фаза на изработка на Студијата за развојот на земјоделските политики во земјите на Западниот Балкан и Турција (во подготовка)

(Босна и Херцеговина). Во споредба со нив,  Северна Македонија во целиот изминат период издвојува по 650 евра за оваа мерка. Во анализираниот период, плаќања по количество произведено грозје е исплаќано само во Северна Македонија.

Значајни се мерките за субвенционирање на инпутите. Субвенционирање на производството на **лозов калем** се применува во Босна и Херцеговина (0,15-0,23 евро/садник во Федерација БиХ или 30 % од референтната пазарна цена), Косово (0,10-0,20 евра/садник) и Македонија (0,49-0,57 евра по садник). Субвенционирањето на **премиите за осигурување** се применува во Србија (40 %), Црна Гора (50 %)  и Македонија (60 %).

Табела 42. Директни плаќања за лозарството и винарството и субвенции во земјите од Западен Балкан

| Босна и Херцеговина | Единица | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Федерација БиХ - Плаќања за долгогодишни насади, за лозја: мин. 1 ха; мин. продадени количини: 8 т/ха грозје; макс. 250 ха; во 2019 г.: критериум е само површина: 1 ха - 150 ха. | ЕУР/ха | 460 | 428; 445 | 428; 445 | 665 | 665 | 767 |
| Федерација БиХ - Плаќања за садници, за продадени лозови садници; различна количина зависно од видот на расад; во 2019 г., макс. бр. на садници по корисник е 220.000. | ЕУР/ парче | 0.23; 0.15 | 0.21; 0.14 | 0.21; 0.14 | 0.15; 0.23 | 0.15; 0.23 | 0.15; 0.23 |
| Р.Српска - Плаќања за лозови садници, продадени од производители регистрирани во Фито-регистар; плаќања макс. % од референтна пазарна цена | ЕУР/ парче | - | - | 15% | 15-30% | 30% | 30% |
| **Косово*** | **Единица** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| Плаќања за винско грозје, мин. 0,1 ha лозја; од 2017 г. без модулација | ЕУР/ха | 1000 | 1000 | 1000 | н.д | н.д | н.д |
| Плаќања за лозови садници; мин 0,5 ха, мин 5.000 садници; различни плаќања зависно од бројот на произведени садници | ЕУР/ парче | 0.20-0.10 | 0.20, 0.15, 0.10 | 0.20, 0.15, 0.10 | 0.20, 0.15, 0.10 | 0.20, 0.15, 0.10 | 0.20, 0.15, 0.10 |
| **Црна Гора** | **Единица** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| Плаќања за долгогодишни насади со лозја | ЕУР/ха | 180 | 180 | 180 | 200 | 200 | 250 |
| Субвенции за осигурување (финансирање на дел од трошоците за осигурување од штети на посевите) | max % | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 |
| **Северна Македонија** | **Единица** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
| Плаќања за површина со лозја: мин. 0,2 ha; мин. 1.389 садници/ха; применета модулација; од 2018 г. 20% повисоки плаќања за површина 1-10 ha) | max ЕУР/ха | 650 | 650 | 650 | 650 | 650 | 650 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дополнителни плаќања за лозја, за реконструирање на лозови насади за промена на сортна структура | max ЕУР/ха | - | 122-161 | 195 | 195 | - | - |
| Плаќања за винско грозје продадено на регистрирани погони за преработка | ЕУР/кг | - | 0.02 | 0.03 | - | - | - |
| Плаќања за производство на лозов калем | ЕУР/ парче | 0.41 | 0.49, 0.57 | 0.49, 0.57 | 0.49, 0.57 | 0.49, 0.57 | 0.49, 0.57 |
| Дополнителни плаќања по површина за конверзија од производство на житни култури во производство  на зеленчук, овошје и грозје | % | 30 | 30 | 30 | 30 | - | - |
| Субвенции за кофинансирање на премии за осигурување на посеви; макс. 5 ха лозја | max % | 60 | 60 | 60 | 60 | - | - |
| Србија | Единица | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
| Плаќања за долгогодишни насади,за лозја (од 2015 г. макс. 20 ha) | ЕУР/ха | 16.5 | 33.8 | 44.1 | 44.2 | 34.0 | 51.1 |
| Субвенции за осигурување за земјоделски култури и добиток (од 2015 г. за макс. 20 ха) | % | 40 | 40 | 40 | 40 | - | - |
| Субвенции за ѓубриво, за набавка на производи за исхрана на растенијата: плаќање по кг производ (0,08 евра/кг во 2017 г.); ограничено плаќање по ха | max ЕУР/ха | 16.0 | | | | | |

*Извор: База на податоци за земјоделството и земјоделската политика во земјите на Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија), Страна 8-1 (достапно на: http://app.seerural.org/agricultural-statistics/).*

# 5.2. ПОДДРШКА НА ЛОЗАРСТВОТО И ВИНАРСТВОТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## 5.2.1. Лозарството и винарството во ЕУ

Европската унија е најголемиот светски производител, потрошувач и извозник на вино. На ЕУ отпаѓа половина од светското производство, од кое три четвртини доаѓа од Шпанија, Франција и Италија. Половината од потрошувачката на вино во светот е во ЕУ.

Според податоците од OIV (2021)[14], површината под лозови насади во Европската унија се стабилизирала во последните години и изнесува 3,3 милиони ha, што се должи на регулативата[15] која го воведува системот на овластувања за подигање на нови насади, што е воведен во 2016 година и им овозможува на земјите-членки на ЕУ да одобрат подигање на нови насади кои ги зголемуваат површините од постоечките насади до 1 %. Во 2021 година во земјите-членки на ЕУ, Шпанија е со најголема површина со лозови насади (најголеми и во светот) со 964 илјади ha кои ги зголемила за 0,4 % во споредба со 2020 година. Франција, е втора по големина кај површините под лозов насад со 798 илјади ha, исто така зголемени за 0,2 % во споредба со 2020 година. Италија, со 718 илјади ha под лозов насад, кои бележел позитивен пораст во последните пет години, во 2021 година е на исто ниво од 2020 година. Во останатите држави на ЕУ се забележува намалување во споредба со 2020 година, во Португалија за 0,2 %, Романија за 0,7 %, Унгарија за 1,2 %. Во Германија во 2021 година површините под лозови насади останале стабилни и изнесуваат 103 илјади ha.

Според документот[16] изработен за поддршка на членовите и персоналот на Европскиот парламент (Šajn, 2023), во 2020 година во ЕУ имало 2,2 милиони стопанства со лозови насади кои се разликуваат по големината. Најмногу стопанства имала Романија, со 800 000 стопанства, но во исто време тие се и најмали, со просечна големина од 0,2 хектари. Мали стопанства со просек помеѓу 0,5 и 0,6 хектари, се типични и за Хрватска, Грција, Словенија и Кипар. Спротивно на тоа, просечната големина на француските стопанства со лозови насади изнесува 10,5 хектари. Големите лозови насади (со над 10 хектари) зафаќаат 3,2 % од вкупниот број стопанства, но зафаќаат 59,2 % од површините под лозови насади. Помеѓу 2015 и 2020 година, забележан е тренд на поголема консолидација на лозовите насади но и бројот на стопанства е намален за 257 000, а особено на оние под 1 хектар, чиј број се намалил за 226 000.

Производството на вино во ЕУ во 2021 година изнесува 153,7 милиони hl, што претставува намалување од 8 % во споредба со 2020 година и 5 % под просекот од последните пет години. Ова намалување главно се објаснува со намалувањето на нивото на производство на вино во Франција поради пролетните мразеви од април 2021. Во останатиот дел од ЕУ, состојбата е доста хетерогена во нивоата на производство на вино, главно поради влијанието на различни временски услови во текот на годината.

Потрошувачката на вино во ЕУ во 2021 година, изнесувала 114 милиони hl, што претставува 48% од светската потрошувачка, и е за 3 % повисока од потрошувачката во 2020 година кога поради ковид-криза изнесувала 110,5 милиони hl, и била една од најниските. Ова значи дека потрошувачката на вино во ЕУ се вратила на последниот десетгодишен просек. Во однос на релативната потрошувачка во светски рамки, потрошувачката на вино во ЕУ е значително намалена од 2000 година, кога истата изнесувала 59%. Причина за релативното намалување е комбинираниот ефект на пораст на потрошувачката на нови пазари во светот и севкупното намалување на потрошувачката на вино во традиционалните земји производители во рамките на ЕУ, кои денес консумираат помалку за околу 20 милиони hl отколку во 2000 година или намалување од 15 %.

После ограничувањата поради COVID-19 пандемијата светската трговија со вино, односно

14 State of the world vine and wine sector 2021.
15 Regulation (EU) No. 1308/2013.
16 Nikolina Šajn: The EU wine sector (Briefing), EPRS | European Parliamentary Research Service, 2023.

извозот на вино од сите земји производители се стабилизира, како најголема количина забележана со вкупен износ од 111,6 милиони hl, и вредност од 34,3 милијарди евра. Франција, Шпанија и Италија се најголеми извозници во 2021 година и сочинуваат 61 % од вкупниот извоз на вино во светот во 2021 година.

Во 2021 година, Германија, САД и Велика Британија се најголемите увозници на вино, со вкупна количина од 42 милиони hl, што изнесува 38 % од вкупниот увоз на вино во светот.

### 5.2.2. Политиките во лозарството и винарството во ЕУ државите

Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) има за цел да обезбеди стабилно, одржливо производство и снабдување на безбедна храна по пристапни цени за 447 милиони потрошувачи во ЕУ, а во исто време да обезбеди и пристоен животен стандард за 17 милиони земјоделци и работници во земјоделството и одржување на околу 10 милиони земјоделски стопанства. Со годишен буџет од околу 60 милијарди евра, ЗЗП ја зајакнува конкурентноста и одржливоста на земјоделството во земјите на ЕУ со финансирање низа мерки за поддршка преку Европскиот земјоделски гарантен фонд (EAGF) и Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (EAFRD), организирани формално во два столба на политиката.

Првиот столб на ЗЗП се состои од политиката на директни плаќања како поддршка на приходите на земјоделците, како и политиката што е во фокусот на нашиот интерес - заедничката организација на пазарите на земјоделските производи. Вториот столб на ЗЗП се однесува на програмите за рурален развој кои обезбедуваат рамка за инвестирање во поединечни проекти на земјоделските стопанства или во други активности во руралните области за да се одржи нивниот развој.

Во суштина, основата за поддршка на лозарството и винарството е во Регулативата на ЕУ (ЕК) бр. 1308/2013, на Европскиот парламент и на Советот од декември 2013 година, за воспоставување Заедничка организација на пазарите (ЗОП, англиски: Common organization of the markets - CMO), на земјоделски производи, како и делегираните регулативи, меѓу кои и тие за справување со пандемиската криза COVID-19, во лозарството и винарството од 2016, 2020 и 2021 година, како и Делегирана регулатива во однос на националните програми за поддршка на лозарството и винарството.

Заедничката организација на пазарите е рамка за пазарните мерки предвидени со ЗЗП. Реформите на ЗЗП постепено ја направија политиката ориентирана кон пазарот и ја намалија улогата што ја играат интервентните алатки, кои сега се сметаат за безбедносни мрежи што треба да се користат само во случај на криза. ЗОП се клучна компонента на заедничката земјоделска политика (ЗЗП) од нејзиното основање, обезбедувајќи рамка за шемите за поддршка на пазарот, кои имале различни форми во зависност од земјоделскиот сектор на кој се аплицирале. ЗОП биле формирани како средство за исполнување на целите на ЗЗП како што се стабилизирање на пазарите, обезбедување фер животен стандард за земјоделците и зголемување на продуктивноста во земјоделството. Мерките на ЗОП првично се засновале главно на ценовни гаранции, а постепено биле намалувани и неутрализирани, најпрво целосно, а потоа делумно, со доделување на директна поддршка. Затоа, интервентните алатки претрпеле низа реформи и сега се сметаат за „заштитни мрежи“, односно се користат само во случај на кризи поврзани со сериозно нарушување на пазарот. Што се однесува до мерките за поддршка на цените, биле задржани само интервентните цени (гарантираната цена под која интервентно тело назначено од земјите-членки ги купува произведените количини и ги складира).

ЗОП ги утврдува земјоделски производи опфатени со регулативата. Има внатрешен аспект (што ги опфаќа пазарните интервенции и правилата за маркетинг и организациите на производители) и надворешен аспект кој ја покрива трговијата со трети земји (увозни и извозни сертификати, увозни давачки, администрирање на тарифни квоти и поврат на извозот итн.).

ЗОП, исто така, се однесува на правилата за конкуренција што се применуваат на претпријатијата и правилата за државна помош. Исто така, содржи општи одредби за исклучителни мерки (вклучувајќи мерки за заштита од нарушување на пазарот предизвикано од флуктуации на цените или други причини), мерки за поддршка на пазарот во случај на појава на болести кај животните или губење на довербата на потрошувачите.

### 5.2.3. Мерки на поддршка на лозарството и винарството во европската унија

Политиката на ЕУ во делот на лозарството и винарството е стара колку и заедничката земјоделска политика. Мерките за поддршка на секторот се во согласност со мерките и инструментите од регулативата за Заедничката организација на пазарите, применливи за лозаро-винарскиот сектор, а предвидени во националните програми за поддршка, шемите на овластувања за подигање на насадите од винова лоза, правилата за енолошки практики, маркетингот, етикетирањето, сертификацијата и системите за мониторинг и контрола. Примената на мерките и инструментите имаат за цел да обезбедат пазарна рамнотежа, квалитет и конкурентност на овој сектор во ЕУ. Овие мерки се предмет на т.н. „хоризонталната регулатива“ која ги утврдува општите правила за расходите и контролниот систем што го спроведуваат земјите-членки.

Во минатото главен фокус на политиките на ЕУ во секторот биле рамнотежата помеѓу понудата и побарувачката, заедно со мерките за управување со пазарот (дестилација на вишокот на вино) и ограничувањата за подигање на нови насади. Дополнително, постоеле неколку шеми насочени кон редуцирање на производството (со засилени финансиски стимулации за откажување од лозарството кон крајот на 1980-тите, и шема за ископачување кон крајот на 2000-тите). Мерките за реструктуирање и пренамена на површините под лозови насади, исто така биле дел на винската политика од 1999 година поради нивните позитивни структурни ефекти врз лозарството и винарството. Во контекст на опаѓање на домашната потрошувачка и зголемување на можностите на многу конкурентниот светски пазар, реформата усвоена во 2008 година (Регулатива (ЕЗ) бр. 1234/2007) ги имала следните цели:

- да ги направи производителите на вино во ЕУ уште поконкурентни – со подобрување на угледот на европските вина и враќање на уделот на пазарот во ЕУ и надвор од ЕУ;
- да се направат правилата за управување со пазарот поедноставни, појасни и поефективни – да се постигне подобра рамнотежа помеѓу понудата и побарувачката и
- да се зачуваат најдобрите традиции на европското производство на вино и да се зајакне неговата социјална и еколошка улога во руралните области.

Фокусирајќи се уште повеќе на конкурентноста и квалитетот, во 2013 година извршена е нова реформа (Регулатива (ЕУ) бр. 1308/2013), која става крај на поддршката за дестилација и кризна дестилација, како и ограничување на употребата на концентрирана шира. Како компензација воведени се мерки за поддршка на развојот на нови производи, процеси и технологии во винскиот сектор. Исто така, проширени се мерките за промоција во земјите на ЕУ, со цел да се информираат потрошувачите за одговорната потрошувачка на вино и за системите на ЕУ што ги покриваат ознаките на потеклото и географските ознаки. Исто така продолжено е со мерките за реструктуирање и пренамена на лозовите насади со пресадување таму каде што е неопходно по задолжителното ископачување поради здравствени, односно фитосанитарни причини.

Дополнително со одлуките донесени за време на реформата имплементирана е шема со која се регулираат новите овластувања за подигање на насади за периодот помеѓу 2016 и 2030 година. Земјите членки секоја година одобруваат овластувања за нови насади што одговараат на 1 % од вкупната површина под винова лоза на нивната територија утврдена на 31 јули претходната година. Со ова им се овозможува на конкурентните производители

да го зголемат производството до одредени граници.

Со оваа реформа ЗОП се фокусира на зголемување на продажба на винските производи и се зајакнува способноста на производителите да се прилагодат на побарувачката на пазарот. Поставените специфични цели се однесуваат на:

- зајакнување на конкурентноста на лозарството и винарството;
- обезбедување непречено функционирање на внатрешниот пазар, особено преку зголемување на продажбата на винските производи и обезбедување на урамнотежен пораст на насадите од винова лоза;
- обезбедување на квалитетот на виното од ЕУ, земајќи ги предвид очекувањата на потрошувачите;
- поттикнување на одговорен пристап кон кризни ситуации и
- заштита на животната средина.

Овие цели треба да се остварат преку две групи на мерки: регулаторни мерки и национални програми за поддршка.

Првата група на мерки се шемите на единствени плаќања по хектар, како производно неврзана поддршка. Можноста за воведување на оваа мерка за лозарите е овозможена по реформата на ЗОП за пазарот на вино во 2008 година. Со тоа во 2014 година, трите земји со најниски буџети за секторот (Британија, Малта и Луксембург), ја пренеле целата своја национална програма за поддршка од буџетот за шемата за единствено плаќање. Од големите земји-производители на вино, само Шпанија префрлила дел од својот буџет. Во 2014 година, Грција префрлила дел од својот буџет во шемата за единствени плаќања, но од 2015 година наваму го ставила целиот буџет во националната програма за поддршка. Вкупно, 13 % од буџетот на националната програма за поддршка на ЕУ бил префрлен во шемата за единствено плаќање. Лозаро-винарските земјоделски стопанства во ЕУ имаат натпросечен приход и, во повеќето случаи, не зависат од директните плаќања. Со 30.760 евра по годишна работна единица бруто приход во 2020 година, биле значително над просекот од 24.222 евра за сите фарми, според податоците од FADN[17]. Затоа, други форми на поддршка (како реструктуирање) се порелевантни за лозарството и винарството.

Националните програми за поддршка се главната алатка за поддршка на винарството. Корисници се лозарите и производителите на вино, односно не само примарните земјоделски производители, туку и преработувачите, бидејќи голем дел од преработката на виното се одвива на фармите. Оваа група на мерки е подобро прилагодена на потребите на секторот, бидејќи лозата е повеќегодишна култура со високи трошоци за подигање на насадот, како и за негово ископачување. Покрај тоа, нема единствен пазар на вино и винските производи кои се многу диференцирани. Цената не е единствениот фактор што влијае на изборот на потрошувачите и се одредува делумно од пазарната рамнотежа, а делумно од квалитетот и репутацијата[18].

Во согласност со работниот документ на Европската комисија од 2016 година и Упатството[19] кое дава насоки за спроведување на регулативите во националните програми за поддршка, наведени се мерките подобни за поддршка на лозарството и винарството:

---

17 https://agridata.ec.europa.eu/extensions/DashboardFarmEconomyFocus/DashboardFarmEconomyFocus.html
18 COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT: EVALUATION of the CAP measures applicable to the wine sector {SWD(2020) 233 final}. Brussels, 20.10.2020.
19 Guidelines for the implementation of certain provisions of Commission Delegated Regulation (EU) 2016/1149 and Implementing Regulation (EU) 2016/1150 of 15 April 2016



• промоција и маркетинг на вина од ЕУ, вклучувајќи информации за одговорна потрошувачка на вино;

• активности за реструктуирање и конверзија за зголемување на конкурентноста и прилагодување на побарувачката на потрошувачите;

• инвестиции во винскиот сектор насочени кон економските перформанси;

• поддршка за дестилација на нуспроизводи за да се обезбеди квалитет на виното, а притоа да се заштити животната средина;

• превентивни инструменти како што се осигурување на бербата, заеднички фондови и зелена берба за да се поттикне одговорен пристап кон кризните ситуации;

• иновација која може да ја зголеми пазарната способност и конкурентноста на производите од винова лоза во ЕУ.

Земјите-членки избираат соодветен сет на мерки, согласно специфичностите на земјата и потребите на лозарството и винарството, кои ги внесуваат во националните програми за поддршка и кои се финансираат од ЕУ. На земјите-членки не им е дозволено дополнително да учествуваат во финансирање на мерките кои веќе се во националните програми за поддршка, а финансирани од ЕУ. Исклучоци се доделуваат за промоција, осигурување на приносот и инвестициите, а во согласност со Регулативата 1308/2013 и во тој случај земјите-членки мора да ја известат Европската комисија за нивната одлука да доделат државна помош.

Согласно регулативата 1308/2013, во анекс VI, поставени се буџетските ограничувања за земјите-членки, кои влегуваат во националните програми за поддршка, како главен финансиски инструмент во заедничката организација на пазарот на вино. Како што може да се види во Табела 43, од 2017 година па наваму вкупните годишни износи за поддршка на лозарството и винарството се во износ од една милијарда и сто и четири милиони евра.

Табела 43. Годишни буџетски ограничувања за националните програми за поддршка на секторот лозарство (во 000 ЕУР)

| **Држава** | **ГОДИНА** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2014** | **2015** | **2016** | **2017 и понатаму** |
| Бугарија | 26 762 | 26 762 | 26 762 | 26 762 |
| Чешка Република | 5 155 | 5 155 | 5 155 | 5 155 |
| Германија | 38 895 | 38 895 | 38 895 | 38 895 |
| Грција | 23 963 | 23 963 | 23 963 | 23 963 |
| Шпанија | 353 081 | 210 332 | 210 332 | 210 332 |
| Франција | 280 545 | 280 545 | 280 545 | 280 545 |
| Хрватска | 11 885 | 11 885 | 11 885 | 10 832 |
| Италија | 336 997 | 336 997 | 336 997 | 336 997 |
| Кипар | 4 646 | 4 646 | 4 646 | 4 646 |
| Литванија | 45 | 45 | 45 | 45 |
| Луксембург | 588 | — | — | — |
| Унгарија | 29 103 | 29 103 | 29 103 | 29 103 |
| Малта | 402 | — | — | — |
| Аустрија | 13 688 | 13 688 | 13 688 | 13 688 |
| Португалија | 65 208 | 65 208 | 65 208 | 65 208 |
| Романија | 47 700 | 47 700 | 47 700 | 47 700 |
| Словенија | 5 045 | 5 045 | 5 045 | 5 045 |
| Словачка | 5 085 | 5 085 | 5 085 | 5 085 |
| Велика Британија | 120 | — | — | — |
| Вкупно | **1 248 913** | **1 105 054** | **1 105 054** | **1 104 001** |

*Извор: Регулатива на ЕЗ бр. 1308/2013 - Анекс VI*

Согласно работниот документ на Европската комисија од 2016 година, извршувањето на буџетот варира годишно вкупно и по земја-членка. На ниво на ЕУ, тој се движел помеѓу 88% и 94 % во текот на програмскиот период 2014-2018 година. Во овој периодот, главните мерки на ЕУ од финансиска гледна точка биле: за преструктуирање и конверзија (49 %), за инвестиции (22 %) и за промоција (18 %). Новововедената мерка за иновации имала мал буџет и била доделена само за Германија, Шпанија и Кипар, без примена во Германија. Мерката за поддршка на формирањето на заеднички фондови не била спроведена од ниту една земја-членка. На ниво на земја-членка, мерката за преструктуирање и конверзија, исто така, била доминантна, но може да се забележат конкретни национални избори:

- Осум земји-членки (Бугарија, Чешка, Грција, Унгарија, Португалија, Романија, Словенија, Словачка) избрале да се фокусираат на ограничен број мерки и/или да одвојат над 70% од својот буџет за мерката за реструктуирање и конверзија. Романија и Бугарија се највпечатливите случаи, со повеќе од 93 % од нивниот буџет потрошени за реструктуирање и конверзија. Ова е логично со оглед на развојот на нивниот вински сектор во однос на географското потекло и негова заштита;
- Седум земји (Германија, Шпанија, Франција, Хрватска, Кипар, Италија, Австрија) развиле различна стратегија, споделувајќи го буџетот помеѓу различни мерки и издвојувајќи голем дел за промоција и/или инвестиции.

### 5.2.4. Други мерки за поддршка на лозарството и винарството во Европската Унија

Покрај веќе наведените мерки за поддршка на лозарството и винарството, како директните плаќања и мерките од Регулативата за заедничка организација на пазарот, а согласно правната рамка на ЕУ за земјоделскиот сектор како целина, во Регулативата за рурален развој и Регулативата за мерки за обезбедување информации и промоција, лозаро-винарскиот сектор може да се поддржува и со мерки од овие регулативи.

Политиките за рурален развој на ЕУ се насочени кон решавање на прашањата за економските, еколошките и социјални аспекти на руралните области. Земјите-членки подготвуваат национални програми за рурален развој прилагодени на потребите на нивните територии и приоритетите на ЕУ. Во овие програми се вклучуваат мерки за трансфер на знаење и иновации во земјоделството, за зголемување на конкурентност на земјоделскиот сектор и за управување со ризик во земјоделството што може да покрие одредени потреби и на лозаро-винарскиот сектор. Во оваа насока може да се користат следните мерки:

- органско земјоделско производство, каде се доделува поддршка, по хектар земјоделска површина, на земјоделци или групи земјоделци за да применуваат практики и методи на органското земјоделство;
- инвестиции во физички средства со што се доделува поддршка за материјални или нематеријални инвестиции кои ги подобруваат вкупните перформанси и одржливост на земјоделското стопанство или пак се однесуваат на преработка, маркетинг или развој на земјоделски производи;
- осигурување, што како финансиска поддршка се доделува за премии за осигурување на економски загуби на земјоделците предизвикани од неповолни климатски настани, болести на животните или растенијата, наезда од штетници или еколошки инциденти;
- заеднички фондови што како поддршка може да покрие финансиски придонеси во заеднички фондови, како на пример за административни трошоци при формирање на заеднички фонд или средства што ги плаќа заедничкиот фонд како финансиски надомест кон земјоделците.

Регулативата за мерките за обезбедување информации и промоција за земјоделски производи имплементирани на внатрешниот пазар и во земјите кои не се членки на ЕУ може целосно или делумно да се финансираат од буџетот на ЕУ. Негова цел е да ја подобри конкурентноста на земјоделскиот сектор на Унијата, а со тоа да доведе до поголема конкурентска правичност и на внатрешниот пазар и во трети земји и особено, да придонесе за шемите за квалитет на ЕУ. Затоа, нејзиниот опсег е релативно близок до мерката за промоција предвидена со Регулативата за заедничката организација на пазарот, кои постојат во националните програми за поддршка на лозарството и винарството. Во оваа насока ЕУ може да финансира информации за обезбедување и мерки за промоција кои опфаќаат вина со заштитена ознака на потекло или со статус на географска ознака и вино со ознака на сортата винско грозје. Оваа мерка може да се примени во рамките на т.н. „заеднички програми", односно заедно со други видови производи, или да биде ограничено на информирање на потрошувачите за конкретната шема (квалитет, органско потекло на производот, итн.) како и за одговорна потрошувачка на виното.

### 5.2.5. Лозарството и винарството во НОВАТА ЗЗП НА ЕУ

Шеесет годишниот развој на ЗЗП обезбедил да ЕУ од увозник на храна денес е најголемиот светски извозник на земјоделско-прехранбени производи, и го обезбедил населението на ЕУ со доволни количини на храна. ЗЗП на ЕУ обезбедува слободен пазар на производи заеднички стандарди и висок квалитет. Во својот развој ЗЗП на ЕУ поминала низ неколку

пресвртници согласно потребите за прилагодување на предизвиците кои се јавувале во секторот.

Во јуни 2021 година, Советот и Европскиот парламент постигнале привремен политички договор за иднината на Заедничката земјоделска политика (ЗЗП), како одговор на законскиот предлог поднесен во 2018 година од Европската комисија[20]. Во контекст на големата пандемиска криза со COVID-19 во која земјоделско-прехранбениот сектор покажа отпорноста, наспроти растечките предизвици со климатските промени, загубата на биолошката разновидност, управувањето со природните ресурси, очекувањата се дека новата ЗЗП ќе биде суштинска алатка за придонес во остварувањето на амбициите на Европскиот зелен договор, како далекусежна стратегија за еколошка, економска и социјална одржливост во ЕУ. Земјоделството и руралните области се во основата на Европскиот зелен договор, а ЗЗП 2023-2027 година ќе биде клучна алатка за достигнување на неговите цели преку спроведување на Стратегијата од фарма до вилушка и Стратегијата за биолошка разновидност[21]. Ова прилагодување значи дека 2021 година ќе претставува уште една пресвртница во еволуцијата на ЗЗП, односно нејзина нова реформирана политика.

Новата ЗЗП која стапи на сила на 1 јануари 2023 година, предвидува воведување на голем број реформи во клучните области. Во справувањето на земјоделскиот сектор со локалните и со глобалните предизвици, новата ЗЗП, има за цел да придонесе за транзиција кон паметен, одржлив, конкурентен, отпорен и диверзифициран земјоделски сектор и стабилност во долгорочното обезбедување со храна. Приоритетите вклучуваат обезбедување поддршка за зголемување на приходите и отпорноста на фармите, засилување на климатските активности, заштита на природните ресурси, зачувување и обновување на биолошката разновидност, како и зајакнување на социо-економското ткиво на руралните области. Ова се рефлектира во девет специфични и една меѓусекторска цел, поврзани со заедничките цели на ЕУ за социјална, еколошка и економска одржливост во земјоделството и руралните области.

Специфичните цели се дефинирани на ниво на ЕУ, но од секоја земја-членка се бара да дизајнира национален стратешки план и да наведе како ќе ги достигне целите. Плановите им овозможуваат на земјите членки да ги изберат мерките и инструментите на ЗЗП кои се финансираат од ЗЗП (директните плаќања, интервенции специфични за одредени пазарни сектори и мерките за рурален развој), кои ќе ги спроведуваат на својата територија во периодот 2023-2027 година. Ова овозможува стратешки пристап за да се осигура дека сите достапни алатки се користат на комплементарен начин. Земјите-членки ќе ги користат стратешките планови како алатка за: зајакнување на отпорноста на земјоделскиот сектор на ЕУ, намалување на зависноста од вештачки ѓубрива, трансформирање на производството во согласност со одржливите методи во производството и промовирање на производство на обновлива енергија.

Стратешките планови се финансираат преку двата фонда како дел од буџетот на ЕУ:

- Европскиот земјоделски гарантен фонд (EAGF) каде се директните плаќања и поддршката за стабилизирање на внатрешните земјоделски пазари, кои мерки целосно се финансирани од ЕУ, и
- Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (EAFRD) ги поддржува мерките за рурален развој, при што е дадена можност за кофинансирање од земјите-членки.

За периодот 2023-2027 година, вкупниот буџет изнесува 307 милијарди евра од кои 264 милијарди од буџетот на ЕУ, а останатите 43 милијарди евра од националните буџети на земјите-членки. Зголемувањето на средствата што им се достапни на корисниците поради националниот придонес за EAFRD значително ги зголемува вкупните ресурси во некои членки.

20 https://agriculture.ec.europa.eu/document/download/89b607ec-8a43-4073-bafd-f2493da7699e_en?filename=factsheet-newcap-environment-fairness_en.pdf
21 https://agriculture.ec.europa.eu/common-agricultural-policy/cap-overview/cap-2023-27_en




Во просек, земјите-членки придонесуваат со 40 % кофинансирање во овој фонд, со што се зголемува расположивото финансирање од 66 милијарди евра на 109 милијарди. Земјите-членки во изготвувањето стратешкиот план имаат флексибилност да ја модифицираат националната распределба помеѓу фондовите (EAGF и EAFRD), со пренесување на доделените износи во која било насока во однапред дефинирани граници.

## НОВИНИ ВО ЛОЗАРО-ВИНАРСКИОТ СЕКТОР

Она што е основна новина директно во секторот вклучува[22]:

- Шема за овластување за подигање на лозови насади: продолжување на оваа шема до 2045 година со два среднорочни прегледи во 2028 и 2040 година;
- Хибридни сорти винова лоза: овластување за користење на хибридни сорти винова лоза на „Vitis vinifera“ и други видови на „Vitis“ за производство на квалитетни вина покриени со PDO (protected designation of origin - заштитена ознака на потеклото)[23], што е голем чекор кон поотпорни сорти винова лоза;
- Деалкохолизирани вина и делумно деалкохолизирани вински производи: овластување за ставање во промет на деалкохолизирани вина и заштита на делумно деалкохолизирани вински производи како PDO и PGI (Geographical indications protection - Заштитено географско потекло), што му овозможува на лозаро-винарскиот сектор на ЕУ да ползува нови можности на пазарот;
- Означување на нутритивните состојките: имплементација на нови правила за означување на нутритивните вредности и состојки на вината и ароматизираните вински производи за да се подобрат информациите за потрошувачите, барајќи од производителите на вино да ја наведат енергетската вредност на нивните производи

22 https://agriculture.ec.europa.eu/common-agricultural-policy/cap-overview/cap-2023-27/key-reforms-new-cap_en
23 Повеќе за географските ознаки и шемите за квалитет на: https://agriculture.ec.europa.eu/farming/geographical-indications-and-quality-schemes/geographical-indications-and-quality-schemes-explained_en

и да се обезбедат целосна информација за нутритивната вредност и состојките на етикетата или по електронски пат.

Покрај горе наведеното воведени се дополнителни правила во врска со географските ознаки (GIs) во согласност со некои од чекорите преземени за зајакнување на позицијата на земјоделците и новите правила за лозаро-винскиот сектор:

• Донесување регулатива за PDO и PGI: регулативата за PDO и PGI ќе се прошири на сите сектори;

• Спецификации на производот: критериумите за одржливо производство можат да бидат вклучени во спецификацијата на производот на доброволна основа;

• Натамошни заштитни мерки за PDO и PGI на производите: PDOs и PGIs ќе бидат заштитени експресно на интернет и од стоки во транзит во рамките на ЕУ. Заштитата на PDOs и PGIs ќе се прошири и на имињата на употребените состојки;

• Ароматизирани вина GI: оваа шема ќе се спои со шемата за земјоделски и прехранбени производи;

• Примена на нови правила за винскиот сектор: на производителите на PDI и PGI вино ќе им биде дозволено да користат хибриди;

• Конзистентност меѓу секторите: процедурите ќе бидат поедноставени, рационализирани и усогласени меѓу секторите.

Во лозаро-винарскиот сектор мерките на поддршка остануваат според шемите од ЗОП кои се применувани и претходно и земјите-членки ги вклучуваат во нивните Стратешки планови како комплементарност со другите инструменти за поддршка. Во секторот, 5 % од вкупните интервенциите мора да бидат поврзани со еколошките цели, а некои видови интервенции се нови (т.е. активности преземени од меѓусекторските организации, инвестиции во системи за одгледување грозје и вино и инвестиции во животната средина). Во стратешките планови на Бугарија, Романија и Словачка е воведен нов пристап за активности преземени од меѓусекторки организации во лозаро-винарскиот сектор со цел подобрување на познавањето на пазарот.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Целта на оваа студија е да се изврши анализа на поддршката и да се процени влијанието на субвенциите и другите буџетски трансфери во лозарството и винарството, со препораки за подобрен систем кој би обезбедил порамномерен пристап за поттикнување на производителите на грозје. Студијата се темели врз секундарни извори на податоци од надлежните институции и преглед на релевантната литература.

Врз основа на истажувањето, може да се изведат следниве клучни сознанија и заклучоци:

- Производството на грозје, заедно со виното, зафаќа околу 13 % од вредноста на растителното производство или околу 7770 милиони денари во просек за периодот од 2015 до 2020 година. Во 2021 година, остварени се 6241 милиони денари вредност на производството на грозје и вино, со што се забележува стабилност во вредноста на грозјето, наспроти значителен пад во вредноста на виното. Лозовите насади опфаќаат околу 5 % од обработливото земјиште во Република Северна Македонија односно околу 23,5 илјади хектари родна површина. Структурата на лозовите насади е неповолна со повеќе од 60 % насади постари од 15 години, мали површини со голем број на ситни парцели и примена на механизација само за основните операции (главно поврзани со обработка на почвата и примена на заштита на лозовите насади). Повеќето лозаропроизводители се многу мали (85 % од специјализираните лозарски стопанства остваруваат вкупна стандардна вредност на производството пониска од 1999 евра на годишно ниво).
- Откупот на грозје за преработка значително варира низ годините, од 47 илјади тони во 2017 година наспроти четирикратно повисок откуп од околу 2 418 илјади тони во 2021 година. Вредноста на вкупниот откуп, а со тоа и висината на откупната цена, се движи од 11,67 денари/кг во 2020 година до 14,85 денари/кг во 2018 година. Околу 76 % од количеството на откуп доаѓа од индивидуалниот сектор. Според последните достапни податоци, во Регистарот на винарски визби запишани се 243 производители на вино (зголемениот број главно се должи на олеснувањата направени во регистрирањето на малите семејни винарии).
- Ако вкупниот приход по вработен за сите сектори во РСМ се земе како паритетна вредност од 100 %, тогаш секторот земјоделство, шумарство и рибарство во тој сооднос зазема 45,17 %, секторот преработувачка индустрија 97,28 %, класата одгледување на грозје 35,06 %, а класата производство на вино од грозје 126,09%, што укажува на висок диспаритет помеѓу лозарството и винарството.
- Лозарството и винарството се поддржуваат преку две главни програми: (1) Програмата за финансиска поддршка на земјоделството (ПФПЗ) и (2) Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој (ПФПРР). Најзначајната поддршка доаѓа преку директните плаќања, каде што мерките за плаќања по површина земјиште под лозови насади заземаат од 80-90 % наспроти плаќањата по количество предадено грозје. Директните плаќања, зависно од годината, во просек за периодот 2017-2023 година се во висина околу 677 милиони денари, со одредени варијации во текот на годините. Одредени средства од ПФПЗ се одвојуваат и за помош во премии и осигурување, анализа на почва, помош за одделни категории носители на земјоделските стопанства и сл.
- Приходот од директните плаќања по хектар и предадена количина за откуп учествува во просек со околу 26 % во вкупниот приход на индивидуалните лозаропроизводители.
- Анализата упатува на изразена дуална структура во лозарството, со голем број многу мали стопанства со многу мали површини под лозови насади, наспроти мал број на крупни лозарски стопанства. Во шемата на директни плаќања во лозарството опфатени

се 81 % од родната површина под лозови насади. Ако се земе предвид вкупниот број на земјоделски стопанства кои имаат лозови насади (40689 стопанства, според Структурното истражување на ДЗС за 2016 година), во просек 39 % од нив користат субвенции (15815 апликанти во просек за периодот 2016-2022 година).

- Во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој (ПФПРР), во просек на годишно ниво за периодот 2017-2023 година се одвојуваат околу 80 милиони денари. Како најзначајни мерки во ПФПРР се јавуваат инвестициите во модернизација на земјоделските стопанства (на пример, подигнување на нови насади, набавка на трактори, набавка на систем за наводнување и сл.), капитални инвестиции во водостопанската инфраструктура, помошта за млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност, и сл. Преку техничките мерки за поддршка на развојот на земјоделството и руралниот развој дополнително се инјектираат околу 55 милиони денари годишно во просек за периодот 2016-2021 година, преку организирање и спроведување и учество на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи и преработувачи во и вон републиката и други слични мерки. Индиректна поддршка се добива и преку мерките поврзани со унапредување на животната средина и подобрување на квалитетот на живот во руралните средини.

- Средствата предвидени за реализација на ИПАРД програмата за периодот 2014-2021 година бележат висока стапка на реализација. Проектите и од лозарството и од винарството опфаќаат 16 % од вкупните средства одобрени за реализација на Мерка 1 и 3, со по околу 4 милиони евра. Дополнителни средства се одобрени и за диверзификација на земјоделските стопанства.

- Споредено со земјите од Западен Балкан, Северна Македонија издвојува најмногу средства директно наменети за производителите на грозје, како директни плаќања или развојни мерки, односно во просек во 2022 година по 447 евра на хектар лозје.

## Состојба во земјите на Европска Унија

Во земјите на Европската Унија, основата за поддршка на лозарството и винарството е во Регулативата на ЕУ бр. 1308/2013, за воспоставување Заедничка организација на пазарите (ЗОП, англиски: Common markets organization - CMO), на земјоделски производи, како и делегираните регулативи, меѓу кои и тие за справување со пандемиската криза COVID-19, во лозарството и винарството од 2016, 2020 и 2021 година, како и Делегираната регулатива во однос на националните програми за поддршка во овој сектор.

- Мерките за поддршка на лозарството и винарството, кои ги користат државите членки на ЕУ се во согласност со мерките и инструментите од регулативата за Заедничката организација на пазарите, применливи за лозарството и винарството, и се дефинираат во националните програми за поддршка, шемите на овластувања за подигање на насадите од винова лоза, правилата за енолошки практики, маркетингот, етикетирањето, сертификацијата и системите за мониторинг и контрола, кои ги изготвува секоја држава посебно.

- Генерално се користат две групи на мерки: регулаторни мерки и национални програми за поддршка. Првата група на мерки се шемите на единствени плаќања по хектар, како производно неврзана поддршка. Националните програми за поддршка се главната алатка за поддршка, а корисници се лозарите и производителите на вино, бидејќи голем дел од преработката на грозјето во вино се одвива на земјоделските стопанства.

- Вкупните буџетски поддршки за сите земји членки во ЕУ од 2015 година наваму се проектирани на повеќе од 1,1 милијарди ЕУР. За земјите во регионот наменети се за: Бугарија 26 милиони ЕУР, Хрватска 11 милиони и Словенија нешто повеќе од 5 милиони ЕУР.

• Новата ЗЗП која стапи на сила на 1 јануари 2023 година, предвидува воведување на голем број реформи во клучните области, со цел за справување на земјоделскиот сектор со локалните и со глобалните предизвици и остварување на целите на Европскиот зелен договор, преку спроведување на Стратегијата од фарма до вилушка и Стратегијата за биолошка разновидност. Приоритетите вклучуваат обезбедување поддршка за зголемување на приходите и отпорноста на фармите, засилување на климатските активности, заштита на природните ресурси, зачувување и обновување на биолошката разновидност, како и зајакнување на социо-економското ткиво на руралните области. Ова се рефлектира во девет специфични и една меѓусекторска цел, поврзани со заедничките цели на ЕУ за социјална, еколошка и економска одржливост во земјоделството и руралните области.

• За остварување на целите секоја земја-членка дизајнира национален стратешки план и во кој наведува како ќе се достигнат целите. Плановите им овозможуваат на земјите членки да ги изберат мерките и инструментите на ЗЗП кои се финансираат од ЗЗП (директните плаќања, интервенции специфични за одредени пазарни сектори и мерките за рурален развој), кои ќе ги спроведуваат на својата територија во периодот 2023-2027 година.

• За периодот 2023-2027 година, вкупниот буџет изнесува 307 милијарди евра од кои 264 милијарди од буџетот на ЕУ, а останатите 43 милијарди евра од националните буџети на земјите-членки.

• Новините кои се во делот на политиките во лозаро-винарскиот сектор се однесуваат на пролонгирање на рокот на шемата за овластување за подигање на лозови насади до 2045 година, како и внесување на можноста за подигање на насади со хибридни сорти винова лоза на „Vitis vinifera“ и други видови на „Vitis“ за производство на квалитетни вина, овластување за ставање во промет на деалкохолизирани вина и заштита на делумно деалкохолизирани вински производи, имплементација на нови правила за означување на нутритивните вредности и состојки на вината и ароматизираните вински производи, како и воведување на дополнителни правила во врска со географските ознаки (GIs) во согласност со некои од чекорите преземени за зајакнување на позицијата на земјоделците.

• Во лозаро-винарскиот сектор мерките на поддршка остануваат според шемите од ЗОП кои се применувани и претходно и земјите-членки ги вклучуваат во нивните Стратешки планови како комплементарност со другите инструменти за поддршка. Она што е задолжително е дека во поддршките во секторот, 5 % од вкупните интервенциите мора да бидат поврзани со еколошките цели, а некои видови интервенции како новина се преземени од меѓусекторските организации, како и инвестиции во системите за одгледување грозје и вино и инвестициите во животната средина.

## Препораки

Преку идентификување на постојните недостатоци во националните мерки за поддршка, особено во споредба со мерките за поддршка во рамките на Заедничката земјоделска политика на ЕУ (ЗЗП), може да се посочат неколку клучни препораки:

• Голем предизвик во ефектите и влијанието на мерките претставуваат честите измени во националните програми, како и непоклопувањето на одобрените и реализираните исплати по години. Во таа насока, главна препорака е одржување на стабилност во политиките, без многу измени и дополнувања, на годишно ниво и помеѓу годините, за да можат да се забележат ефектите од самите мерки. Има голем број на мерки во програмите за кои нема исплата и чии планирани средства во текот на годината се префрлаат на други мерки. Овие практики бараат дополнителна анализа, да се согледаат причините за ваквите чести промени и да се делува соодветно. Програмирањето

и буџетирањето на мерките е клучен чекор, за согледување на реалната потреба и изводливост за имплементација на мерките, со што би се избегнале честите ad hoc промени.

• Анализата покажа дека најзначајно учество во буџетската поддршка имаат директните плаќања. И покрај важноста за поддршка на приходот на лозарските производители (кои во најголем број се со многу мали земјишни капацитети), сè поголема предност треба да се даде на развојните мерки, за модернизација на земјоделските стопанства, преку инвестиции во постојани средства, но и во знаење и иновации, со што би се зголемила конкурентноста на целиот сектор.

• Уредувањето на земјоделските пазари, во линија на Заедничка организација на пазарите налик на Common market organization – CMO политиките во ЕУ, треба да се поддржи со соодветна регулатива и буџетска поддршка. Треба да се поттикне хоризонталното здружување на производителите во разни форми на организации, за да заеднички се мобилизираат нивните ресурси и да се зголеми понудата во обем и во квалитет. Истовремено, вертикалната интеграција е од исклучително значење и ораганизирањето на главните чинители во меѓугранкови организации може да придонесе до подобро и поефикасно функционирање на синџирот и да поттикне поеднаква распределба на вредноста. Во тој дел, потребни се мерки за стимулирање на договорното производство, со воспоставување на услови на соработка и долгорочни договори за производство. На тој начин, покрај стабилноста, ќе се обезбеди можност и за влијание врз квалитетот и количината на произведеното грозје.

• Вертикалната интеграција може да има клучна улога и во делот на заштита на квалитетот. Во Националната страттегија за земјоделство и рурален развој за 2021-2027 година (Прилог 6) и во новата Стратегија за развој на лозарството и винарството се посочува можноста носители на една заштитена географска ознака да бидат самите производители на грозје и вино кои заеднички ќе градат бренд за потекло, ќе менаџираат и ќе ја штитат одредената географска индикација со поддршка на државата. Заштитените географски ознаки нудат можност за реализација на препознатлив производ со повисока додадена вредност, со што директна корист имаат и производителите на грозје и винариите. Ова е важен чекор за поуспешно позиционирање на домашните, регионалните и меѓународните пазари.

• Особен предизвик предизвикува трансферот на лозарските стопанства, односно промената на генерацијата која постепено треба да ги преземе и менаџира стопанствата. Оттука, потребна е засилена поддршка за младите земјоделци, стимулирање на нивно ангажирање во лозарството и винарството, не само преку финансиска поддршка, туку и преку сериозно вложување во нивното техничко знаење, претприемничките вештини и поттикнување на иновациски практики.

# 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Agrosynergie (2018) Evaluation of the CAP measures applicable to the wine sector. European Commission

APMC database (2023) Agricultural Policy Measures Classification Database for North Macedonia. Compiled under series of SWG projects, unpublished data.

APMC database(s) for WB (2023) Agricultural Policy Measures Classification Databases for Western Balkan countries/territories (Albania, Bosnia and Herzegovina, Kosovo*, Montenegro North Macedonia and Serbia). Compiled under series of SWG projects, unpublished data.

DashboardFarmEconomy (2022) https://agridata.ec.europa.eu/extensions/DashboardFarmEconomyFocus/DashboardFarmEconomyFocus.html

European Commission (2020) Commission staff working document: Evaluation of the CAP measures applicable to the wine sector {SWD(2020) 233 final}, Brussels, 20.10.2020.

European Commission (2020), 'Agri-food data portal' (https://agridata.ec.europa.eu/).

Guidelines for the implementation of certain provisions of Commission Delegated Regulation (EU) 2016/1149 and Implementing Regulation (EU) 2016/1150 of 15 April 2016

OIV (2022) State of the world vine and wine sector 2021. International Organisation of Vine and Wine, Intergovernmental Organisation. https://www.oiv.int/sites/default/files/documents/eng-state-of-the-world-vine-and-wine-sector-april-2022-v6_0.pdf

Martinovska Stojcheska, A., Kotevska, A., Janeska Stamenkovska, I., Dimitrievski, D., Zhllima, E., Vaško, Ž., ... & Ciaian, P. (2021). Recent agricultural policy developments in the context of the EU approximation process in the pre-accession countries (No. JRC124502). Joint Research Centre (Seville site).

Martinovska Stojcheska, A., Dimitrov, L., Janeska Stamenkovska, I., Popovska Stojanov, D., Dimov, Z., Agic, R., Dimitrievski, D., Gjamovski, V., Nedelkovski, D. (2021) Calculation of cost of production for selected agricultural products in North Macedonia. Study within the project Strengthening of Agriculture and Rural Development Policy Analysis and Programming, Food and Agriculture Organization of the United Nations FAO.

Rednak, M., Volk, T. and Erjavec, E. (2013), 'A tool for uniform classification and analyses of budgetary support to agriculture for the EU accession countries', Agricultural Economics Review, Vol 14, No 1, pp. 76–96.

Šajn, N (2023) The EU wine sector (Briefing). EPRS, European Parliamentary Research Service, PE 751.399. https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2023/751399/EPRS_BRI(2023)751399_EN.pdf

StatDatabases for WB (2023) Statistical Databases for Western Balkan countries/territories (Albania, Bosnia and Herzegovina, Kosovo*, Montenegro North Macedonia and Serbia). Compiled under series of SWG projects (http://app.seerural.org/agricultural-statistics/).

АФПЗРР (2021) Информација за резултатите од спроведувањето на ИПАРД програмата 2014-2020, Хти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II

Влада (2016-2024) Годишни програми за финансиска поддршка на земјоделството (за 2017-2024),

Влада (2016-2024) Годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој (2017-2024),

Влада (2017-2023) Програми за финансиска поддршка на земјоделството

Влада (2017-2023) Програми за финансиска поддршка на руралниот развој

Влада (2022, 2023) Програми за спроведување на интервентен фонд во земјоделството

Влада (2022, 2023) Програми за финансиска поддршка на органското производство

Влада (2022, 2023) Програми за финансирање на микро производители на вино

Влада (2022, 2023) Програми за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој

Влада (2022, 2023) Програми за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, трговија и употреба на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата

Влада (2022, 2023) Програми за фитосанитарна политика

ДЗС (2017) Структура и типологија на земјоделските стопанства, 2016. Државен завод за статистика на Република Македонија

ДЗС-ЕСЗ (2024) Економски сметки во земјоделството, 2021. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

ДЗС (2024) МакСтат база на податоци. Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Закон за земјоделство и рурален развој Службен В. на Р.М. бр. 49/2010, https://dejure.mk/zakon/zakon-za-zemjodelstvo-i-ruralen-razvoj)

ИПАРД програма 2021-2027 (2021) https://ipard.gov.mk/mk/ипард-програма-2021-2027/

МЗШВ (2021) Национална Стратегија за земјоделство и рурален развој 2021-2027. Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. (https://www.mzsv.gov.mk/Почетна/Документи_и_информации_од_јавен_карактер/Стратешки_документи_.aspx)

МЗШВ (2018) Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2018-2022 година. Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. (https://dejure.mk/zakon/nacionalna-programa-za-razvoj-na-zemjodelstvoto-i-ruralen-razvoj-za-period-od-2018-2022-godina)

МЗШВ (2023) Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2023-2027 година. Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Службен весник на РСМ, бр. 62 од 21.3.2023 година и Службен весник на РСМ, бр. 62 од 21.3.2023 година. (https://www.mzsv.gov.mk/Почетна/Документи_и_информации_од_јавен_карактер/Стратешки_документи_.aspx)

МЗШВ ИПАРД-ТУ (2023) Годишен извештај за следење на спроведувањето на ИПАРД програмата 2014-2020 (за периодот до декември 2023). Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

МЗШВ (2023) Стратегија за лозарство и винарство 2023-2033. Влада на Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

# 8. ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1. Статистички податоци за лозарството и винарството

Табела 44. Земјоделски површини по категории на користење, во хектари, по години

| | Земјоделска површина | Вкупна обработлива површина | Ораници и бавчи | Овоштарници | Лозја | Ливади | **Пасишта** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 1267134 | 516644 | 417456 | 16138 | 23613 | 59437 | 749772 |
| 2017 | 1266008 | 516870 | 416709 | 16546 | 23703 | 59912 | 748413 |
| 2018 | 1264139 | 518740 | 418140 | 16827 | 24088 | 59685 | 744667 |
| 2019 | 1264578 | 519848 | 418823 | 16784 | 24468 | 59773 | 743991 |
| 2020 | 1261687 | 517039 | 416070 | 17095 | 23976 | 59898 | 743911 |
| 2021 | 1259996 | 516733 | 416714 | 16942 | 23776 | 59301 | 742760 |
| 2022 | 1256854 | 514436 | 415648 | 16852 | 23425 | 58511 | 741698 |

Табела 45. Површини под лозје и производство на грозје во 2022 година, по општини

| | Број на родни пенушки во илјади | Вкупен број пенушки во илјади | Вкупно производство во тони | Кг по хектар | Родна површина хектари |
|---|---|---|---|---|---|
| **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **82062** | **83709** | **265556** | **11522** | **23047** |
| Кавадарци | 18449 | 18541 | 57962 | 12568 | 4612 |
| Гевгелија | 3547 | 3815 | 29586 | 24655 | 1200 |
| Неготино | 10938 | 11207 | 28297 | 10751 | 2632 |
| Богданци | 1372 | 1372 | 17099 | 37663 | 454 |
| Валандово | 2999 | 2999 | 15222 | 10087 | 1509 |
| Росоман | 3408 | 3408 | 10224 | 11986 | 853 |
| Куманово | 3948 | 3985 | 9228 | 13374 | 690 |
| Василево | 3047 | 3047 | 8722 | 9162 | 952 |
| Велес | 2132 | 2429 | 6638 | 7728 | 859 |
| Босилово | 1998 | 1998 | 6452 | 11104 | 581 |
| Струмица | 914 | 946 | 5780 | 34001 | 170 |
| Демир Капија | 2091 | 2104 | 5395 | 10335 | 522 |
| Радовиш | 2535 | 2554 | 4948 | 8059 | 614 |
| Градско | 888 | 890 | 4772 | 14120 | 338 |
| Штип | 1369 | 1369 | 4548 | 11147 | 408 |
| Скопје | 4474 | 4512 | 4517 | 3780 | 1195 |
| Дојран | 425 | 433 | 4495 | 29770 | 151 |
| Свети Николе | 1875 | 1876 | 4372 | 7552 | 579 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Старо Нагоричане | 1751 | 1808 | 3924 | 11308 | 347 |
| Дебарца | 657 | 657 | 3036 | 20797 | 146 |
| Карбинци | 1022 | 1022 | 2896 | 8134 | 356 |
| Прилеп | 1123 | 1123 | 2727 | 8392 | 325 |
| Струга | 522 | 522 | 2595 | 25194 | 103 |
| Лозово | 986 | 1004 | 2165 | 5524 | 392 |
| Виница | 1121 | 1121 | 1865 | 5501 | 339 |
| Ново Село | 271 | 284 | 1637 | 21260 | 77 |
| Кочани | 540 | 540 | 1619 | 8750 | 185 |
| Чешиново - Облешево | 454 | 454 | 1338 | 15929 | 84 |
| Охрид | 265 | 265 | 1325 | 5889 | 225 |
| Чучер - Сандево | 870 | 870 | 1305 | 3071 | 425 |
| Битола | 783 | 783 | 1233 | 5409 | 228 |
| Пробиштип | 568 | 568 | 1200 | 6781 | 177 |
| Сарај | 863 | 900 | 1112 | 7173 | 155 |
| Чашка | 380 | 380 | 1068 | 9366 | 114 |
| Вевчани | 260 | 260 | 1040 | 8254 | 126 |
| Ѓорче Петров | 705 | 705 | 1015 | 10576 | 96 |
| Кратово | 834 | 1238 | 982 | 4836 | 203 |
| Ресен | 445 | 445 | 891 | 7883 | 113 |
| Кисела Вода | 693 | 693 | 796 | 4020 | 198 |
| Гази Баба | 1544 | 1544 | 720 | 1324 | 544 |
| Конче | 305 | 305 | 609 | 7709 | 79 |
| Зрновци | 163 | 163 | 602 | 15050 | 40 |
| Могила | 294 | 294 | 529 | 7149 | 74 |
| Илинден | 461 | 471 | 464 | 3774 | 123 |
| Бутел | 276 | 276 | 414 | 4814 | 86 |
| Петровец | 326 | 326 | 380 | 4584 | 83 |
| Сопиште | 238 | 238 | 335 | 4926 | 68 |
| Студеничани | 250 | 250 | 335 | 5403 | 62 |
| Липково | 243 | 310 | 316 | 3191 | 99 |
| Карпош | 229 | 229 | 272 | 4466 | 61 |
| Теарце | 129 | 129 | 215 | 8938 | 24 |
| Зелениково | 114 | 114 | 158 | 4145 | 38 |
| Аеродром | 120 | 120 | 120 | 3000 | 40 |
| Брвеница | 50 | 50 | 100 | 10000 | 10 |
| Демир Хисар | 50 | 50 | 100 | 5282 | 19 |
| Долнени | 47 | 47 | 89 | 7399 | 12 |
| Шуто Оризари | 45 | 45 | 68 | 4500 | 15 |
| Јегуновце | 28 | 28 | 56 | 8000 | 7 |
| Дебар | 13 | 13 | 44 | 21875 | 2 |
| Делчево | 38 | 38 | 38 | 4688 | 8 |
| Новаци | 17 | 17 | 32 | 5415 | 6 |
| Арачиново | 22 | 22 | 31 | 6160 | 5 |
| Македонска Каменица | 8 | 8 | 8 | 8000 | 1 |
| Тетово | 4 | 4 | 8 | 4000 | 2 |
| Желино | 4 | 4 | 4 | 4000 | 1 |

## ПРИЛОГ 2. Класификација на дејности

**СЕКТОР**

| | |
|---|---|
| А. | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО |
| Б. | РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН |
| В. | ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА |
| Г. | СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И КЛИМАТИЗАЦИЈА |
| Д. | СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА; ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА |
| Ѓ. | ГРАДЕЖНИШТВО |
| Е. | ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ |
| Ж. | ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ |
| З. | ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА |
| Ѕ. | ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ |
| И. | ФИНАНСИСКИ ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ |
| Ј. | ДЕЈНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ |
| К. | СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ |
| Л. | АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ |
| Љ. | ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА; ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ |
| М. | ОБРАЗОВАНИЕ |
| Н. | ДЕЈНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА |
| Њ. | УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА |
| О. | ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ |
| П. | ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ; ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ |
| Р. | ДЕЈНОСТИ НА ЕКСТРАТЕРИТОРИЈАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА |

### А. ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО

Оддел

01. Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив

02. Шумарство и искористување на шуми

03. Рибарство и аквакултура

## Групи

01.1. Одгледување на едногодишни насади и посеви

01.2. Одгледување на повеќегодишни насади и посеви

01.3. Одгледување на саден материјал

01.4. Одгледување на животни

01.5. Мешовито фармерство

01.6. Помошни дејности во земјоделството и дејности кои се извршуваат после собраните посеви

01.7. Лов, траперство и соодветни услужни дејности

## Класи и поткласи

01.11. Одгледување на жита (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајно семе

01.12. Одгледување на ориз

01.13. Одгледување на зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупкаст зеленчук

01.14. Одгледување на шеќерна трска

01.15. Одгледување на тутун

01.16. Одгледување на растенија за предиво

01.19. Одгледување на останати едногодишни насади и посеви

01.21. Одгледување на грозје

01.22. Одгледување на тропско и суптропско овошје

01.23. Одгледување на агруми

01.24. Одгледување на јаболчесто и коскесто овошје

01.25. Одгледување на јагодесто, јаткасто и друго овошје

01.26. Одгледување на маслодајни плодови

01.27. Одгледување на растенија за производство на пијалаци

01.28. Одгледување на зачински, ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата

01.30. Одгледување на саден материјал

01.41. Одгледување на молзни крави

01.42. Одгледување на други говеда и биволи

01.43. Одгледување на коњи и останати сродни животни

01.44. Одгледување на камили и лами

01.45. Одгледување на овци и кози

01.46. Одгледување на свињи

01.47. Одгледување на живина

01.49. Одгледување на други животни

01.50. Мешовито фармерство

01.61. Помошни дејности за одгледување на посеви

01.62. Помошни дејности за одгледување на животни

01.63. Дејности кои се извршуваат после собраните посеви

01.64. Доработка на семе

01.70. Лов, траперство и соодветни услужни дејности

## В. ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

Оддел

10. Производство на прехранбени производи
11. Производство на пијалаци
12. Производство на тутунски производи
13. Производство на текстил
14. Производство на облека
15. Производство на кожа и слични производи од кожа
16. Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал
17. Производство на хартија и производи од хартија
18. Печатење и репродукција на снимени медиуми (записи)
19. Производство на кокс и рафинирани нафтени производи
20. Производство на хемикалии и хемиски производи
21. Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати
22. Производство на производи од гума и производи од пластични маси
23. Производство на други неметални минерални производи
24. Производство на метали
25. Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
26. Производство на компјутерски, електронски и оптички производи
27. Производство на електрична опрема
28. Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место
29. Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
30. Производство на останата опрема за транспорт
31. Производство на мебел
32. Останата производствена индустрија
33. Поправка и инсталирање на машини и опрема

## Групи 11. Производство на пијалаци

11.01. Дестилирање, прочистување и мешање на алкохолни пијалаци

11.02. Производство на вино од грозје

11.03. Производство на јаболковина и вина од друго овошје

11.04. Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци

11.05. Производство на пиво

11.06. Производство на слад

11.07. Производство на освежителни пијалаци; производство на минерална вода и друга флаширана вода

## ПРИЛОГ 3. Компаративна анализа на финансискиот резултат во лозарството и винарството

Табела 46. Компаративна анализа на финансискиот резултат во лозарството и винарството (000 денари)

| 2022 година | Вкупни приходи | Вкупни расходи | Вкупен број на вработени | Бруто добивка | Вкупен приход по вработен | Бруто добивка по вработен |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сите сектори во РСМ | 2 308 087 338 | 2 173 865 205 | 442 748 | 134 222 133 | 5 213 | 303 |
| Сектор:А.ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 25 440 122 | 24 861 108 | 11 251 | 579 014 | 2 261 | 51 |
| Сектор:В. ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 551 162 625 | 526 060 826 | 115 440 | 25 101 799 | 4 774 | 217 |
| Класи и поткласи:01.21. Одгледување на грозје | 1 332 327 | 1 450 317 | 805 | -117 989 | 1 655 | -147 |
| Класи и поткласи:11.02. Производство на вино од грозје | 5 833 911 | 5 564 828 | 895 | 269 082 | 6 518 | 301 |

| **2021 година** | **Вкупни приходи** | **Вкупни расходи** | **Вкупен број на вработени** | **Бруто добивка** | **Вкупен приход по вработен** | **Бруто добивка по вработен** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сите сектори во РСМ | 1 801 816 811 | 1 685 582 431 | 441 665 | 116 234 380 | 4 080 | 263 |
| Сектор:А.ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 21 171 579 | 20 718 567 | 11 488 | 453 012 | 1 843 | 39 |
| Сектор:В. ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 452 966 514 | 426 904 542 | 114 140 | 26 061 972 | 3 969 | 228 |
| Класи и поткласи:01.21. Одгледување на грозје | 1 447 641 | 1 499 263 | 1 012 | -51 622 | 1 430 | -51 |
| Класи и поткласи:11.02. Производство на вино од грозје | 5 159 343 | 5 301 971 | 1 003 | -142 627 | 5 144 | -142 |

| **2020 година** | **Вкупни приходи** | **Вкупни расходи** | **Вкупен број на вработени** | **Бруто добивка** | **Вкупен приход по вработен** | **Бруто добивка по вработен** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сите сектори во РСМ | 1 507 735 230 | 1 407 835 795 | 444 475 | 99 899 435 | 3 392 | 225 |
| Сектор:А.ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 19 618 481 | 19 400 260 | 11 948 | 218 221 | 1 642 | 18 |
| Сектор:В. ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 387 388 338 | 367 041 913 | 115 972 | 20 346 425 | 3 340 | 175 |
| Класи и поткласи:01.21. Одгледување на грозје | 1 441 279 | 1 493 695 | 1 062 | -52 417 | 1 357 | -49 |
| Класи и поткласи:11.02. Производство на вино од грозје | 4 700 109 | 4 601 317 | 1 079 | 98 792 | 4 356 | 92 |

